РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филозофски факултет-Скопје
Институт за безбедност, одбрана и мир

# Влијанието на американските нафтени компании во постигнувањето на енергетската безбедност низ призмата на Првата и Втората заливска војна

-МАГИСТЕРСКИ ТРУД-

Кандидат:
**Зоран Ангеловски**

Ментор:
**проф. д-р Тони Милески**

Скопје, 2017

**Апстракт**

Во магистерскиот труд ќе бидат изведени пошироки рамки каде што ќе биде елаборирана геополитиката на Соединетите Американски Држави, но и посебната постава на геополитичката подреденост на светот, во чија основа се наоѓаат ресурсите, со посебен аспект на најглавниот меѓу нив, нафтата. Содржински, трудот ќе биде доста богат и општ, кон посебен, сè со цел потенцирање на потребата и нужноста од кроење на засебни политики во контекст на подрачјата богати со „црно злато“, нешто што е од суштинска функционалност на американскиот империјализам. Во длабок соодност со насловот на овој труд, постои посебна оправданост во широкиот пристап, токму поради релативизирањето на светската геополитика и наука, кога конкретно се зборува за совпаѓањето на државните интереси кон „туѓи“ ресурси, како што е случајот на САД и проблемите во Персискиот Залив, нешто што има два аспекти: вовед на демократија и одвод на нафта. Целта на овој магистерски труд е да се докаже токму второто, во отсуство на аргументи на првото.

**Клучни зборови**: империјализам, демократија, нафта

**Abstract**

This thesis will include a larger scale where geopolitics of the United States will be elaborate, but also with the special lineup of geopolitical subordination of the world, on the basis of the resources that are located in a special issue, of the major among them – the oil. Content of the paper will be quite extensive and general, in order to emphasize the need and necessity of cutting out the individual policies in the context of the areas rich in "black gold" - something that is in essential functionality of the American imperialism. In deep relation with the title of this paper, there are no special justifications for the broad scientific approach, precisely because of dissolution of the world geopolitics and science when specifically talking about the coincidence of national interests to the "foreign" resources, such as in the US and the problems with the Persian Gulf - something that has two aspects: the introduction of democracy, and drainage of the oil. The purpose of this master thesis is to prove precisely the latter, in the absence of arguments for the first.



**Key words**: imperialism, democracy, oil

**Содржина:**

1. **Вовед** .................................................................................................. 5 стр.
2. **Формулација на проблемот на истражување**.................. 6 стр.
3. **Предмет на истражување**........................................................ 7 стр.
4. **Цели и задачи на истражување**............................................. 8 стр.
4.1. Научна цел.............................................................................................. 8 стр.
4.2. Практична цел..................................................................................... 8 стр.
4.3. Задачи на истражувањето.......................................................... 8 стр.
5. **Хипотетичка рамка**.......................................................................... 9 стр.
5.1. Главна хипотеза.................................................................................. 9 стр.
5.2. Посебни хипотези............................................................................... 9 стр.
6. **Применети постапки и техники во метод на истражувањето**......................................................................................... 10 стр.
7. **Значење и оправданост на трудот**......................................... 11 стр.
8. **Простор, време на истражување** .......................................... 11 стр.
9. **Теоретска операционализација на клучните поими** .... 11 стр.
I Глава . **Светска геополитика на ресурси**................................ 12 стр.
1.1. Економска моќ во геополитиката..................................................12 стр.
1.2. Економската неурамнотеженост...................................................14 стр.
1.3. Економска војна и влијанија.........................................................16 стр.
1.4. **Геополитика на ресурси**..................................................................20 стр.
1.4.1. Општо за ресурсите............................................................ 20 стр.
1.5. Нафта и нафтениот зенит.......................................................... 22 стр.
1.6. Човечки ресурси............................................................................... 30 стр.
1.7. Останати ресурси ........................................................................... 36 стр.
II Глава . **Геополитика на Персискиот Залив**.......................... 38 стр.
2.1. Комплексноста на Персисискиот Залив...............................38 стр.
2.2. Географски и културолошки карактериситики на Персискиот Залив .....................................................................................................40 стр.
2.3. Идеолошки разлики и милитаризација на Персиски Залив..44 стр.
2.4. Влијанието на САД во Персискиот Залив..............................55 стр.
III Глава . **Американската геополитика и ресурсите**............. 61 стр.
3.1 Општи појдовни точки на ресурсниот империјализам....... 61 стр.
3.2. Енергетска безбедност како дел од општа безбедност...... 62 стр.

3.3. Енергетската безбедност на САД........................................ 63 стр.

3.4. Капацитетите на нафта во Ирак.......................................... 64 стр.

3.5. Историски преглед на стопанисување на ирачките нафтени полиња од страна на западните нафтени гиганти ................................. 69 стр.

3.6. Концесија на ирачката нафта од 1958-1972год............................70 стр.

3.7. Геополитичка улога на нафтата................................................ 73 стр.

3.8. **Геополитика на Заливската војна**................................. 74 стр.

3.8.1. Причини за Првата заливска војна.......................................... 74 стр.

3.9. Проект за ново Американско Столетие................................. 78 стр.

3.11. Општо за нафтените компании............................................... 82 стр.

3.12. Поврзаност на енергетскиот план на Буш со воениот план. 84 стр.

3.13. Персиски Залив......................................................................... 85 стр.

3.14. По втората заливска војна...................................................... 89 стр.

3.15. Нова стратегија на САД ........................................................ 90 стр.

IV Глава . **Нов развој во енергетската безбедност и политика на САД** ............................................................................................ 93 стр.

4.1 Основни карактеристики........................................................ 93 стр.

4. 2 Профитотот на американските нафтени компании по Првата и Втората заливска војна........................................................................ 96 стр.

4.3 Трендови во Енергетската безбедност на САД....................... 104 стр.

**ЗАКЛУЧОК**........................................................................................ 107 стр.

БИБЛИОГРАФИЈА ............................................................................ 116 стр.

**Вовед**

Проблемите во Персискиот Залив и решенијата на САД се најчесто полемизираната тема во светот на геополитиката. Често се потенцира „нафтениот магнет“ како сила којашто ги привлекува Американците, иако науката конкретизира дека сепак потребата од „светскиот мир“ е она што го прави најсилната држава во поглед на воено-политичката структура во светот.

Не е тешко да се одреди која е главната карактеристика на проблематичниот регион. Тоа секако е нафтерниот ресурс, што претставува клучна состојка во модерната геополитичка и геоекономска состојба на светот, воопшто. Се разбира, технологијата и економијата се конкретни и концизни дека светот сè уште зависи од „црното злато“. Со тоа, се потенцира големата важност на ресурсот, кој можеби не е ексклузивитет на само овој регион, меѓутоа претставува силна точка на привлекување на надворешни фактори, токму поради неговата дополнителна нестабилност.

Регион кој историски претставува „црна точка“ на светот, преплетен со империјалистички карактеристики и разни системи на владеење, и ден-денес не може да се пофали со напредок и смиреност. Наспроти тоа, сè уште се дефинира како регион богат со нафта, скршен мир и со недемократски услови.

Главно, во два наврати, се случуваат епизодите на одмерување на силите меѓу Американците и „недемократите“ од Заливот. Двете заливски војни како што ги заведуваат светските стручњаци воопшто немаа ефект, ниту по мирот, ниту по стабилноста на регионот. Во вториот наврат, можеби беше отфрлен режимот на Садам Хусеин, меѓутоа тоа придонесе за уште поголем хаос – креацијата на новата недемократска моќ, пресликана во ИСИЛ. Но, дефиницијата за тенката линија меѓу побарувачката за мир и побарувачката за нафта сè уште е актуелна.

Во овој магистерски труд, токму тоа е поентата, да се постават критериумите и аспектите на вклученоста на моќта на САД во трката по „црно злато“ преку параванот на вовед на демократија. Посебен акцент е ставен на вклученоста на американската администрација и нафтените компании во целиот тој склоп на интереси, но на крајот поентата е единствена. Интересот на

големите нафтени гиганти е одбранет и ефектуизиран од државничката моќ на Соединетите Американски Држави.

Во магистерскиот труд, е претставен широк пристап кон конкретизирање на целта – докажување дека американската политика е директна одлика на американското општество и дека потребата од вредностите на „црното злато" се императив во градењето на империјалистичката политика на светскиот лидер, САД.

## 2. Формулација на проблемот на истражување

Денес живееме во свет којшто се карактеризира со динамика на глобални политички и економски процеси, исцрпување на основните животни ресурси и деградација на животната средина. Во тој контекст, енергијата станува сè поекспониран проблем на современата цивилизација. Обезбедувањето на континуиран пристап до соодветни количини енергенси станува проблем и за најголемите светски економии. Долгорочно, стравот од исцрпување на ресурсите претставува проблем со кој се соочува човештвото веќе подолг временски период.

Современите геополитички трендови, во последен период олицетворени преку економската инструментализација на геополитиката, односно геоекономијата се во насока на зацврстување на позициите по однос на контролата на светските ресурси. Настаните во Персискиот залив, Првата и Втората заливска војна во многу свои карактеристики добиваат епитет на конфликти за нафтениот ресурс. Ирак како држава со значителни резерви на нафта отсекогаш претставувала географски простор, богата во сферата на интересите на големите сили.

Од посебно значење при формулирањето на проблемот на истражувањето претставува анализата на влијанието на западните нафтени приватни компании Тексако, Гулф, Шеврон, Мобил, Ексон, БП, Шел (Texaco, Gulf, Chevron, Mobil, Exxon, BP, Shell) во креирање на надворешната политика на САД. Притоа се наметнуваат неколку интересни прашања како што се улогата и инволвираноста на тие компании во креирањето на надворешната политика на САД преку промовирање на сопствените интереси во американската администрација. Начинот на кој тие интереси се пласираат преку највисоките државни функционери и конкретните акции што се преземаат на терен.

Интересна е политичката ориентација на САД од почетокот на 70-те години од минатиот век, од ерата на поранешниот претседател на САД, Ричард Никсон кој по настаните во Израел (нападот на Сирија и Египет на Јом Кипур) кога арапскиот свет покренал ембарго на извозот на нафтениот ресурс кон западните сили. Тој настан бил иницијална каписла за промовирање на идејата за „енергетска независност", односно целокупните потреби од нафта САД да ги прозведуваат на сопствената територија. Оваа политичка мисија била со

мошне краток рок затоа што се покажало дека полесно е да се испрати човек на Месечината отколку да се постигне концептот на „енергетска независност". Оттогаш, САД презема сериозни чекори (неретко и воени интервенции) за запоседнување и контрола на главните извори на овој фосилен енергенс.

Во високите кругови ќе стане многу јасно, дека контролата врз овој ресурс доведувала до многу добиени битки низ историјата или изгубени со одземање од страна на непријателот. Ирак и земјите од Средниот Исток, уште нарекувани и земји од Персискиот Залив поседуваат 2/3 од вкупните светски резерви на нафта кои имаа најисплатлива цена за експлоатација. Ниската цена на експлоатација ќе доведе до остварување на огромни профити на овие приватни нафтени гиганти, како и можност за манипулација со цената на нафтените деривати. Приходите од петро-доларите ќе бидат реинвестирани како кредити за „помош" на други земји со кои ќе се зацврсти нивната зависност или во нови техничко-технолошки иновации во западните земји кои ќе бидат значајни за зачувување на нивните водечки позиции.

Сето ова ќе придонесе во националната политика на САД да се промовираат и интересите на приватните нафтените корпорации, под мотото „она што е добро за нафтените компании, добро е и за Америка".

## 3. Предмет на истражување

Предметот на овој магистерски труд е да се идентификува линкот меѓу нафтените компании, американската надворешна политика и воените интервенции во Персискиот Залив.

Благодарение на високата економска, воена и техничко-технолошка развиеност, САД ќе се промовираат во единствена глобална сила, која по распадот на биполарниот светски поредок ќе тргне во креирање на новиот светски поредок. Притоа практичната политичка и воена акција ќе биде Првата заливска војна од 1991 година, предводени од претседателот на САД, Џорџ Буш Постариот и тоа како одговор на Ирачката инвазија врз Кувајт, земја која ги поматува сметките на Садам Хусеин, поради зголемување на производството на нафта а со тоа и се намалува цената на нафтата. Битката за кратко време ја добива коалицијата предводена од САД и тоа со безусловно повлекување на ирачките сили од територијата на Кувајт.

Во 2003 година, Ирак е повторно мета на воена интервенција предводена од САД, на чело со Џорџ Буш Помладиот, инаку син на предводникот во Првата заливска војна. Овој пат режимот на Садам Хусеин, окарактеризиран како диктаторски, е обвинет за поддржување на тероризам и поседување на оружје за масовно уништување. Колицијата тргнува во демократизација и елиминирање на оружјето за масовно уништување, за кое подоцна во јавноста протекуваат информации и дека воопшто не постоело, дека

информациите се лажирани, за Ирак и за да се најдат неговите нафтени ресурси повторно под окупација на САД и нивните сојузници.

Овие интервенции всушност ќе претставуваат обезбедување на контрола врз нафтеното богатство на Ирак, а потоа во рацете на нафтените гиганти ќе претставуваат мирно оружје за водење на тивки војни. Тоа ќе се манифестира преку остварување влијание во националната политика, на САД, во која ќе се застапуваат и интересите на приватните компании од нафтениот сектор, чиишто профити ќе се реинвестираат во нови развојни проекти.

## 4. Цели и задачи на истражување

Главна цел на овој труд е да се даде објаснување на одредени политички постапки и преземени воени акции низ призмата на поврзаноста помеѓу интересите на нафтените компании, американската администрација и контролата на светските нафтени ресурси.

### 4.1. Научна цел

Преку научната цел, на ова истражување се врши дискрипција и објаснување на проблемите и безбедносните импликации што произлегуваат од потребите за нафтениот ресурс, значаен за одржување на комфорниот живот и индустрискиот развој.

### 4.2. Практична цел

Практична цел на ова истражување е да ни овозможи податоци низ кои ќе можеме реално да ги согледаме и утврдиме врските меѓу одредени конфликти и профитите на одредени приватни мултинационални корпорации, во конкретниот случај нафтените гиганти на САД, како и на нивните сестрински компании и нивните сојузници во западните земји.

### 4.3. Задачи на ова истражување

Задачите кои се поставуваат во ова истражување ќе треба да помогнат во утврдување на причините за појава на одредени конфликти во Персискиот Залив, во конкретниот случај ќе се елаборираат причините за двете Заливски војни водени меѓу САД и сојузниците, против Ирак и тоталитарниот режим на Садам Хусеин.

- Со краток осврт да се согледаат историските аспекти и еволуција на односите помеѓу државите кои се предмет на обработка.

- Да се утврди постоење на интересите на одредени поединци или моќни компании кои влијаат врз креирање на глобалната политика.

- Да се согледа поврзаноста на највисоките државни авторитети на САД, со приватните нафтени гиганти и нивното влијание во креирање на националната политика на САД.

- Да се утврди можноста на меѓународната заедница да се справи со ваквиот начин на профит и причините за појава на конфликти во земји богати со овој ресурс. Сето тоа преку научни докажувања за обновливоста на овој ресурс и побивање на тезата дека е во ограничени количини, како и опасноста од негов недостиг.

- Да се запознаеме со веќе објавените трудови од меѓународната научна јавност во областа на оваа проблематика.

## 5. **Хипотетичка рамка**

Во хипотетичката рамка се презентирани хипотезите како основни мисловни претпоставки за предметот на истражување адекватни за целите на истражување.

### 5.1. Главна хипотеза

Интересите на американските нафтени компании во Првата и Втората заливска војна влијаат на остварувањето на концептот за енергетска безбедност.

### 5.2. Посебни хипотези

- Првата и Втората заливска војна претставуваат стратегиски водени воени интервенции за остварување контрола над нафтените ресурси во Персискиот Залив.
- Заливските војни придонесоа за остварување на стратегискиот концепт на енергетска безбедност на САД.
- Американската администрација водена од интересите на нафтените компании во Првата заливска војна го започнува процесот за геополитичко рекомпонирање на политичката карта.
- Влијанието на нафтените гиганти во САД, за наметнување политика за контрола над нафтениот ресурс и понатаму ќе остане значаен фактор во креирање на светските геополитички трендови, а со тоа нафтените корпорации ќе ја играат главната улога за глобалната безбедносна состојба.

Варијабли

Независни: профитот на нафтените компании во САД пред и по отпочнувањето на Заливските војни, создавање на нов геополитички поредок,

новиот стратегиски концепт на САД по распадот на биполарниот светски поредок, Американската администрација со нивните претставници.

Зависна варијабла: енергетската безбедност на САД.

## 6. Применети постапки и техники во метод на истржување

Истражувања во врска со веќе посочената главна хипотеза досега не се направени, односно не е направена директна релација на интересите на американските нафтени компании, во прва дистанца во американската администрација, а потоа и преку воените интервенции во Персискиот Залив. Сознанијата при истражувањето се очекуваат да дадат научен придонес кон расветлувањето на поставениот проблем на проучување во овој магистерски труд.

Ќе се применат теоретски и делумно емпириски методолошки постапки, како што тоа го налага предметот на истражувањето, поставените цели и хипотезите. Поголемиот дел од истражувањето се темели врз анализа на содржините на стратегиските документи за добивање потребни податоци и стекнување научни сознанија. Во истражувањето се применува индуктивен метод, а во изведувањето на заклучоците за влијанието врз енергетската безбедност на САД со идентификување на фактичката состојба на полето на контролата на ресурсите, пристапноста, производството, безбедноста на инфраструктурата и стабилноста на цената на нафтата.

Најмногу застапени постапки за истражувањето се во рамки на општата научна метода, односно статистички и компаративни методи.

Од користените техники најмногу е застапена компаративната, квалитативната и квантитативната анализа на стратегиските документи и планови (национални стратегии, акциски планови), во пишана форма со цел да се дојде до потребните податоци. Сите овие техники ќе ни помогнат да дознаеме како влијае интересот на американските нафтени компании во процесот на постигнување на енергетската безбедност во периодот на изведувањето на воените интервенции во Персискиот Залив.

Преку следењето и проучувањето на одредени варијабили и нивно логичко поврзување може да се извлече заклучок за поврзаноста на конфликтите во регионот на Персискиот Залив со желбата за превласт, контрола и експлоатација на нафтениот ресурс кој е во изобилие во овој регион. Од друга страна, пак, ниската цена за експлоатација претставува сè уште „сладок колач“ за САД и приватните нафтени гиганти кои остваруваат огромни профити со што ја стеснуваат врската меѓу сопствените интереси и државната политика за остварување на концептот за енергетска безбедност.

## 7. Значење и оправданост на трудот

Ова истражување има цел да се подигне јавната свест кај луѓето, поедноставно да ја разберат политиката на државите кои претставуваат големи центри на моќ. Промовирајќи нов светски поредок, под превезот на демократија, слободата на пазарот, човековите права и слободи и борбата против тероризам, сепак имаат свои скриени интереси и тоа претежно во рамките на геополитиката, геоекономијата и геостратегијата преку контрола на еден значаен ресурс како што е нафтата.

## 8. Простор, време и кадри за истражување

Потребното време за истражување е седум месеци, активности и пишување на анализа од истражување на овој магистерски труд.

- Прва фаза – За собирање на материјал потребни се два месеци.
- Втора фаза – Спроведување на истражувањето кое укажува на тесната поврзност на политичката администрација на САД со приватните нафтени гиганти, како и за истражувањете кое укажува на манипулација со цената на нафтата, пред и по Заливски војни, потребни се три месеци.
- Трета фаза – Утврдување и систематска оправданост на податоците како и пишување на трудот за два месеци.

Реализацијата на истражувачкиот проект е спроведена во работни простории, канцеларии, библиотека и читални. Користени се технички средства (компјутер), средства за комуникација и врски (телефонска врска и интернет), средства за транспорт-возило за теренско истражување.

## 9. Теоретска операционализација на клучни поими

• ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ–Всушност претставува достапност до енергетските ресурси, во доволна количина и по прифатливи цени. За САД, земја во која живеат 5% од светската популација а потрошувачката за нафтениот енергенс изнесува 25% од вкупната светска потрошувачка, претставува клучен елемент за фукционирање на ова високо развиено општество.

• Геополитика–Претставува политичка вештина која го проучува делувањето во одреден географски простор имајќи го предвид природното богатство и физичкото опкружување. Геополитиката игра значајна улога во моделирање на светскиот простор во кој државите се борат за остварување на сопствените интереси.

• Геоекономија–Претставува мултидисциплинарна научна дисциплина која го проучува економскиот развој и меѓусебното поврзување на земјите.

• Прва заливска војна–Војна водена меѓу Ирак и колиција од 30 држави предводени од САД, која се спротиставува на Ирачката инвазија, предводена од Садам Хусеин врз Кувајт. Изведена е на 2 август 1990 година и ги окупира нафтените извори на оваа земја.

• Втора заливска војна–Започнува на 20 март 2003 година, кога колицијата предводена од САД ќе изврши воена интервенција врз Ирак. Како причина пред меѓународната јавност се наведува поседување и развивање на оружје за масовно уништување од страна на Садам Хусеин, диктаторскиот лидер на Ирачката држава, кој по терористичките напади во САД на 11 септември 2001година е окарактеризиран како дел од „осовината на злото" кој го поддржува тероризмот.

• Нафтен ресурс–Масловидна течност која се наоѓа во внатрешноста на земјата и која во најголема мера се користи како енергенс и гориво.

• Нафтени компании–Дел од индустриска гранка во која се опфатени нафтата и гасот, нивното истржување, рефинирање и доставување до крајните потрошувачи.

• Американска администрација–Водечка политичка гарнитура на Соединетите Американски Држави, која има важна улога во креирање на националната политика.

• Влијание–Дејствување што го врши некој (нешто) врз некого или врз нешто, моќ на дејствување врз некого или нешто.

• Фактори–чинители, движечка сила, одлучувачка сила или појава.

## <u>I Глава</u> Светска геополитика на ресурси

### 1.1. Економска моќ во геополитиката

Како основен мотив за пишување на овој труд, претставува моја лична желба да се разоткрие превезот на „демократија", да се подигне свеста кај поширокага јавност во согледување на скриените намери при креирање на надворешната политика на големите центри на моќ како и влијанието на приватните корпорациските гиганти во креирање на геополитиката и на најмоќната светска сила.

Главната геополитичка реалност е составена од два дела: геополитички проблеми, а следствено на геополитичките проблеми се геополитичките процеси. Како движечка сила која пребира низ проблемите и ја манифестира својата способност за решавање на едни, меѓутоа создавањето на други

проблеми и домино геополитички ефект, се јавува геополитичкиот ентитет кој може да се пофали со голема економска моќ и развиеност. Низ историјата, економските моќни држави во потрагата кон што поголема економска моќ, а следствено на тоа и геополитичка моќ, создавале политички проблеми и во услови кога немало предиспозиции за такво нешто. Со текот на годините се менуваат и условите и критериумите, меѓутоа, економската моќ и развиеноста на економијата на општеството се сè уште клучни фактори кон остварувањето на геополитичките идеи и стратегии.

За одржување на економската моќ, потребно е политичко дејствување и создавање на геополитичко влијание врз субјект кој бил на пониска стапка на економска развиеност и политички кредибилитет. Таквиот синџир е основниот покровител на денешните геополитички процеси, наспроти проблемите, кои различно се третираат според зададените критериуми.

Слично како во биосферата, каде што кралот на животните е најагресивниот предатор, така и во геополитиката, неколку земји кои се истакнуваат со економска моќ и уште поголеми економски потреби за задржување на економската и политичката стабилност и моќност, се на некој начин, принудени да вршат акции и манипулации кон пониските хиерархиски слоеви.

Токму заради таквата потреба од влијанија, светот се стреми да биде со голема економска и политичка амплитуда. Да постојат неколку земји кои ќе го имаат најголемиот дел од богатството, а со тоа и стабилноста и способноста да го зачуваат и зголемат таквото богатство, наспроти земји кои го сочинуваат поголемиот број, но се наоѓаат во ситуација да бидат подредени и економски и политички, егзистирајќи само за да обезбедуваат иднина на големите земји, во случај да има потреба од конкретен ресурс и потреба од создавање на политичка ситуација.

Таквата распределба на економска моќ ја има и во општествата, во вечната битка на класните разлики (капитализам – комунизам, што беше изразена и на глобално ниво, меѓу држави и сојузи).

Во време на водење на специјални војни од кои најпопуларна е економската војна, економската моќ е најсилното оружје за владеење над „непријателот“.

## 1.2. Економската неурамнотеженост

Амплитудата во економската развиеност меѓу одделни земји и економски и политички блокови станува толку голема, што прераснува во посебен политички фактор и истовремено опсежен политички процес. Економската неурамнотеженост која константно се продлабочува во светски рамки е една од простите и главни причини за општата геополитичка нестабилност и генералната политичка поставеност и влијание.[1]

Општо гледано, државите, слично како и општествата во нив, се поделени во две економски категории: економски влијателни држави и држави кои се економски и политички подредени на економските земји џинови. Смислата на таквата хиерархија е зголемување на ефектот и влијанието кои го зграбиле земјите кои се наоѓаат во богатата, сепак променлива категорија. Историјата нуди широк дијапазон на примери на таквата светска хиерархија и вечната битка на економските поданици на тогашните, а сепак и на денешните колонизатори.[2]

Позицијата на сиромашните земји во светот е практично статична, нивната економска и политичка иднина е предвидлива, како и нивните перспективи. Според повеќето показатели и параметри, најчесто се работи за земји кои биле во центарот на политичките влијанија во минатото, и поради нивната крајна политичка инфериорност, загубиле секакво политичко влијание, а со тоа го осигурале својот пат кон долниот дел на политичката и економската пирамида. Другиот дел го сочинуваат земјите богати со ресурси, колонизирани пред неколку векови од тогашните моќни колонизаторски империи, кои со нивното фашистичко и расипничко однесување ги уназадиле во голема мера државите, кои сè уште се борат со неоколонијализмот. Земјите кои се економски подредени, најчесто се политички полтрони на неколкуте земји кои ја имаат апсолутната власт.

Државите, пак, кои ја имаат врвната пол-позиција на економската и следствено на тоа, и политичката моќ и влијание, со сите можни агенси на политиката се обидуваат да ги задржат подредените држави таму каде што најдобро им служат. Постојат повеќе средства кои им ги оправдуваат целите на

[1] Китевски, Г. (2012): Географски аспекти на геополитичките проблеми и процеси на XX и XXI век, магистерски труд, Институт за географија, Природно-математички факултет, стр. 78
[2] Ibid, стр. 78

богатите држави да ги држат во стабилна сиромаштија земјите од кои, практично, живеат.[3]

Темата на економската амплитуда на светските економии се базира на општиот интерес на главните геополитички играчи за зголемување на своето влијание врз што повеќе подредени земји.

Таквата подреденост и амплитударност е добра основа за создавање на понатамошни геополитички појави и процеси.

Покрај хуманистичкиот хоризонт кој има само мала примена во големите геополитички планови и стратегии, ареалите кои се одликуваат со толкава сиромаштија и подреденост постануваат интересна сфера на влијанија во рокот на кршењето на актуелниот политички поредок на чиј трон се наоѓаат Соединетите Американски Држави. Африка, на пример, според денешните принципи и показатели, уште долго време ќе се бори со сиромаштијата и болестите, иако се создава една голема популациона маса која може да генерира силен економски и пред сè, политички глобализационен бран. Меѓутоа, во актуелната економска неурамнотеженост, демогеографската позадина на Африка, одново ќе биде главниот интерес на големите тенденциозни сили во нивната нескриена намера за експанзионизам и неоколонијализам.

Голем дел од земјите кои се во долната категорија на економска сила, имаат уште неколку аспекти кои им ги продлабочуваат економските проблеми. Најчесто, таквите држави добиваат големи кредити од светската банка и меѓународниот монетарен фонд, додека ги вложуваат или искористуваат во проекти, кои најчесто не им продуцираат нови добивки, при што не се способни да ги вратат позајмените пари на кои има сè повисоки камати. Поради неможноста да се вратат заемите, големите економски сили ги принудуваат таквите земји на уште поголеми заеми, за да бидат вратени старите. Во меѓувреме, додека трае изнудениот „грејс“ период, земја од висока економска ложа може да добие од задолжената земја секаков вид услуга, како на пример: изградба на мултинационална компанија на територија на сиромашната земја без даноци; или пак, каков што е случајот со нашата Република, учество во битки за туѓи интереси во НАТО мисиите и слично.

[3] Мијалов, Р. (1998): Географија на Азија, АМК Макдизајн, стр. 44

Таквата подреденост тешко дека некогаш ќе може да се промени. Секој обид за промена на економски и геополитички план на конкретна земја со посебени реформаторски наклонетости, ќе биде спречен преку брановите на специјалната (економска војна) и/или ќе биде оценета како недемократска и ќе подлежи на разни санкции од светските силни геополитички играчи. Едноставно, економскиот поредок кој се одржува со милениуми, нема интерес да се откаже од природните и општествените ресурси кои стојат на располагање сè додека се држат во сиромаштија и никаква можност за промена и прогрес.[4]

Најважна работа која мора да се заклучи кога се разговара за економската неурамнотеженост на светот е можноста на големите капиталистички земји да располагаат (во секаква смисла) со земјите од таканаречениот „трет свет".

## 1.3. Економска војна и влијанија

Секоја стандардна војна е и економска војна. Меѓутоа, модерната доба со своите афинитети и карактеристики ги припреми терените за нов начин на модерно, практично и ефикасно војување, сосема буквално на изразот, економска војна и војување, односно дел од специјалното војување.

Стандардните војни и конфликти со човечки жртви и користење на најразлична воена технологија, се чини, ќе бидат само темно минато, како и антологиско сеќавање на старите воени времиња, во некоја демократска кампања на некои од големите демократски сили во некои од бунтовничките земји кои продуцираат тероризам и/или се богати со нафта и останати ресурси. Меѓутоа, ефикасниот начин на уништување на противникот, изгледа сосема хуманистички и суптилен, иако во долгорочните гледишта, војната го менува обликот, но не и крајниот исход, секогаш ист или сличен за човекот и човечките загуби, кои на крајот се сведуваат само на статистика.[5]

Со економската војна, најчеста цел е мешање во државничките работи во земјите во кои треба да се интервенира. Всушност, сосема „чисто", еден фактор може да влијае на држава за да ја промени својата политика, преку некакви економски интервенции од најразличен тип.

---

[4] Мијалов, Р: (1998), стр. 46
[5] Китевски, Г. (2012), стр. 98

Економски кон некоја земја се влијае и на повеќе начини со повеќе агенси кои имаат цел да ја уништат економијата во земјата која треба да биде политички казнета. Во интерес на економското војување, работат неколку агенси и процеси.

Најпрво е економското политичко влијание. Добро познатите економски санкции и ембарга, практикувани од земји кои ја имаат моќта да раководат со светската политика, најчесто поставувајќи економски забрани на држави и општества кои покажуваат некој вид на аберација од пропишаните светски и евро-атлантски начела и норми на однесување, или пак, како превентива и/или стопирање на актуелен воен конфликт, меѓународен спор или криза во која учествува земјата врз која ќе се влијае на економски, а преку тоа и политички план. Такви примери има повеќе низ историјата, најчести економски емабрга врз комунистичките земји од самопрогласените мировни организации во лицето на ООН и останатите.

Економската војна, односно ослабување/уништување на непријателот на економски план е доста ефективен начин. Доста долго разни автори и теоретичари пишуваат и шпекулираат за економската војна и економските облици на влијание. Па така, на платформата на глобализираниот свет и хомогеното општество, и секако геополитиката и економската целост, практично е и сосема изводливо и лесно, при евентуален интерес за политичко дејствување да се изврши економски напад на политички спротивставената држава (или сојуз). Водејќи се по таа агенда, се шпекулира и размислува околу кризата во 2008 година, која сепак, беше најавена како глобална, резултирајќи катастрофално за одредени светски економии. Сепак, прашање е колку таа криза беше „светска". Јасно е дека постоеше извесна селективност во банкротирањето на државните економии и нивното опоравување. Па затоа, сè уште ќе стои прашањето, дали економската криза во 2008 година беше глобален план за уништување на извесни економии и влади на кои требало да се влијае?

Една земја може да влијае на друга во вид на „економска војна" по принцип на лишување од неопходни ресурси и трговија. Таков беше случајот на руската закана за Украина од 2009 година. Имено, Украина со про-европската влада беше на патот кон евро-интегративните процеси, што на Русија не ѝ беше сосем во геополитичката агенда. Така, Русија претставувајќи го

енергетскиот монопол ја прекина испораката на природен гас за Украина, и преку тоа за цела Европа. Пораката беше јасна: доколку Украина почне евро-атлантска мисија, Украина и Европа ќе доживеат енергетска криза, токму поради руското запирање на еден основен енергенс. Од поновата историја, руско-украинската кратка економска војна е класичен пример за овој широк и опфатлив вид на специјално „војување". Иако, истото, во 2014 година, се ефектуираше и во класично жестоко војување.[6]

Инаку, историски гледано, самата Студена војна во најголем дел може да се смести во економска војна, односно војна за превласт (условно кажано, бидејќи комунизмот не е категорично економски систем) на економските системи (капитализмот и комунизмот). Разгледувајќи ја Студената војна хронолошки и содржајно, се забележуваат вистинските агенси на една економска војна:

- ☐ Пропаганда
- ☐ Ембарго
- ☐ Брејн дрејн (Brain drain)

Пропагандата пак, функционира со психолошко-пропаганден материјал кој се цели на населението ширум „сферата на интерес". Поради силните пропаганди, населението од комунистичките системи живеело во заблуда и еден вид на хипноза, дека во капиталистичките земји се живее мирно и лесно, уживајќи во благодетите наречени „Кока-Кола" и „Мекдоналдс". Покрај брендизмот, пропагандата се посветувала и на постојана критика на власта/системот кој е погоден од „економската војна", наспроти ситуациите во суперлатив прикажани за капиталистичкиот систем преку различен пропаганден материјал, најчесто во мас-медиумите.[7]

Брејн дрејн, или популарното „одлив на мозоци" е честа појава која се случува во посиромашните општества. Се работи за имиграција на истакнати личности кои се на високо интелектуално ниво. Таков пример е и одливот на интелектуалци од Источен кон Западен Берлин, процес кој Хрушчов се обидел

[6] Мијалов, Р., Китевски, Г. (2015): Социо-политички проблеми на Европа, „Модерни предизвици на Европа", Зборник на трудови, Институт за меѓународна политика, Белград, стр. 511
[7] Китевски, Г. (2012), стр. 92

да го спречи со преземање конкретни мерки. И претходно, итањето на сојузничките сили во Берлин по падот на Нацистичка Германија бил со една цел – собирање на еминентните научници да работат за победниците (САД или СССР).

И наједноставно, во една економска војна, која треба да заврши брзо и експресно, работат таканаречените „економски атентатори", односно инфилтрирање на човек во „непријателските територии" кој ќе развива корупција и ќе подмитува значајни политички фигури во земјата, кои сосема ќе ја сменат позицијата на државата. Софистициран начин на економски атентати е финансирањето на политички партии, лоби-групи и разни здруженија кои предизвикуваат поинаква политичка клима во просторот, кон патот на создавање на „марионетски" држави, што било политички тренд во војните низ минатите векови.[8]

Најактуелна ситуација која може да се постави под синдромот на економски војни и влијанија е економската и политичка сеизмичка активност на Европската Унија. Во период по големата економска криза од 2008 година и како најава на нова, уште поголема и економски разорна кризна сезона, Европската Унија има проблеми да го задржи својот непрактичен и одвај економски интегритет и геополитички кредибилитет. Економската криза која ги тресе неколку од стандардните членови на заедницата (Грција, Шпанија, Португалија, Италија, на кои им припаѓа и интересниот економски поим– PIGS) најавува неизвесна иднина и политички перипетии на европското тло. Европската Унија како значаен и латентен геополитички опонент на Соединетите Американски Држави се соочува со индиректна колизија на економски план, односно, Европската Унија еврозоната со нејзиниот најсилен претставник, Германија и главната глобализаторска агенда преточена во валутата евро.[9]

---

[8] Ibid

[9] Китевски, Г. (2012), стр. 99

# 1.4.Геополитика на ресурси

## 1.4.1.Општо за ресурсите

Како ресурс може да се смета секоја материјална или нематеријална вредност која општеството ја вреднува според различни критериуми и која може да ја употреби за задоволување на потребите на општеството. Притоа, се создаваат нови материи кои повторно, од различни аспекти, се третираат и валоризираат различно.[10]

Ресурсите може да се поделат на природни и општествени. Особено економијата и економските аспекти на општеството како доста значаен ресурс го валоризира самиот човек. Различното општествено уредување низ историјата, исто така, со различен критериум го вреднувала човекот како ресурс: од робовото општество, сè до денешниот капитализам, човекот е доста ценет и, всушност, баран ресурс.

Природните ресурси се сите обновливи и необновливи ресурси кои се наоѓаат во природата, а општеството ги искористува за свои потреби.

Обновливи или „живи" ресурси се сите оние кои ја имаат способноста да се обноват, доколку не се злоупотребат, ниту пак, се претера во нивното искористување. Тие имаат свој циклус на обнова, а доколку таквата стапка се пречекори, тој ресурс ќе почне да се смалува сè до неговото тотално исчезнување, токму поради неможност да се надополни исцрпеното од ресурсот.

Необновливи ресурси се материјалите најдени во природата кои се конечни и со нивната експлоатација, создаваат нова вредност, меѓутоа постепено ќе се изгубат. Токму тие се главните ресурси кон кои се врти денешната геополитика.

Сончевото зрачење, ветерот и приливот се карактеризираат како постојани ресурси кои не можат да бидат променети во нивното максимално искористување и создаваат извори на енергија.

Од сите ресурси, низ текот на XX век, најценета била нафтата и природниот гас. Развојот на општеството налага уште поголеми потреби од тие ресурси, кои сè уште се сметаат за необновливи, како и за ресурсите кои се обновливи, меѓутоа со денешното темпо (кое ќе наметне ново, побрзо темпо),

[10] Темјаноски, Р. (2011): Економска географија, УГД, Економски факултет – Штип, стр. 24

набрзо ќе станат еден вид на „конечни" ресурси. Во иднина се смета дека водата и просторот ќе бидат ресурсите за кои ќе биде „задолжена" геополитиката.

Просторот и водата би биле на заедничка побарувачка. Па дури и денес, на некои места, водата се смета за ценет ресурс. Се работи за огромни мегаломански агломерации како Њујорк, Мексико Сити, Сао Паоло и други, каде што водата веќе претставува комерцијален продукт, поради неможноста на продуцирање на свежа вода во секое домаќинство. Постојат неколку земји кои веќе купуваат свежа вода од останати земји кои на својата територија имаат повеќе од доволно количини. Од друга страна пак, постојат држави кои немаат проблеми со прекумерно големи агломерации, туку напротив, во голем дел се рурално организирани, а сепак немаат, или пак имаат сосема оскуден пристап до свежа вода, и најчесто од расположението на климата и временските состојби на местото. Како и да е, водата може да достигне статус на ресурс за кој би биле покренати и геополитички процеси од највисок ред (војни и агресии).

А иднината, комплексна и динамична, се поистоветува со економското минато кога е во прашање обичното општество и човечката цивилизација. Токму заради тоа, нафтата која одамна требаше да биде исфрлена од употреба, сè уште останува основен и незаменлив енергенс на денешното напредно општество. За разлика од тоа, пак, кога е во прашање геополитиката и воениот престиж, многу одамна човекот научил да ги скротува елементите кои можат да продуцираат енергија во енормни количини и би ги задоволиле светските потреби само од неколку атоми на ураниумот, на пример. Човекот сепак, најпрво се одлучил да направи нуклеарна бомба за да убие илјадници луѓе, па дури подоцна се стремел на таквите елементи да ги перципира како ресурси.

Можеби таквите „ресурси" како ураниумот, ториумот и слично, во (блиска) иднина ќе бидат најценетите ресурси, поради потребите на човекот, или пак, потребата дефинирана од апетитите за ново уништување.

### 1.5.Нафта и нафтениот зенит

Нафтата е течен или полутечен матерјал кој се наоѓа во одредени делови под земјината кора. Најчесто е од светлозелена до светлоцрна боја. Најчести состојки ѝ се јаглероводородите, но содржи и други ретки елементи. Бојата и густината зависат од хемискиот состав. Нафтата најчесто се наоѓа во

акумулации со земјениот гас чиј состав исто така го сочинуваат јаглероводороди.

Најстари трагови од нафта се пронајдени во градежни матерјали кои се користеле пред 6000 години. Индустриско производство е познато од 1859 година кога во Пенсилванија, САД е направено првото успешно дупчење каде што е добиена нафта на 21 метар во земјината кора.

Најпрвен нафтата е забележана како извира од земјината кора и се нарекувала потта на земјата или еликсер на животот. Во стариот Египет се користела за мумифицирање. Името се сретнува во стара Персија, *нафада* што значи испотено или навлажнето. Тоа е корен и на грчкиот збор *нафта*.

Главно, постојат две теории за нафта.

Поради одредени методи на економетрија со кои би се осигурале одредени предности во иднина потребни се стратегии. Во раните 50-ти години прашањата за цената на нафтата во блискоисточните земји како што се С. Арабија, Ирак биле приближно околу 400%-500% поевтини од производството кое се остварувлао на пазарот во САД. Американско-саудиска нафтена компанија АРАМКО производство на саудиска нафта чинело околу 0,20 долари а на пазарот е продавано за 1,75 долари. Поради ниската цена американските водечки нафтени компании кои остваруваа одредени права на исцрпување на нафтата во Блискиот Исток едноставно го преплавуваа американскиот пазар. На тој начин упропастуваат стотина американски мали, средни и независни нафтени компании. Големите американски и британски нафтени гиганти кои беа контролирани од одредени приватни моќници беа свесни дека постои можност на одредени нафтени корпорации кои не се контролирани од нивна страна или одредени национални нафтени корпорации можат да откријат некои нови нафтени полиња како што се Гавар во С.Арабија или Румалија во Ирак и со тоа да се изгуби нивната доминантна контрола над еден од најважните ресурси во тоа време. За да не се реализира сето тоа, одредени американски и британски нафтени кругови ќе смислат еден радикален пристап за контрола на нафтата насекаде во светот.

За да ги реализираат своите планови на овие моќници од нафтените кругови им беше потребен еден уверлив научен труд, преку кој убедливо ќе се пропагира дека светските нафтени ресурси се ограничени и дека тие значително брзо се исцрпуваат. За да ја реализираат оваа идеја го избираат

ексцентичниот геофизичар Марион Кинг Хуберт од Универзитетот во Чикаго кој има работено за Шел Оил во Тексас. Овој геофизичар својот работен труд пред Американскиот институт за нафта во 1956 година го образложува на основа на недокажани претпоставки дека нафтата е фосилно гориво, еден вид биолошки спој добиен од остатоци на изумрени алги, диносаоруси и од други облици на живот кои изумреле пред 500 милиони години. Во време кога ја објавува својата теорија 1956 година има навистина многу малку дупчења на подрачјето на целиот свет. Убедливо во своето излагање ќе тврди дека ако светот продолжи со ваква побарувачка за многу кратко време ќе се соочи со недостиг од овој ресурс .

Со вака недокажани хипотези за ограчничени количини на нафта, Хуберт ќе продолжи со своите предвидувања тврдејќи дека Америка располага со резерви од 150-200 милјарди барели нафта и дека американските произведувачки капацитети ќе го достигнат својот максимум во 1970 година. Оваа теорија иако недоволно објаснета за народот долго време ќе се смета за непогрешлива и ќе им направи услуга на американските и британските нафтени крутови да ја одржат цената на нафтата висока а тие ќе бидат скриените финансиери на нивните влади во остварување на многу други проекти.

Токму ваквата теорија и ваквото убедување за настанокот на нафтата ќе претставува причина за многу војни, водени ширум светот од Африка до Азија. Контролата над овој ресурс ќе се најде во рацете на големите нафтени компании Ексон Мобил (Exxon Mobil), Шеврон (Chevron), БП (BP), Шел (Shell). Овие компании всушност ќе створат механизми со кои ќе ја диктираат цената на нафтата. А со тоа се овозможува да се користи овој ресурс како оружје за водење тивки или економски војни.

Втората теорија се појавува во 1994 година и таа всушност претставува шокантно откритие дека нафтата не е ограничен ресурс и дека таа се добива како процес кој се одвива длабоко во земјината кора. Оваа теорија е резултат на децениско истржување на руските научници, кои нафтата ја претставуваат како ресурс што се обновува. Во 1994 година во Санта Фе во Ново Мексико е одржана научна конференција на прочуени светски геофизичари и геохемичари на која руските научниците В.А. Крајушник, Т.И. Чебенеко, В.П. Клочко и С. Дворјанин го претставуваат оваа шокантно откритие. Проф. Крајушник го опишува

искуството кое тој и неговиот тим го имаат сознаено преку успешниот проект извршен во Источна Украина на поднебјето на Дњепар–Доњецк. Откритието на нафтата и плинот во украинскиот базен доаѓа од длабок карпест дел и има кристалеста основа, а не е производ на фосили или за западната теорија позната како фосилно гориво. Ова откритие ќе овозможи да се побие конвенцијалната теоријата дека нафтата има биотичка природа и настанува како процес од фосилни остатоци. Ова ќе овозможи откривање на поголем број базени богати со нафта и со природен гас. Публиката уште повеќе ја шокираше изјавата на Крајушников дека во првите пет години од извршените 61 дупчења, дури 37 биле комерцијално исплатливи, што претставува успех поголем од 60%. За нафтената индустрија просечен успех во откривање на профитабилно исплатливи дупчења се сметаат сите кои имаат над 30% од дупчењата за кои може да се каже дека се комерцијално исплатливи. Поголем дел од дупчењата биле извршени на длабочина од околу 4 км. Тоа ја побива комерцијалната теорија дека се наоѓа во непосредна близина на земјината кора каде што се одвива процес на фосилните остатоци, за некои длабочини подлабоки од 10 км, е исто така откриена нафта а таа длабочина и не е за детритиус на диносауруси. Нафтата преку одредени миграционини патишта од длабочина избива во непосредна близина на земјината кора. Дури може да се земе и фактот како најверодостоен што го прикажуваат руските научници обидот со кој го испитуваат хемискиот состав на нафтата преку „биолошки маркери“, но било забележано дека не содржи биолошки молекули.

Нафтата денес претставува една од најопходните суровини во светот, која има влијание на глобалната економија. Таа ја покренува целокупната индустрија и речиси да не постои продукт кој не е поврзан со цената на нафтата, било тоа да е поврзана во делот како чиста суровина или преку цената на енергија, транспорт или дистрибуирање. Нафтата се користи секојдневно како суровина од бензиските пумпи за придвижување на автомобилите, авионите и останатите транспортни средства. Нафтата или енергенси на нафтата се користат како погонски енергенс во фабриките за производство на храна, разни видови пластични материјали и пластични производи, козметики за домаќинствата и хемикалии или речиси и да нема производ кој не е поврзан со нафтата.

Како главна суровина во денешно време без кое тешко може да се замисли денешниот свет, не е чудно што се нарекува „црно злато“.

Како важна суровина, нафтата е продукт кој најмногу се тргува на светските берзи. Државите кои го поседуваат овој ресурс имаат огромна моќ по прашањето за нејзината понуда до останатите држави во светот кои се увозници на овој ресурс а побарувачката се зголемува од ден на ден. Понудата на нафтата на светскиот пазар има влијание врз утврдување на цената. Овие осцилации се рефлектираат врз земјите увознички како што се САД, Јапонија, Кина и европските земји. Цената на нафтата во овие земји се утврдува по цената на нафтата во светот.[11]

Големите промени во понудата и побарувачката кои може да се случат, но и разните шпекулаци може многу да влијаат на промените во цената на оваа суровина на светската берза. Ваквите осцилации може на инвеститорот или шпекулантот да му наметнат големи загуби.

Најголемиот брокерски центар за трговија со овој ресурс се наоѓа во Њујорк. Како главни фактори кои би влијаеле во формирање на цената може да ги наброиме следниве :

-Принципите на понудата и побарувачката кои владеат во моментот т.е. светските резерви и светската потрошувачка.

-На цената на нафтата влијаат и геополитички фактори, вклучувајќи ги односите меѓу државите, нивните политички и економски превирања, војни, револуции, нестабилноста во самите држави, глобални катастрофи, невреме и слично.

-Самото расположение на пазарот може да е песимистичко или оптимистичко а тоа да влијае врз цената на нафтата.

-Влезот на поголем број инвеститори и шпекуланти како и огромниот капитал може да има влијание врз цената на нафтата а и преку одредени шпекуланти да се изврши манипулација со цените на нафтата.

Модерното општество и вкупните социо-економски прилики во светски рамки се создадени и диктирани на нафтени темели, односно на скапоцениот ресурс кој е главен елемент на човековото секојдневие.

---

[11]Perry, Robert H., Chilton, Cecil H. and Kirkpatrick, Sidney D. *Perry's Chemical Engineers' Handbook* 4th edition (1963) McGraw Hill p.9-6

Огромниот удел на „црното злато“ во модерната цивилизација изгледа прилично неверојатно. Општо гледано, речиси секој производ од модерната технолошка доба, е направен од или со нафта. Нафтата како ресурс, според тие показатели, е причинителот на цивилизацискиот напредок и брзиот севкупен прогрес во изминативе сто години.[12]

Почетокот на изградбата на општеството со нафтата како главен ресурс и енергенс, многу брзо напредна и достигна толкави размери што нафтата како ресурс веќе треба да биде опишана како примитивна храна на технологијата. Но, работите се малку поинакви.

Денес, не постои никакво решение, никаков ресурс или елемент кој ќе успее, барем делумно да ја замени нафтата. А бидејќи теоријата дека нафтата е само фосилно гориво, што значи дека не е бесконечна, сè уште важи и е прифатена како религиска догма, човештвото веќе ја карактеризира иднината како непредвидлива, поради постојаното тврдење дека нафтата е при крај.

Американскиот геолог Марион Кинг Хаберт е еден од основоположниците на едноставната теорија дека нафтата е конечен ресурс и со тек на време, при исти услови и побарувачки, ќе биде сè позначаен и баран продукт. Кон средината на минатото столетие, американскиот геолог Хаберт, преку сложени математички пресметки, ја објавил својата теза за таканаречениот „нафтен зенит“, односно точка во производството на нафта и нафтени деривати, по која, производството на „црно злато“ ќе бележи благ, но константен и незапирлив пад, сè до последната капка на нафта. Според Хаберт и неговите детални пресметки, кои ги базирал на тогашните познати резерви на нафта, како и можните идни откритија, го прецизирал нафтениот зенит во средината на деведесетите години. Во меѓувреме, некои технолошки пронајдоци, мерки на штедење и сè поголемото користење на алтернативни извори на енергија, го олабавиле големото производство и потрошувачка на нафта, што го поместиле предвидениот нафтен зенит за десетина години, односно некаде во средината на деценијата која помина. Според некои автори и рецензенти на делото на почитуваниот Хаберт, светот веќе го поминал нафтениот зенит и цивилизацијата сосема неподготвена, веќе навлегла во

[12]http://www.nyc.gov/portal/site/nycgov/menuitem.c0935b9a57bb4ef3daf2f1c701c789a0/index.jsp?pageID=mayor_press_release&catID=1194&doc_name=http%3A%2F%2Fwww.nyc.gov%2Fhtml%2Fom%2Fhtml%2F2011a%2Fpr129-11.html&cc=unused1978&rc=1194&ndi=1

периодот на постојан пад на производството на нафта, надополнето со сè поголема побарувачка на нафта.

Хаберт, секако, посочил дека нафтата нема да пресуши наеднаш, туку, постепено ќе се чувствува недостатокот на ценетиот ресурс. Едноставно и логички, тоа значи дека цената на нафтата ќе расте аналогно на поголемата побарувачка и помалото производство. Кога ќе се споредат цените на нафтата и нафтените деривати од минатиот период со актуелните, се добива впечатокот дека ерата на евтини ресурси заврши.

Како уште еден аргумент кој ја потврдува теоријата на Хаберт за нафтената кулминација, се надоврзува и големата економска криза која го потресе целиот свет во 2008 година, истовремено кога нафтата забележа највисока цена на светскиот пазар, од 140 долари за барел нафта. Во меѓувреме, цената на нафтата повторно доживува осцилации, во време на повторена економска криза и политичка нестабилност во подрачја богати со нафта (Либија 2011 год.).

Најголеми производители и потрошувачи на нафта по држави (2016)

| Р.б. | Главни производители (во милиони барели) | Главни потрошувачи (во милиони барели)[13] |
|---|---|---|
| 1 | Русија (9,9) | Сад (18,7) |
| 2 | С. Арабија (9,7) | Кина (8,3) |
| 3 | САД (9,1) | Јапонија (4,4) |
| 4 | Иран (4,1) | Индија (3,1) |
| 5 | Кина (3,9) | Русија (2,7) |
| 6 | Канада (3,2) | Бразил (2,5) |
| 7 | Мексико (3) | Германија (2,4) |
| 8 | ОАЕ (2,7) | Саудиска Арабија (2,4) |
| 9 | Бразил (2,5) | Јужна Кореја (2,1) |
| 10 | Кувајт (2,4) | Канада (2,1) |

Светската побарувачка на нафта изнесува околу 90 милиони барели дневно, додека производството е скоро еднакво на побарувачката. Денес, главен производител на нафта и нафтени деривати е Русија, продуцирајќи

[13] Извор:http://www.eia.doe.gov/countries/index.cfm?topL=imp

скоро 10 милиони барели нафта дневно. Веднаш зад Русија е Саудиска Арабија, потоа САД, Иран и итн. Најголеми потрошувачи на нафта и нафтени деривати се Соединетите Американски Држави, следени од Кина, Јапонија Индија и др. Кинезите, посебно, итајќи кон својот план да станат светска политичка и економска сила, трошат најмногу ресурси. Најмногу нафта се троши во индустријата, домаќинствата, транспортот и др.[14]

Доколку нафтениот зенит е единствена и непречена реалност со која се соочува модерната цивилизација, иднината на човештвото какво што го познаваме не е светла. Како што е напоменато, сите столбови на денешницата имаат нафтена основа.[15] Доколку константниот раст на индустријата, технологијата, и цивилизацијата воопшто биде прекината или стопирана поради недостиг од ресурси, последиците би биле катастрофални. Едноставно, човекот е во толкава мера одвоен од природата и законите на природата, што практично, е невозможно да се замисли светлината на обичниот ден без нафтата. Штрајковите и револуциите би биле масовни и непречени поради општиот застој на сообраќајот, индустријата би колабирала, секој сегмент од општеството би забележал уназадување. Едноставно, доколку нафтениот зенит е реалност, човештвото и општеството не се подготвени да се соочат со таквата реалност.

Геополитиката и географијата се најповикани од повеќе аспекти да ја разгледаат теоријата на нафтениот зенит.

Според официјалните информации, се калкулира со 900 милијарди барели нафта, од кои 25 проценти се наоѓаат на територијата на Саудиска Арабија. Во последните стотина години, светот е целосно истражен и прегледан, па изгледите за пронаоѓање на нови, позначајни нафтени полиња се сосема мали.

Саудијците кои долги години се во клубот на светски производители на нафта и сета нивна економија е врзана за единствениот значаен ресурс кој го имаат. Покрај тоа што Саудиска Арабија ги поседува најголемите светски нафтени полиња, таа екстрахира нафта од морските широчини, што претставува повеќекратно поскап процес од вадењето на нафтата на тлото. Потегот на Саудијците може да има две објаснувања. Како прво, го потврдува

[14]Ibid
[15]http://www.eia.doe.gov/countries/index.cfm?topL=imp

нафтениот зенит, бидејќи, Саудиска Арабија која поседува 25% од светските нафтени залихи, е принудена да екстрахира нафта од морето бидејќи резервите на нафта од површината се на минимум или се целосно завршени. Од друга страна пак, тоа може да биде брилијантен потег на властите во Ријад, доколку се решиле во (релативно) евтина доба на цена на нафтата да екстрахираат на поскапиот начин, додека нафтата која им е многу полесно и поевтино достапна на нивната територија ја чуваат за идните, скапи времиња.[16]

Теоријата на Ломоносов за нафтата и нејзиното фосилно гориво треба активно да биде разгледана и подложена на дискусија. Имено, со векови старата теорија изгледа сосема непрактично. Во светот постојат мал број научници кои поставуваат издржани теории дека нафтата не е со фосилен зародиш, туку нафтата е резултат на природна продукција, константно создавајќи се во центарот на Земјата милиони години наназад. Евентуалното докажување на таквата теорија, ќе докаже дека нафтата, безмалку е бесконечна. Од економски и хуманистички аспект, тоа би било добра вест и олеснувачка околност во комплексното секојдневие. Насочувајќи се сè повеќе кон конвенционалните извори на енергија и претпазливото искористување на останатите елементи кои нудат огромно количество на енергија, како ураниумот, ториумот и слично, (како и контролираното трошење и пожелното штедење) би го забавиле во голема мера трошењето на нафтата.

Меѓутоа, свесноста дека живееме во општество кое се нарекува капитализам, водено од неколкумина, кои секако немаат особен интерес да го прекинат големиот прилив на пари поради диктатот врз цената на нафтата, односно, нафтата секако дека е далеку најинтересниот ресурс на денешницата околу кој се крои целосната политика и економија.

Токму на тоа се сведува и заклучокот на темата со нафтениот зенит и нафтата како главен ресурс и главен геополитички елемент. Доколку навистина постои нафтениот зенит и евентуалното снемување на нафтата (коешто низ минатото беше објаснувано како „во следните 30 години“), човештвото досега требаше да има изнајдено некаков, каков било начин да се оттргне од големата зависност од „црното злато“.

Во случај, нафтениот зенит да биде само теорија на Хаберт, која е производство на теоријата на Ломоносов околу нафтата, фосилите и

[16]Ibid

конечноста, повторно човештвото треба да го одмери својот пат кон конвенционални извори на енергија, одделувајќи ја кревката економија на закоравен елемент како нафтата. Но, сè додека финансиите се примарна идеја во општеството, ситуацијата ќе биде подредувана како нафтениот зенит да биде религиска догма.

## 1.6. Човечки ресурси

Историски гледано, секој општествен систем, меѓу останатото, бил воспоставен за што попродуктивно и ефективно искористување на човекот како ресурс. Најчесто, економската страна на општествените системи била во толкава мера нефлексибилна, што човекот многу често се наоѓал во позиција да биде најбаран ресурс за економски придобивки и манипулирање. Почнувајќи од робовото општество, па сè до модерните форми на капитализмот, главните економски сили може да се пофалат со перфектно искористување на човековиот труд. Во модерната доба, дури се воспоставуваат научни задачи за подобрување на ефикасноста на човековото работење, меѓутоа, од аспект на неговото максимално искористување. Покрај останатите ресурси за кои политиката била повеќе од конкретна низ годините, веќе може да се зборува за човечки ресурси од геополитички аспект.[17]

Аспектите кон човечките ресурси се менуваат во зависност од интересите и општествено-економската поставеност на просторот, и воопшто, од самото општество и државата. Бидејќи денешното време сè уште претпочита државата да ги крои плановите и доктрините во светски рамки и односи со други економии претставени од друга држава, човечките ресурси и нивно „менацирање“ мошне често се и главен геополитички предмет и цел.

Постојат два главни аспекти на човечките ресурси:

- ☐ економски
- ☐ политички

Како што е напоменато, човекот уште од генезата на првите општества и вертикални уредувања, е сметан како ресурс од економски аспекти. Па така,

[17] Мијалов, Р. Китевски, Г. (2015): Меѓународно стопанство, ПМФ, Скопје, стр. 42

империите низ времињата ја имале економската, а воедно и политичката моќ, доколку власта ја имала привилегијата да раководи со животите на што поголем број на луѓе кои бесправно работат за општеството. Во таквите рамки, општествата имале интерес да го експлоатираат човекот (робот, работникот, закрепостениот) што повеќе, за што помалку трошоци и оптеретување на државата. Низ текот на времето, општествата станувале благо пофлексибилни, меѓутоа со слични навики и една економска равенка во вид на продуктивна догма – повеќе труд за помалку средства.

Напредокот на општествата и светот воопшто, создава повеќе парадоксални ситуации во однос на економските аспекти на човекот и човечките ресурси. Имено, се олабавуваат општествените стеги врз човекот и се оформуваат новите општества со поинакви предиспозиции кои, барем навидум, му даваат права и слободи на работникот, кој има можност да го искаже својот потенцијал и да биде продуктивен и доволно платен за својот труд. Паралелно на тоа, се бележи брз индустриски и технолошки напредок и софистикација, при што дотогашните потреби од работна сила се преполовени. Човекот и економијата се наоѓаат на нов хоризонт, кој на еден начин, повторно го втурнува човекот во позиција да биде третиран како ресурс и средство за работа и остварување на разни цели.[18]

Во таквата подреденост на потребата и понудата на работна рака, се јавуваат нови принципи. Имено, структурите кои се борат за профит (во капитализмот е индивидуална постава, меѓутоа сепак е непосредно врзан за државата), повторно имаат начин за манипулирање и конкретно менаџирање на човечките ресурси, повторно на принцип на економски продуктивната формула, меѓутоа со нови параметри. Константниот напредок на технологијата проследен со константен раст на бројот на населението и работната сила создава голем вишок на работна сила. Затоа, вишокот работна сила, кумулативно споен со целиот „пазар на труд" проектира човечки ресурси кои константно ја намалуваат цената на работната сила, додека нивната продуктивност, и покрај намалувањето на цената, константно расте. Поради таа парадоксална ситуација со економски темели, константно се продуцира и

[18] Мијалов, Р. Китевски, Г. (2015): стр. 42

глобалната геополитика, како и основата за светската сиромаштија и големата економска амплитуда.[19]

Некои земји (како Обединетото Кралство, на пример) се соочиле со специфични проблеми со работничката класа поради работничките права и сиромаштијата. Практично, марксизмот е илустриран на таа основа. Меѓутоа, некои општества, кои прераснале во силни економски и политички империи, на специфичен геополитички стратешки пат пронашле начин да се справат со економскиот и демографскиот парадокс. Така, како нео-империјализмот се развива поради постоењето на природни ресурси (како нафтата) на туѓи територии, така и нов вид на приграбување на ресурси и колонизирање. Овој пат, може да се дистинкцира поимот во нео-феудализам, еден вид на сурово капиталистичко глобализирање.

Принципите на таканаречениот демографски империјализам се :

☐ Евтина работна рака во друга држава/територија

☐ Производ кој ќе биде пласиран на светскиот пазар по нереална висока цена поради комерцијалниот „брендизам".

☐ Одржување на домашното население и општество со скоро фиктивен буџет

Во поновата историја, откако почнал непрекинатиот пат на цивилизацискиот напредок, големите сили покрај мотивите за геостратешко обезбедување, воделе агресивна политика за приграбување на што повеќе територии поради афинитетите на териториите, претставени во ресурси. Населението, секако, е значаен и ценет ресурс по кој трагале силните економско-политички ентитети.[20]

Комерцијалното време кое владее над светското економско поднебје диктира цени на производите кои се далеку од вистинската вредност. За поголема финансиска придобивка и профити, човечкиот ресурс се искористува на два начина:

☐ Имиграција од сиромашно подрачје/територија/држава во држава која има потреба од евтина работна рака

---

[19] Ibid

[20] Китевски, Г. (2012): стр. 102

☐ Пласман на индустрија во подрачје/територија/држава која е на понискиот степен на економски развој и е преплавена од сиромашна евтина работна сила.

Производот кој е ценет поради брендот и држи стабилна висока цена може да биде произведен во држава со низок стандард, при што работникот ќе добие повеќекратно помала плата од работникот кој би го продуцирал истиот тој производ во држава со повисок стандард. Всушност, мотивот за поголема заработка на економските структури го предничи човечкиот ресурс како најважен во одредување локација на индустријата.

Бројот на население константно се зголемува, со геометриска прогресија, создавајќи уште поголем вишок на работна сила, при што пазарот на труд се зголемува. Се зголемуваат и потребите на луѓето од нови производи, кои ќе бидат произведени од што помал број луѓе, пропорционално поради брзиот технолошки напредок кој диктира софистицираност, роботика и помала мануфактурна потреба. Според тие параметри се продлабочува сиромаштијата и невработеноста во светски рамки, а обратно на тоа се зголемуваат и профитите на претприемачките структури и државите кои се поврзани со капиталистичките структури. На таа основа се крои и геополитиката која лежи на економската неурамнотеженост.

Бидејќи политиката е силно врзана во економските прашања, и политичкиот аспект на човечките ресурси, првенствено, се анализираат од призмата на економијата.

Самите геополитички процеси имаат силна основа на човечките ресурси. Политиката, при „создавањето" на услови за што поефикасно искористување на човечките ресурси, делува во повеќе политички манири:

☐ Преку политички дејства, создавање на простори кои експлоатираат и експлоатирани;

☐ Преку пасивно-агресивна политика, зачувување на територии кои ќе бидат експлоатирани.

Политичките дејства (конфликти, војни, санкции) работат на сличен принцип како низ бурната политичка историја на светот. Секое политичко дејство остава последици по општеството кое учествувало во воениот конфликт. Секоја војна значела уназадување на општеството и економско ретроградно однесување, за разлика од победникот во војната, кој забележувал економски

раст, поради можноста за искористување на вкупните благодети од поразените. Големите победнички империи низ историјата, речиси го имаат истиот примат на врховни геополитички запоседници низ целата нова ера. По долго време поминато на највисоко место на политичкиот пиедестал, неколкуте светски империи имале значајна предност при развојот на економски и политички план, за разлика од општествата кои директно придонесувале за империјалистичкиот раст, со свое уназадување. Удел во тоа секако имало и искористувањето на населението во окупираните територии како скапоцен ресурс.

Меѓутоа, политиката има улога и на посреден креатор на услови за создавање на ценета евтина работна сила. Најсвежи примери задаваат социјалистичките земји кои веќе се сметаат како изумрен политички вид. Државите кои го воспоставиле социјалистичкото општество во XX век, во време на светската војна се нашле во непријатна улога на опоненти на капиталистичкиот лидер Соединетите Американски Држави. Преку големите политичко-економски притисоци и разните санкции, со кој „железната завеса“ била тргната, а социјалистичките земји оставени сами на себе поради распадот на социјалистичкиот патрон СССР, започнало нивно експлоатирање преку одлив на човечкиот ресурс. Нивниот премин од социјалистичко во капиталистичко општество со бескрајниот период наречен транзиција, ги направил земјите неспособни да станат економски независни држави. Населението масовно емигрирало во поразвиените држави во улога на работна сила, додека, во обратен правец, големите корпорации ги инсталирале своите инвестиции.

Еден од главните стожери на светската геополитика е политичкиот пресинг на државите кои се тесно врзани со големите корпорации да ја задржат посредничката улога и притисокот кон помалите држави-економии, за да се зачува и негува човечкиот ресурс. Според таа агенда, континенти како Африка, Јужна Америка и голем дел од Азија, сè уште се на економската мапа потцртани како региони расадници на евтина работна сила. За одржување на статус кво мизерната ситуација во сиромашните региони, диктаторите на светската геополитика работат според неколку принципи на светската политичка агенда:

- Опструирање со нивно директно присуство: како што беше споменато во неколку претходни наврати; светските економии ја користат својата надмоќност за да располагаат со просторот и ресурсите на територијата претходно дијагностицирана со специфична геополитичка проблематика.
- Влијание на нивното општество и внатрешната политика: такви примери има од повеќето сиромашни држави на неколкуте сиромашни континенти кои претрпеле сериозни загуби, од посредното и непосредното мешање на светските агитатори врз нивната внатрешна и надворешна политика. Многу важни личности кои своите држави ги насочиле на прав, реформаторски пат биле на различни начини тргнати од реформаторската улога.

Европската Унија е добар пример за здружувањето на силни економии со анемични поради слободниот пазар и функционирањето на работната сила (принципи на неолиберализмот). Така, многу граѓани на поранешните социјалистички земји кои се придружија на Унијата пред неколку години, ја напуштија својата земја (Бугарија, Романија, Балтичките земји), трагајќи по подобар живот во некоја западноевропска земја, каде што нивниот труд би се ценел повеќе, отколку во појасите на транзиција. Во обратен правец, многу мултимилионски национални компании пласираат филијали во земјите кои го претставуваат сиромашниот дел на Унијата.

Иако технологијата константно напредува, а човекот како обичен работник, станува „технолошки вишок", сепак, сè уште е еден од најценетите профитабилни цели на високите геополитички агенди и лукративни планови. Поради таквиот интерес, продлабочувањето на големиот јаз меѓу двете економски половини и широката амплитуда која искажува економска и технолошка неурамнотеженост, се главните геополитички стожери, истовремено и главни геополитички агенси и проблеми.

## 1.7. Останати ресурси

Покрај човечките ресурси и нафтата, постојат уште неколку кои се од големо значење и влегуваат во големата геополитичка сфера на интереси. Меѓутоа, сè уште главното светло е фрлено на нафтата, бидејќи целата технологија се потпира на неа и делумно на земниот гас (како сврзник на нафтата). Во

зависност од интересот на општеството и економската позадина на целиот проект околу искористување на други значајни ресурси, се одвиваат работите околу што подоброто искористување и запазување на ресурсите. Поради тоа, се поставува прашањето: што може да искористи денешното општество?

Секако, покрај сите „нужни зла" кои го пресретнуваат скоро секој чекор на економски-технолошкото општество во потрагата по развој базиран на искористување на сè што е дадено, опциите за што помала колизија меѓу општествениот напредок и бескомпромисниот баланс на природата се многу помали од претходно. Таквиот јаз се продлабочува со текот на времето, со поголемата побарувачка и потрошувачка на енергија, и со сè помалите услови за зголемување на нивото на производство на енергија. Тоа се случува во време кога светот е поделен на две половини кога е во прашање напредокот, развиен и неразвиен. Развиениот свет има големи потреби од енергија, за разлика од „заостанатиот свет". Парадоксалната ситуација се јавува во екстремно големите капацитети за производство на енергија во регионите каде што сите потреби од енергија се задоволени поради катастрофалната лоша состојба во поглед на напредокот. Наспроти нив, модерниот свет (Европа, делови од Азија, Северна Америка) има огромна потреба од нови ресурси и енергија. Токму тука се раѓа интересот од спречување на региони како Африка и Ј. Америка никогаш да не го достигнат нивниот степен на развиеност и технологија.

Постојат неколку ресурси (извори на енергија) кои може да бидат искористени максимално без да бидат пореметени општествено-природните хармонични состојби на земјата, каков што беше случајот со останатите начини на производство на енергија за најразлични потреби. Тие се сместуваат во категоријата алтернативни извори на енергија.

- ☐ Хидроенергија
- ☐ Атомска енергија
- ☐ Соларна енергија
- ☐ Еолска
- ☐ Енергија на морето (тидална) и геотермална енергија

Протечните води располагаат со висок енергетски потенцијал, кој иако е ограничен, сепак не е доволно искористен. Со најголем хидроенергетски

потенцијал се издвојува Азија со 33%, а потоа следуваат Јужна Америка 23%, Африка со околу 10%, земјите од поранешен СССР со 11,5 проценти, Северна Америка 8,7%, Европа 6,9%, Океанија 1,5 проценти и 10% од хидроенергетскиот потенцијал не се распоредени. Меѓутоа, таквиот потенцијал е многу малку искористен. Освен во Европа, хидроенергијата е само во мал процент искористена, иако во некои региони и континенти овој вид на енергија има најголем удел во потрошувачката, како што е Латинска Америка, каде се изградени гигантски хидро-електрани. Општо земено, светот од вкупниот потенцијал, искористува само 1/5, што значи дека сѐ уште постои добра причина за инвестиции и сериозни размислувања за што поголемо искористување на овој потенцијал, иако и покрај сите позитиви, и хидроенергијата има свои негативности по човештвото и природата (влијание на микро-клима, промени на околина и слично).

Паралелно со разработување на нуклеарната енергија која може да се искористи како политички алат (атомска бомба), некаде во средината на минатиот век бил конструиран првиот нуклеарен реактор. Понатаму низ годините, енергијата која се произведувала од атомските централи станувала сѐ позастапена во вкупното количество на произведена енергија. Па така, голем број од високо развиените земји на нивната територија имаат неколку атомски централи кои произведуваат висок процент од вкупната енергија. Литванија на пример, дури 70% од енергијата ја добива од атомската централа НЕЦ „Игналин". Во Европската Унија, атомската енергија учествува со близу 1/3 во вкупните количини на произведена енергија, иако има разлики од една до друга земја. Најголем број атомски централи има на територијата на САД (вкупно 107), па следуваат Франција (60), Јапонија (54), Британија (35), Русија (30) и итн.

Покрај ефикасноста, големиот потенцијал и можност за продукција на енергија преку искористување на атомската енергија, сепак светот е сѐ повеќе свесен за големата колизија и опасноста од катастрофа која се зголемува со сѐ поголемото искористување на овој вид на енергија со проширувањето на синџирот на нуклеарни централи ширум светот. По големата катастрофа која се случи во Фукушима, по земјотресот во февруари 2011 година, стана јасно дека линијата меѓу енергетското богатство и енергетската агонија е премногу тенка. Токму поради опасноста по човекот и животната средина, многу светски

влади со резерва ја земаат можноста за понатамошно развивање на овој вид енергија.

Од целиот енергетски потенцијал што го нуди соларната енергија, се искористува само пет проценти. Иако се бележи извесен напредок и се прават некои чекори кон што поголемо искористување на овој конвенционален извор на енергија, сепак, уделот на соларната енергија во вкупното количество во светски рамки е премало. Земји кои сериозно работат на искористување на овој „заеднички енергенс" се Шпанија, Јапонија, Германија и другите високо развиени земји во светот.

Еолската енергија, пак, се користи од дамнешни времиња. Денес, неколку земји може да се пофалат со минимално искористување на таквиот енергетски потенцијал. Соединетите Американски Држави на пример, од вкупната енергија на годишно ниво, околу 1 процент ја добиваат од искористување на ветерот. Таквиот процент е поголем во некои европски земји (Холандија околу 3 проценти).

Приливот и одливот, односно зголемување и намалување на нивото на морето може да се понуди како сериозен извор на енергија, иако и во денешни услови таквата можност не е сè уште добро искористена. Иако првата електроцентрала која произведува струја со помош на приливот била изградена во 1966 година во Бретања, сепак, денес се смета дека вкупната енергија на приливот на Светското море изнесува околу 40 милијарди kw.

Геотермалните извори на енергија се најпопуларни во Исланд, каде што голем процент од населението се грее од енергијата добиена од геотермалните централи.

Прашање е колку денешните економии имаат интерес да вложат во искористување на таквите потенцијали. Се тврди дека сите тие извори на енергија имаат речиси непремостливи пречки и недостатоци, како што е неможноста за нивно искористување во целиот нивен потенцијал, како и статичноста и можноста за пренос на таквата енергија добиена од овие извори само за локално и регионално ниво. Со понатамошен интерес и истражување, постои несомнена можност од максимално и конвенционално искористување на хидроенергетските и посебно на соларните потенцијали, со што, на некој начин, ќе биде поставен крај на евентуална енергетска криза во свет кој се потпира на ресурс како нафтата.

## II Глава . Геополитика на Персискиот Залив

### 2.1. Комплексноста на Персискиот Залив

Персискиот Залив е еден од најважните и најкомплексните региони во светот. Огромна платформа на резервоари на енергетските ресурси, процесот на долгогодишната стабилизација на Ирак, конфликтот околу иранската нуклеарна програма, постојана и активна пенетрација од надворешни сили, (пред сè САД, како и превирањата во некои монархии) го направи регионот многу кршлив и нестабилен. Многу научници веруваат дека регионот на Персискиот Залив е единствен геополитички регион во денешниот свет, па така целокупното геополитичко тежиште се префрли токму тука во текот на годините. Многу децении, „јадрото“ на меѓународен интерес е поврзано со арапските/палестинско-израелските проблеми и конфликти, но значењето на Персискиот Залив се зголеми на ниво на „најжешко“ место во меѓународниот систем, од почетокот на 1970-тите па наваму.[21]

Безбедноста во регионот вклучува комплексни воени прашања, но исто така и многу прашања поврзани главно со внатрешната политика на крајбрежните држави, но и на повеќе нивоа на интеракција меѓу нив. Од една страна може да се сумира растечката тензија на проблемот околу иранската нуклеарна програма, со закана од следната трка во вооружување меѓу државите од Персискиот Залив, со што расте пенетрацијата на надворешни сили (особено САД), итн. Од друга страна, пак, регионот во последно време се дестабилизира од страна на растечките тензии што произлегуваат од етничките, културните и религиозните разлики, но и од економските флуктуации на економиите на овие држави. Главната цел на ова поглавје во магистерскиот труд е да се анализираат најсериозните и влијателни варијабили кои го обликуваат безбедносен систем во Персискиот Залив, со фокус на геополитички карактеристики на државите во заливот, но и на Персискиот Залив како комплексен геополитички регион во целина.

---

21 P. Mojtahed-Zadeh, *Security and Territoriality in the Persian Gulf. A Maritime Political Geography*, Curzon Press, 1999, p. 9.

Подоцна во ова поглавје, е елабориран развојот на системот на безбедноста на регионот во последните неколку декади. Еден од најистакнатиот фактори на регионалната геополитика е присуството на огромни количини на енергетски ресурси (нафта, гас) во регионот, но од друга страна, повеќето научници кои ја третираат оваа проблематика се согласуваат дека анализата претставена во акцентирање на ресурсите само на нафта и гас ја поедноставува проблематиката и резултира со некоректно ниво на заклучоци. Односите во Персискиот Залив не се само за интересот на енергетски ресурси. Комплексноста на темата безбедност е многу пообемна и треба да се погледне во широката листа на прашања кои треба да го перцепираат системот во целина.[22]

## 2.2. Географски и културолошки карактеристики на Персисискиот Залив

Персискиот Залив се протега од заливот на Оман на југ до мочуришниот дел на Шат ел Араб на север. Тоа е „затворен" слив со теснецот Хормуз како единствена врска со отворено море (Оманското Море). Должината на заливот изнесува 865 километри, а широчината изнесува 370 километри на неговата најширока точка. Зафаќа површина од 235.000 квадратни километри, а најголемата длабочина не е повеќе од 92 метри. Од геополитички аспекти, локацијата на заливот претставува мост помеѓу Африка, Европа и Азија, витален „крстопат" во глобалниот систем, нешто што скоро беше признато од страна на европските сили, а подоцна од страна на САД. Како дел од Блискиот Исток, регионот на Персискиот Залив формира единствен геополитички модел. Земјите-членки на регионот се Иран, Ирак, Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Катар, Обединетите Арапски Емирати и Оман. Таквата геополитичката структура е формирана врз основа на културната смеса. Речиси три илјади години историја го прави регионот еден од најстарите и најважните во светот. Јемен, исто така, игра важна улога во системот на Персискиот Залив и влијае на односите во регионот, што е резултат на тамошната долга граѓанска

---

[22] P. Mojtahed-Zadeh, *Security and Territoriality in the Persian Gulf. A Maritime Political Geography*, Curzon Press, 1999, p. 9.

војна, како што се шиитско-сунитските конфликти и во поново време, иранско-саудиска конфронтација и слично. Во регионот, како главен економски, политички и воен систем се смета Исламската Република Иран. Од регионални внатрешни аспекти, иранско-ирачко-саудискиот триаголник се смета за главна област на соработка, но и на ривалство. Овие држави играат доминантна улога во обликувањето на безбедноста на регионот. Неколкуте мали монархии имаат мала популација и историски гледано секогаш биле дел од некоја странска интервентност или контрола. Етничката, културната и религиозната структура на Персискиот Залив е доста шарена, иако во светската култура се перципира како едноставна и еднобразна, што е далеку од вистината. Најочигледен е јазот меѓу шиитите во Иран и сунитските арапски држави, нешто што често се зема како фактор што го дестабилизира регионот. Главниот шиитско-сунискиот ривалитет лежи во саудиско-иранските односи. Покрај Иран, шиитската група луѓе ја има во Ирак и во Бахреин. Иранската револуција во 1979 година резултираше со создавање на теократска шиитска Република Иран и неговиот агресивен револуционерен пристап кон Персискиот Залив повторно го постави прашањето на верската различност на доминантно ниво на регионалните прашања. Војната која го потресе Ирак последните години, создаде стравувања во врска со можноста од нова појава на сунитско-шиитски судир. Таа димензија на проблемот често во форма на заострување на односите меѓу земјите во Заливот сè уште се смета за главна причина за проблеми.[23]

Случајот на Бахреин, каде што економските и политичките барања насилно беа отфрлени од страна на кралот Хамад бин Иса Ал Калифа, со помош на Саудиска Арабија и други сунитски монархии, исто така е поврзан со верската поделба на населението. Верските поделби постојат и често се користат како потпора за да се изврши притисок врз владите, како на Бахреин или Ирак. Исто така, Саудиска Арабија спроведува некохерентна политика кон своето шиитско малцинство, за да биде сигурна за нивната лојалност кон саудиската монархија. Персискиот Залив е единствено конфликтно место во светот на исламот, бидејќи шиитсите аспекти на населението се многу добро застапени во традиционалните сунитски муслимански општества. И покрај

---

[23] *Security in the Persian Gulf. Origins, Obstacles, and the Search for Consensus*, L.G. Potter, G.G. Sick (ed.), Palgrave 2002, p. 1–2.

Постои мала можност дека регионот ќе биде оставен сам од надворешни сили. САД ќе продолжи со политиките за пенетрација и субординација и постои мала шанса дека други сили ќе најдат потпора на својата позиција во регионот. Токму сега, главната променлива на безбедноста во регионот е конфликтот меѓу Иран и САД и идниот развој на настаните во областа ќе биде обликуван од тоа прашање. Но, во „собата на безбедноста“ со фактори кои се клучни во Персискиот Залив е многу поширока. Според Р. Д. Хантер, постојат осум регионални варијабили во форма на системот за безбедноста на регионот: иднината на Ирак; случајот Иран; асиметричните закани на ИСИЛ; регионалното уверување; арапско-израелскиот конфликт; регионалните тензии и конфликти; странските сили и нивната пенетрација; контролата на оружјето и мерки за градење доверба. Сепак, уште едно прашање треба да се додаде на таа класификација: иднината на Сирија.

Ситуацијата на Бахреин, сè уште е многу кревка и се чини дека не постои решение за Бахреин за внатрешениот конфликт кој моментално тлее. Внатрешниот систем во другите држави во Персискиот Залив е потресен поради Арапските демократските движења. Случајот на Сирија е можеби најважен. Можниот пад на режимот на Асад ќе го компликува системот за безбедност и веројатно ќе ги охрабри САД или Израел за воена опција против Иран. Персискиот Залив е исклучително важен за меѓународниот систем, но државите од регионот се многу слаби. Таквата кревкост многу лесно може да влијае на безбедноста на регионот, а со тоа и на светот, воопшто.

# III Глава . Американската геополитика и ресурсите

## 3.1 Општи појдовни точки на ресурсниот империјализам

Познато е дека низ историјата се појавувале многу конфликти за одредени ресурси што биле неопходни за поубав и полесен живот како што се циметот, кафето, биберот и слично, кои трговците ги чувале како воени тајни. Тие честопати ширеле митови дека некои од продуктите се при крај, сè со цел

да го одржат монополот на изворот на зачинот а со тоа и да ја одржат цената повисока на производот[32].

Дали и денес се манипулира на сличен начин со еден од најзначајните ресурси нафтата, која е неопходна за современиот индустриски свет и значајно средство во креирање на современата геополитичка карта на светот, проследено со многу крвопролевања.

САД иако се залагаат да бидат енергетски независни, ќе мора да се соочат дека нивната политика за енергетска независност е нереална, бидејќи тие претставуваат 5% од светското население, а нивната потрошувачка на нафта изнесува околу 25% од вкупната светска потрошувачка. Поради брзиот економски и техничко-технолошки развој тие се сè позависни од нафта, која мора да ја увезуваат. Зависноста од увозот на нафта, ќе ја направи САД ранлива, а тоа ќе доведе до ограниченост при остварување на надворешната политика, како и на националната безбедност. Можеме слободно да кажеме дека енергетската безбедност претставува значајна карактеристика во остварување на меѓународните односи.

Во светот постојат одредени конфликти од најразлична природа, како религиозни, етнички, граѓански, а не треба да се прескокнат и терористички акти кои сериозно влијаат во нарушување на глобалната безбедност. Но над сите овие конфликти, постои и една закана која се надвива над сите овие а тоа се интензивните пресметки на големите центри на моќ за поседување, контрола и дистрибуција на енергенси. Големите сили отсекогаш се натпреварувале за доминација над одредени региони кои се богати со нафтениот ресурс, таканаречен „црно злато". Денес САД, Русија и Кина постојано се натпреваруваат, надмудруваат со политички а неретко и со покажување на „мускули" за остварување на доминација над енергетските богати региони во Персискиот и Каспискиот регион. За сите три земји, глобалниот проток на нафта има пресудно значење. Сите овие земји прават напори да остварат политичка контрола или влијание врз земјите од овој регион, значително изразено во предели богати со нафтени ресурси. Сите три земји имаат распоредно воени сили во ова подрачје или стапуваат во пријателски односи со владите на земјите од овој регион.

[32] William Enhdahl – Mitovi Lazi I ratovi za naftu - 2011

Кога сите луѓе на светот би живееле живот како еден просечен Американец, тогаш би биле потребни ресурси како од пет планети идентични на планетата Земја. Овде се мисли кога сите би живееле со толкава потрошувачка на енергија, да возиме скапи автомобили, да гориме толку дрвја, да јадеме таква храна, да фрламе толкава количина ѓубре, едноставно речено таков животен стандард.

Ако тргнеме од претпоставка дека потребата од овој ресурс ќе се зголемува, многу лесно ќе се претпостави и дека интересните сфери на овие три земји ќе заземаат сè повеќе влијание во остварување доминација над регионите богати со нафта, или истиснување на влијанијата на другите земји.

### 3.2Енергетска безбедност како дел од општата безбедност

Безбедноста претставува една од најфундаментални вредности на едно општество, а тоа подразбира сигурност, благосостојба, економска стабилност, како и слободен живот со отсуство на страв. Безбедноста претставувува универзална цел и е прв приоритет на домашната и на меѓународната политика. Како темелна вредност безбедноста го засега поединецот, општеството, државата а и меѓународниот систем, затоа сите ја имаме како приоритет да ја зачуваме и унапредиме. Во овој глобален свет, безбедноста не се претставува повеќе во она традиционално светло, во кое се опфаќа само отсуство на физичка закана или воена сила, безбедноста денес опфаќа повеќе димензии и тоа социјална, економска, човекова или хумана, еколошка и енергетска безбедност.

Опстанокот на една земја, без сомнеж зависи од нејзината достапност до потребните екергенси неопходни за нејзиниот развој, колку лесно може да се дојде до нив и во колкави мери. Енергетска безбедност всушност претставува достапност до енергенси, во доволни количини, по прифатливи цени, стабилна испорака како и физичко обезбедување на нафтоводите и гасоводите[33].

Нафтениот шок од 1973 година ја постави енергетската безбедност на пиедесталот на меѓународната политика. Енергетската безбедност се јавува како одговор на нафтеното ембарго на земјите производители како обид да се најде усогласеност со индустриски развиените земји во случај да се јават

[33] Тони Милески – Енергетска безбедност- 2014 Скопје.

определени нарушувања во снабдувањето, да се избегнат последиците од нередовното снабдување, но и да се одвратат земјите-извознички да го користат енергенсот како оружје.

### 3.3Енергетската безбедност на САД

На Америка ѝ стана многу повеќе од јасно дека низ историјата многу битки се добиени или изгубени со одземање на овој значаен ресурс од непријателот. Една од најзначајните стратешки цели кои ќе се втемели во националната стратегија на САД е да се завладее со сите извори на нафта насекаде во светот. Ова како темелно прашање се поставуваува веднаш по распадот на СССР. Што ќе прави Америка со својата доминантна сила?

Интервенцијата врз Ирак, во 1991 година беше првата воена интервенција на САД и нејзините сојузници по распадот на Варшавскиот договор, во креирање на новиот светски поредок. Оваа интервенција беше вовед во империјалистичката политика на САД, во кој ќе ја придружуваат нејзините капиталистички сојузници.

Ирак, историски познат како Месопотамија претставуваше дел од Отоманската Империја од 1534 година. По пропаѓањето на Отоманската Империја на почетокот на XX век се отвори можност на западните сили да остварат свои влијанија реализирајќи политичкии трговски бенифиции во оваа територија наречена Ирак, како и во остатокот од Отоманската Империја. Главна награда била нафтата.

### 3.4.Капацитетите на нафта во Ирак

Откривање на нафтата во Ирак, 1908 година во Масџид од Сулејман I всушност ќе претставува настан што ќе ја смени судбината на Блискиот Исток. Ова откритие претставувало поттик за истражување и во цела Месопотамија.

Едно од поголеми полиња богато со овој ресурс во Ирак, претставува полето Румалија кое се наоѓа во јужниот дел на Ирак во непосредна близина со Кувајт на приближно 30 км оддалеченост. Проценките говорат дека содржи приближно 17 милјарди барели нафта, што претставува 12% од вкупните резерви на ирачката нафта од 143,1 милјарди барели. Румалија претставува трето наоѓалиште во светот по своите резерви. Поради фактот дека се наоѓа во

непосредна близина на кувајтската граница, всушност било и една од причините за Ирачката инвазија врз Кувајт, обвинувајќи го Кувајт дека во 1990 година незаконски црпе нафта од ова наоѓалиште.

Мајнон (Majnoon) е уште едно од поголемите полиња богато со нафта во Ирак, откриено е во 1975 година, а се наоѓа во близина на Басра и се проценува на приближно 38 милјарди барели. Во Ирачко–иранската војна било окупирано од страна на Иран. По завршувањето на војната е рестартирано производството, а најголеми претензии за потпишување договор за стопанисување прикажува францускиот Тотал. Овие амбиции на Тотал не се остваруваат поради воведување санкции над Ирак од страна на ОН. По интервенцијата во 2003 година од страна на западната коалиција, Тотал и Шеврон потпишуваат договор за истражување на ова поле.

Халфаја е нафтено поле кое се протега во југоисточниот дел на Ирак на 35 км југоисточно од градот Амрах. Откриено е во 1976 година и неговите резерви се проценуваат на 4,1 милјарда барели нафта.

Западна Курна 1 (West Qurna 1) се наоѓа на 50 км северозападно од градот Басра. Откриено е во 1973 година и неговите резерви се проценуваат на 8.9 милјарди барели нафта.

Западна Курна 2 (West Qurna 2) локацијата на оваа наоѓалиште се наоѓа на 65 км северозападно од Басра откриено е во 1973 година и се проценува на 13 милјарди барели.

Зубаир (Zubair) се наоѓа на 20 км југозападно од градот Басра, откриено е во 1949 година и неговите резерви се проценуват на 4 милјарди барели нафта.

Киркук (Kirkuk) претставува едно од најголемите наоѓалишта на нафта во Ирак и се протега на површина од 100 км протегајќи се од југоисточен Ирак до неговиот северозападен дел.

Постојат провинции во Ирак кои и немаат никаков удел во нафтените резерви, а тоа се : Дахок, Анбар и Вавилон.

Басра поседува околу 51% процент од овој ресурс. Во 2003 година за време на интервенцијата на коалициските сили, Садам Хусеин го брани ова поле на должина од 18 км[34] распоредувајќи 100 000 мини.

[34] US Energy information Administration based in information from the Arab Oil and Gas,Directory,Northern and south refineries companies,Iraq oil report,and Energy intelligence croup.

Потоа би следувале Киркук со 12%, Мајнон со 7,6%, Насириј со околу 4,5%.

На провинцијата Курдистан ѝ припаѓаат приближно 3% од вкупните нафтени резерви на Ирак.

Ова нафтено богатство преку примена на пазарни принципи треба да доведе до максимум бенефиции за ирачкото население.

Со национализацијата на нафтените полиња во 1970 година, овој ресурс ќе биде ставен надвор од контрола на западните сили. Своите интересни сфери, Западот ќе мора ги помести кон Северното море, Мексиканскиот залив, Аљаска и др. По распадот на Источниот блок влијанијата ќе се вратат и во Каспискиот регион и во Западна Африка.

Да не заборавиме да потенцираме дека Ирак има развиена инфраструктура за транспорт на нафта, поголеми рафинерии за преработка, како и полиња богати со природен гас.

Поголема количина на нафтени ресурси во Ирак, биле во северниот дел, Мосул, која е една од трите покраини „вилаети" на Ирак под Отоманската Империја, другите две покраини се Багдат (во средниот дел) и Басра (Јужниот дел) на Ирак. Сè почести ќе бидат посетите на странски геолози под маска на археолози коишто ќе ги истражуват овие области. Колку повеќе нафтата ќе го зазема приоритетното место во развој на државата, така сè повеќе нафтените компании ќе претставуваат фактор што ќе ја креира надворешната политика на државите зависници од овој ресурс. Нафтените компании цврсто ќе го прокламираат ставот преку своите лоби движења дека сè што е добро за нив ќе биде добро и за националните држави. За возврат, нафтените компании ќе доставуваат нафта за потребите на државата во доволни количини и по прифатливи цени.

Велика Британија во тој период е моќна светска сила, а во Ирак ќе препознае пропратна станица во своите амбиции кон индиските колонии. Со нафтата со која располага ќе ја согледа како крвоток повеќе од потребен за доминација над кралската морнарица врз светките мориња. Токму во остварување на овие интерси се крие агресивноста на британската политика во овој регион.

Уште за време на Првата заливска војна се поделени интересните сфери за влијанието во Ирак, таканаречен договор Сајкс-Пикот потпишан меѓу

Велика Британија и Франција, а подоцна и Русија со кој е направена поделба на Отоманска Азија. Со овој договор Багдат и Басра се доделени на В.Британија а Мосул и голем дел од територијата што денес ѝ припаѓа на Сирија ѝ биле доделени на Франција.

Ирачката нафтена корпорација (IPC) претставуваше конзорциум на големите западни компании, кои ќе го имаат монополот за производство на нафта, сè до почетокот на развој на индустријата на оваа земја во 1962 година, и овој тренд ќе продолжи сè до национализацијата на ирачката нафта.

Компанијата е основана во 1912 година како турска нафтена компанија (TPC) со намера да ги истражува и да ги развива нафтените капацитети на Ирак, што во тој период претставувува провинција во составот на Отоманската Империја. Како најголем акционер во компанијата се јавувува Англо-персиската нафтена компанија која претставува претходник на денешен БП, а тогаш директно контролиран од британската влада. Други поголеми акционери во оваа компанија кои се појавуваат е Шел, како и ерменскиот нафтен гигант Калуст Гулбенајн (Calouste Gulbenain). Концесијата, инаку ја добива од турската власт, но поради почетокот на Првата светска војна истражувачките активности на овие простори се прекинати. Тоа се случува околу петнаесетина години пред да биде откриена нафтата во Ирак. Сојузниците ќе го сфатат значењето на нафтата во текот на Првата светска војна и IPC и понатаму ќе остане во жариштето на политички битки. Проблемот за структурата и сопственоста на оваа компанија ќе се дискутира и на конференцијата во Сан Ремо каде што ќе се разгледува судбината на нетурскиот дел од Отоманската Империја. По распадот на Отоманската Империја, Ирак потпаѓа под директно управување на британската влада. Со новото управувачко раководство се доделува и нова концесија на Турската петролеум компанија (TPC). Според Рекс Зедалис од Универзитетот Тулса, модерната нафтена историја на Ирак започнува со овој договор. Оваа концесија покрива поголем дел од територијата на Ирак вклучувајќи ги покраините Мосул и Багдад, со исклучок на јужната провинција Басра. Во тој период главни акционери во комапанијата (TPC) се Англо-персиската нафтена компанија со 45%, Ројал Дач Шел со 22,5%, француската компанија Де Петролс со 25% и ерменската Калуст Гулбенајн со 5%.[35]

[35] F.William Engdahl – Stolece rata –Anglo-americka naftena politika I novi svetski poredak, Januar 1993.

Во 1927 година големо нафтено откритие ќе биде полето Баба Гургур во непосредна близина на Киркук, со што Ирак ќе се трансформира во едно од најзначајните полиња во светот за светските концесионери. До 1930 година околу дваесетина бунари за црпење на нафта ќе бидат завршени и ќе започнат со дистрибуција на пазарот. Во 1928 година Американците навлегуваат преку корпорација за развој на Блискиот Исток во конзорциумот преземајќи дел од 23,75% од акциите на Англо-персиската компанија. Во 1929 година Турската петролеум компанија (TPC) се преименува во Ирачка нафтена компанија (IPC).

Според книгата на Џон Блер „Контрола на нафта" американските и британските компании учесници во конзорциумот на Турската нафтена компанија свесно одлучуваат да го намалат своето производство во своите концесионерски зони во Ирак за да го зголемат профитот.

ВО 1960 година, истата година кога е воспоставена Организацијата на земјите извознички на нафта (ОПЕК) во Багдад, ирачката влада ја одзема концесијата на Ирачката нафтена компанија на 99% од ирачката територија, ограничувајќи ѝ ја работата на парцели од 1% од територијата.

Во 1964 година формирана е Ирачката национална нафтена компанија, која ја затекнала земјата во една невообичаена состојба, две производствени страни што биле конкуренција една на друга. Уште во времето на Ирачката нафтена компанија имало две производствени подружници, една нафтена компанија во Мосул, а втората во Басра. Заедно биле одговорни за поголемиот дел на ирачкото нафтено производство кое по 1960 година изнесувало околу 1 милон барели дневно. Во доцните 60-ти Ирак потпишал серија договори и со други странски компании, најчесто претприемачки и тоа претежно во офшор зони во јужниот дел на Ирак. Еден од позначајните е договорот со Советскиот Сојуз.

Во 1961 година во Ирак се донел закон со кој ќе се издигне нафтениот сектор на ранг на министерство кој ќе има политичка поддршка и ќе треба да развие програма за развој и експлоатација на овој ресурс на 99,5% од својата територија. Ова ќе овозможи вклучување на странски експерти од надвор кои ќе бидат инволвирани во развој на внатрешните капацитети. Таков проект ќе биде и ирачко–советскиот кој преку советска експертиза во 1967 година ќе доведе до развој на полето Румалија.

Национализацијата на нафтената индустрија во Ирак се одвивала во фази во периодот меѓу 1961 и 1975 година. Ирачката национална нафтена компанија успеала да го зголеми производството на нафта, од 1 милион барели на ден на 3 милиони барели дневно во 1980 година, иако тогаш производството било погодено со почетокот на војната со Иран. Во овој период како се наметнувала контролата над индустријата се наметнувала и политичка контрола над овој ресурс. Со закон од 1976 година, министерот за нафта станува и претседател на управниот одбор на Ирачката национална нафтена компанија. Со законот од 1979 година, пак, ќе се отстрани сета финансиска независност на оваа нафтена корпорација и сите приходи кои ќе бидат остварени од оваа компанија ќе мора да поминат преку Министерството за финансии а за компанијата ќе се доделува годишен оперативен буџет од страна на владата.[36]

Ирачката нафтена индустрија била погодена уште од самото избувнување на Иранско-ирачката војна, извозничките капацитети во Басра и Кор Ал Амаја биле оштетени уште во првата недела од војната, така што Ирачката влада била принудена да размислува во насока на градење на нови капацитетти за извоз на овој ресурс, а тоа било изградба на нафтоводот Киркук–Чејхан како и нафтоводот ИПСА преку територијата на Саудиска Арабија. Во одредена мера извозот се одвивал и со транспорт на камиони преку земјите Јордан и Турција и тоа со околу 250 000 барели дневно.

Во 1961 година револуционерниот режим на Абдел Карим Касим по донесениот закон за ограничување на концесијата на Ирачката нафтена компанија на 99.5% од територијата на Ирак, било испланирано и воспоставување на национално управување со нафтената индустрија. Тоа се потврдило со создавање на Ирачка национална нафтена компанија во 1964 година која најпрвин била воспоставена со ограничени можности. Ирачката нафтена компанија барала да се договори со ирачките власти излагајќи со понуда да ѝ исплати приближно 350 милиони долари оштета на Ирак за загубите кои ги претрпел во текот на годините во кои Ирачката нафтена компанија профитирала од користењето на нафтениот ресурс. Сето тоа не било доволно да се убеди Садам Хусеин.

[36] https//www.cambridge.org. Nationalization of the Iraqi oil petroleum

### 3.5. Историски преглед на стопанисување на ирачките нафтени полиња од страна на западните нафтени гиганти

Британ Петролеум и односите со Ирак датираат уште од 1927 година кога заедно со Ексон и Шел имаат по 23,75% удел во Ирачкото нафтено препријатие. Со договорот од 1930 година Ирачкото нафтено претпријатие (IPC) добива целосна контрола над нафтените полиња во Ирак и на тој начин нафтениот ресурс се става под контрола на странски компании на повеќе од 40 години сè до целосната национализација во 1972 година спроведена од страна на Садам Хусеин.

Идејата дека земјите кои изобилуваат со некој природен ресурс покажуваат лоши резултати во својот развој е во игра уште во 1950 година, која беше тема на разубедување меѓу левоориентираните и десничарските идеолошки кампови. Емпириски податоци почнуваат да се акумулираат и да ја поддржуваат оваа идеја низ текот на годините. Во 1970 година заменик-претседател на Светската Банка, г-дин Гобин Нанкани изнесува податоци со кои укажува на фактот дека земјите богати со одредени минерали имаат во просек по 1,5% зголемување на економскиот раст на годишно ниво што е за половина помалку од развиените земји. Тоа најверојатно се должи на претприемачките активности на развиените земји, со земјите во развој богати со одредени ресурси.

Во меѓувреме односите меѓу ирачката влада и Ирачката нафтена компанија почуваат уште повеќе да се влошуваат. Кога Сирија ќе ги зголеми транзитните такси за гасоводот Баниас во 1966 година, Ирачката нафтена компанија одбива да плати, а како одговор на тоа Сириската влада ги затвора вентилите и ирачките загуби се прилично големи.

Кога Суецкиот канал бил затворен во 1967 година во Блискоисточната војна нафтата ќе добие енормно високи цени и преку ноќ ќе поскапе за 1200%.

Договорот за концесија од 14 март 1925 година, кој ја опфаќа целата територија на Ирак а ирачката нафтена корпорација Ирак петролеум беше во сопственост на БП (23,75%), Шел (23,75%), ИПК (23,75%), Ексон (11,85%), Мобил (11,85%) и Гулбенајн (5%). Сето ова големо (дупчење) и производство ќе ја иницира големата криза во 30-те години кога нафтата во Тексас ќе падне под долар за барел. За време на Големата депресија, светот бил преплавен со

нафта, како резултат на поголемото производство кое доаѓало од Ирак. Во 1927 година Британците ќе го постават кралот Фејсел на власт. По откривањето на нафтеното наоѓалиште во Киркук, 1927 година во нафтената индустрија на Ирак (IPC) ќе почнат да доминираат странски компании, а до 1938 година Ирачката нафтена компанија ќе се здобие со концесија за искористување на сите 16 поголеми наоѓалишта. Сето тоа во период од 75 години, Ирак ќе остане монархија, сè до 1958 година. Ирачкиот народ ќе ги согледа последиците од енормното искористување на нивното богатство од страна на странски приватни нафтени компании а притоа Ирак ќе остане речиси без ништо. До соборување на Ирачката монархија од власт преку воен удар, ирачката нафта ја делат БП, Шел, Мобил и Стандард Оил од Њу Џерси која подоцна ќе се преименува во Ексон. Во 1958 година, со воен удар ќе биде симната од власт Британската монархија, военият удар ќе биде предводен од генералот Касим. Ќе се удрат темелите на донесување закон за национализација на нафтените полиња кои не се дадени под концесија, што всушност ќе претставува чекор до целосна национализација на нафтените полиња во 1972 година. САД ова ќе го доживее како удар врз националните интереси и веднаш ќе даде наредба за распоредување на 20 000 војници во Либан (ова уште може да се сретне и во контекст како „Ајзенхауерова доктрина").

### 3.6. Концесија на ирачката нафта од 1958–1972 година

САД и В.Британија долго време ќе претставуваат ¾ удел од вкупното производство на нафта во Ирак, но тие ќе ја загубат својата позиција со национализацијата на нафтата. Со овој потег, нафтените полиња ќе преминат во сопственост на државата со што ќе се истиснат странските нафтени корпорации.

Ирак, земја во Средниот Исток, богата со нафта, се проценува дека нејзините резерви на нафта се наоѓаат на 3 место од вкупните резерви во светот, веднаш по Саудиска Арабија и Русија. Населението е претежно муслиманско каде што конфесијата е изразена со поделба на тоа население, меѓу муслимански сунити и мисlimански шиити, а не е занемарлива бројката ни на Курдите, претежно населени во североисточниот дел на Ирак. Еден занемарлив дел припаѓа и на христијаните. За да не се навраќаме премногу на историјата, би сакал да направам еден мал осврт на настаните, претежно во последното столетие, каде

што во Ирак по распаѓањето на Отоманската Империја свои интересни сфери пројавува Велика Британија. Во 1921 се прогласува за монархија, познато како Кралството на Ирак, а од Британија се стекнува со независност во 1932 година. Во 1958 се руши монархијата и се прогласува за Република Ирак, на чие чело доаѓа партијата БААТ и останува сè до инвазијата на САД и коалицијата во 2003 година кога се соборува од власт Садам Хусеин. Овој период мора да потенцираме дека е проследен со меѓу-државни војни, внатрешни превирања, дури и интевенции на западни и моќни сили предводени и од најмоќната САД. Една од причините и од интервенциите на најмоќната сила на светот врз оваа држава, ќе ја анализираме токму во овој магистарски труд. Со конкретен осврт на настаните во 1991 година, кога започнува таканаречената Прва заливска војна, насочена кон силите на Ирак, а предводени од штотуку прогласената единствена светска сила САД, по распадот на биполаризмот и дезинтеграцијата на Советскиот Сојуз.

Темното прашање што се поставува по распадот на СССР, е што ќе прави Америка со својата доминантна сила. По нападот на кулите-близначки во 2001 се отвори можност набрзина да се реализира нивната империјалистичка агенда. На Ирачката инвазија ќе се спротивстават и Германија и Франција, кои, инаку најмногу би требале да се залагаат за достапноста до овој ресурс. Но тие ја сфатија улогата на САД во оваа интервенција, со која сакаат да се контролира извозот и достапноста на овие две земји до овој ресурс.

Германскиот инженер Рудолф Дисел е човекот кој ќе ја смени светската политика и економија пронаоѓајќи мотор со внатрешно согорување, којшто ќе има дури до 500% поголема ефикасност од дотогаш традиционалните мотори на јаглен, што во тоа време се користеле и од страна на воената морнарица, заради доминација над светските мориња. А нафтата како ресурс подоцна ќе стане причина за војни и очајни обиди да се претстави нејзиното вистинско потекло.

На далечниот Запад, ова добро го воочува Рокфелер, тогашен разнесувач на нафтен дериват, кој во тоа време се користи за осветлување. За кратко време тој успева да воспостави целосен монопол врз овој бизнис, формирајќи го најголемиот нафтен гигант, СТАНДАРД ОИЛ од кој подоцна под притисок на сојузната влада, за укинување на монополот ќе биде принуден да го раздели на неколку компании. Тексако (TEXACO), Гулф (GULF), Мобил (MOBIL), Шеврон

(SHEVRON) и Ексон (EXXON) кои заедно со европските гиганти Бритиш Петролеум (BRITISH PETROLEUM) и Шел (Shell), познати на јавноста уште и како седумте сестри. Тие ќе претставуваат креатори на меѓународната политика, во некои литератури нивните интересни сфери се спомнуваат и како причини за двете светски војни, многу регионални и внатрешни конфликти од Африка до Блискиот Исток, за да се задржи контролата врз дотокот на нафта, но и на доларите што се поврзани со неа. Контролата над овој деривaрт ќе претставувува значајна алка за успешен индустриски развој со кој ќе се олеснува животот на човекот, но ќе се користи и за водење на таканаречени тивки или економски војни.

По Првата светска војна како глобални нафтени картели доминирале Англо-персиската нафтена компанија (BP) и Ројал Дач Шал (Royal Dutch Shall), а американското семејство Рокфелерови се само помал партнер. По Втората светска војна овој однос значајно се менува. Веќе приватната доминација на Рокфелерови е над глобалниот нафтен пазар.[37]

На водечките американски кругови им станува јасно дека и во двете светски војни излегуваат како победници, токму поради контрола над нафтените ресурси. Позната е и изреката „ако сакате да владеете со светот ќе мора да се контролира нафтата, целата нафта насекаде во светот".

По смена на иранскиот шах во 1979 година, кој беше сојзник на САД и овозможи приватизација на нафтените полиња, по неговата смена повторно се национализира. Тогаш американскиот претседател Џими Картер, пред обраќањето во американскиот Конгрес ќе истакне дека секоја странска сила која ќе се обиде да стекне контрола над регионот во Персискиот Залив ќе се смета за напад над виталните интереси на САД, а на таков напад ќе биде интервенирано со сите расположливи средства вклучувајќи ги и воените. До воената интервенција во 1991 година немало постојани воени бази на САД во овој регион. Со воведување на забраната на летови во Ирак над 36-тата паралела, се назначува и постојаното воено присуство во овој регион. По нападот на 11 септември 2001 година се изградени во толкава бројка воени бази, што воените стратези не би можеле ни да ги замислат.

## 3.7. Геополитичка улога на нафтата

[37] A Century of War: Anglo-American Oil Politics and the New World Order – William Engdahl,2003

Приватните компании од САД и В.Британија ќе успеат да ја трансформираат геополитичката улога на нафтата во концепт на контрола над нафтени наоѓалишта речиси насекаде ширум светот.[38] Токму поради влијанието на големите нафтени компании во креирање на надворешната политика на Западните сили, влијанието ќе се насочува кон земји кои имаат најголеми производствени капацитети, но и кон земји кои располагаат со поголеми резерви на нафта. Со оглед на фактот дека нафтата станува главен двигател на индустријата и нејзината потрошувачка сè повеќе расте, наоѓалиштата на овој ресурс ќе играат важна улога во креирање на модерната геополитика. По терористичките напади во САД на 11.9, се отвораат нови политички насоки во производство и потрошување на енергенси, се утврдуваат главни стратегиски насоки и цели во глобалната енергетска геополитика. Како главна стратегиска цел на САД ќе биде остварување на политичка превласт над Европа и Азија. Нафтата и нејзиниот проток ќе станат главна безбедносна и политичка цел. Можеме слободно да кажеме дека нафтата има свои добри и лоши страни, како пример можеме да го посочиме благодетот и развојот во САД и С.Арабија, но за некои држави нафтата може да биде и проклетство, како што е со Ирак, Нигерија, Сирија и др.

Низ историјата се потврдило дека нафтата и во двете светски војни била клучна за извојување на победата. Уште за време на Првата светска војна се заклучило дека нафтата е пресудна за победа, модернизацијата во воздушно војување и во поморската флота, како и за тенковски битки нафтата била неопходна. По завршување на Втората светска војна од големите центри на моќ, претежно од САД ќе се спроведува концепт на контрола над нафтените наоѓалишта, како и контрола на производство. Оваа контрола ќе има политички реперкусии во земјите богати со овој ресурс претежно во земјите од Блискиот исток (Иран, Ирак, С.Арабија, ОАЕ и др.) како и во земјите богати со нафта на Афричкиот континент (Либија, Тунис, Алжир, Судан, Нигерија). Токму поради контрола над овој ресусрс во 70/80-тите години на минатиот век ќе се случат двата големи нафтени шока, контрола над нафтата и нејзините извозни патишта ќе бидат причина и за Првата заливска војна (1991). По влегување на светот во XXI век, напнатоста продолжува поради нестабилната политичка состојба на Блискиот Исток што ќе доведе до воена интервенција во

[38] Mishael T. Klare – Blood and oil –The Dengers and consequences of America's growing dependency of oil.

2003 со што за многу теоритичари оваа ќе претставува четврти нафтен шок, енормната висока цена на нафтата ќе предизвика кршење на хипотекарниот пазар што, всушност ќе биде причина за финансиската криза во 2007-08 година.

Од ова може да се заклучи дека оние кои имаат придобивки од нафтата и плинот а тоа значи и подигање на националната економија всушност ќе ја диктираат меѓународната политика и меѓународните односи.

Глобализацијата ќе придонесе до значителни промени во технологијата, економската политика, во политичката моќ како и во воената сила, а нафтата ќе остане главен фактор за економска и политичка моќ. Нафтата ќе остане главен двигател на политиката а не само средство за придвижување на автомобилите, авионите и тенковите.

## 3.8.Геополитика на Заливската војна

### 3.8.1 Причини за Првата заливска војна

Регионот на Персискиот Залив изобилувал со конфликти, чести превирања за доминација врз значајни геостратешки точки кои би довеле до поволна позиција на една од страните во конфликтот. Во конкретниот случај би сакал да дадам еден краток историски осврт на настаните пред интервенцијата на Америка и нејзините сојузници во овој регион. По долгогодишната регионална војна, меѓу Ирак и Иран (1980–1988), главно водена за каналот ШААТ АЛ АРАБ, кој се наоѓа на устието на реките Тигар и Еуфрат во Персискиот Залив, каналот беше единствен ирачки излез во Заливот. Ова всушност претставуваше и Прва војна водена меѓу земјите-членки на ОПЕК, се разбира не и последна. Ирак економски исцрпен, единствениот излез го гледаше во одржување на профитабилна цена на нафтата. Во тој период, Кувајт како значен фактор во производство и извоз на нафта го преплавува пазарот со нафта а со тоа и нејзината цена се намалува. Кувајт, наедно е и земја-членка на ОПЕК. ОПЕК инаку претставува организација формирана по иницијатива од земјите произведувачи на нафта, заради одредување на заедничка политика во производство и цена на нафтата.

ОПЕК (Organization of the petroleum exporting countries) е основана е 1960 година, а како земји основачи се: Ирак, Иран, Кувајт, Саудиска Арабија и

Венецуела. Подоцна се приклучуваат Катар, Индонезија, Либија, Обединетите Арапски Емирати, Алжир, Нигерија, Еквадор и Габон[39]. Покрај долговите од војната, Ирак ќе ја почуствува и горчината на кршењето на квотите за производство на нафта утврдени со ОПЕК од страна на Кувајт. Тоа ќе предизвика пад на цените на нафта од 19 на 13 долари по барел. Тоа ќе го чини Ирак приближно 14 милјарди долари за период 1989-1990 година.

Садам Хусеин по завршувањето наИрачко–иранската војна, укажува на присуството на Американските сили во Персискиот Залив, иако војната е завршена, тоа претежно го потенцира на Арапскиот Совет за соработка, во Аман (Јордан) на кој присуствуваат и други земји од арапскиот свет, нагласувајќи дека по распадот на комунистичкиот блог, Соединетите Американски Држави остануваат единствена светска суперсила, која може да претставува опасност за нив. Садам Хусеин во оваа изјава заклучува дека сите земји богати со нафта треба да се обединат и да го искористат поседувањето на овој значаен ресурс, каков што нема секаде во светот, и дека треба да ги зајакнат своите врски со Европа, Јапонија и Русија.

Овој говор на Хусеин, дефинитивно ќе ја зацврсти одлучноста во англо-американски кругови за воена интервенција на Блискиот Исток. На 27 јули 1990 година, кога напнатоста меѓу Кувајт и Ирак ќе кулминира, американската амбасадорка во Багдат, г-ѓата Април Гласпи ќе побара состанок со Садам Хусеин на 25 август. За овој нивни меѓусебен разговор постои службен запис кој го има објавено Ирачката влада, а потврдено и од американската администрација, е дека ставот на Америка, (пренесен преку нивниот амбасадор, г-ѓата Гласпи) е дека нема да зазема страна во евентуалниот конфликт меѓу Ирак и Кувајт. Може и да пренесеме дел од тој разговор, преку кој може да се извлече заклучок, дека дипломатијата на САД кон Ирак и не е така чиста, кога станува збор за запоседнување и контрола на стратешките цели, кои ќе ѝ овозможат целосна хегемонија во овој регион. А тој разговор гласи вака:

- Американската амбасадорка Гласпи: „Гледаме дека има зголемување на бројот на војници на јужната граница, кон Кувајт. Добив одобрување од претседателот Буш, во духот на пријателството, да прашам зошто се зголемува бројката на воените сили на вашата јужна граница“.

[39] OPEC Annual statistical bulletin

- Претседателот Садам Хусаин: „Веќе подолг период имаме проблем со нашиот јужен сосед. За два дена ќе се одржи состанок, ако постои можност за договор нема да се случи ништо, но ако не успеме да се договориме, Ирак нема да го толерира ваквиот однос на Кувајт".
- Американската амбасадорка Гласпи: „Кое решение е прифатливо за вас"?
- Претседателот Садам Хусаин: „Ако би можеле да го задржиме целиот Шаат Ал Араб, кој беше наша стратешка цел во војната со Иран, тогаш ќе направиме отстапки кон Кувајт, но ако мора да го прифатиме пола Шаат и цел Ирак, (што според Ирачаните, го вклучува и Кувајт) тогаш би се свртеле кон зачувување на цел Ирак. Што мислат Соединетите Држави за тоа"?[40]
- Американската амбасадорка Гласпи: „Немаме мислење за вашите меѓуарапски спорови, како што е вашиот спор со Кувајт. Прашањето со Кувајт не е поврзано со Америка".

Дали ова беше една замка за Садам Хусеин, кој само за една недела по оваа средба на 2 август 1990 година го зазема Кувајт. А кувајтското кралско семејство веќе го имаше напуштено Кувајт успевајќи да го повлече и сето свое богатство. Американската влада и англиските банкари ги преземаат сите мерки за замрзнување на кувајтските средства, за кое дотогаш се верувало дека претставува најголем светски поединечен фонд наречен „Кувајтски фонд за инвестиции", сумите се држани во најстрога тајност, но се претпоставувува дека станува збор за преку 100-150 милјарди долари. Се претпоставувува и дека службеници на ЦИА, навреме го имаат предупредено кралското семејство дека се подготвува инвазија на Кувајт.

Цената на суровата нафта значајно се зголемува, причина за тоа е Ирачката инвазија на Кувајт, ова се случува третпат по 1973 година, кога таа успеа да се искачи дури и 400%. Поради ембарго на нафтата и нафтените деривати кои доаѓаат од овие две земји, а наметнато од Обединетите нации се јавува страв од недостиг на нафта, па поради новонастанатата состојба цената на нафтата значително се покачува, и тоа од 16 на 28 долари до крајот на август, а до крајот на септември, дури до 36 долари по барел. Се претпоставува дека сето ова, целата оваа војна е поттикната преку посредници и тоа високи

[40] F.William Engdahl – Miotovi lazi I ratovi za naftu -2012 .

претставници на „седумте сестри“ и нивните банкари, чија цел била да се осигура висока цена на нафта а тоа значело и големи финансиски профити за нив, а петро-доларите биле добродојдени во банкарскиот свет.

Американскиот министер за одбрана имал долги разговори пред целосно да го убеди саудискиот крал, да им дозволи присуство на американските војници на територијата на Саудиска Арабија. Претставувајќи им план дека Ирачките сили претставуваат сериозна закана за Саудиска Арабија. Вистинската содржина на разговорот останал во тајност до ден денешен.

На 8-ми септември 1990 година, Соединетите Американски Држави ја добиваат поддршката од Велика Британија, тогаш предводена од „челичната дама“ Маргарет Тачер и јавно објавуваат дека ќе испратат воени сили во Саудиска Арабија кои треба да ја штитат од ирачка агресија. Администрацијата на Буш всушност ја лажеше светската јавност дека се работи само за одбранбено распоредување, за кое наводно побарала Саудиска Арабија. Саудискиот крал Фахд, на почетокот се залагал за дипломатско решавање на проблемот, но администрацијата на Буш едноставно како да не сакала преговарање, дури и одбила да го испрати својот министер за надворешни работи, господинот Бекер на состанок со Садам Хусеин како што претходно ветуваше.

Сето ова укажувало дека приграбувањето на ирачката нафта нема да биде единствената цел на единствената светска сила, одржувањето на хегемонијата ќе има приоритет. Ќе се настојува да се преобликува светот во склад на своите интереси и да се истисне влијанието на европските и азиските ривали.

На 13 февруари 1991 година, американските авиони придружувани од коалиционите партнери ги извршуваат првите воздушни напади. На 15 февруари Садам Хусеин бара да се повлече од Кувајт, но Буш ја одбива оваа понуда. На 18 февруари ирачката влада ги прифаќа сите резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации, но и тоа поминува безуспешно. За само четири часа по ова барање почнува копнен напад, односно инвазијата на САД врз Ирак.

Копнената војна против Ирак, резултирала со огромен број цивилни жртви но и воени (приближно 100 000) ирачки војници и на крај заврши со капитулација на ирачката влада пред барањата на САД и ООН. Всушност,

борбата не се водеше за протерување на ирачките сили од територијата на Кувајт, туку за некои други цели во остварување на надворешната политика, таа цел поблаго може да се каже „нов светски поредок“. Со распадот на Советскиот Сојуз, онаа празнина што остана со напуштање на сојузништвото со земјите од Третиот свет, Соединетите Американски Држави беа подготвени да ја пополнат.

Својот план Соединетите Американски Држави за зацврстување на своите позиции во Персискиот Залив го остваруваат преку градење на бази во Саудиска Арабија, под закрила на наводна заштита од ирачка инвазија. Во Саудиска Арабија се наоѓа и Гавара, најголемото светско наоѓалиште на нафта. Американската војска почнува да подига цврсти воени објекти и во Кувајт, Катар како и во Емиратите. Ова наиде на серизно негодување кај религиозните муслимани за стационирање на „неверничката американска војска“ на муслиманската света земја. Соединетите Американски Држави успеваат да изградат дури и воен оперативен центар (CENTKOM) на кој ќе му се посвети посебно внимание и кој ќе има одговорност за целиот Среден Исток, Југозападна Азија и Северна Африка. Овој центар ќе одигра пресудна улога во 2001 година, кога ќе се покрене инвазијата врз Авганистан.

### 3.9. Проект за Ново Американско Столетие

Негова цел е неоконзервативна агенда.

Основана е во 1997 година и е финансирана главно од енергетската и воената индустрија. Оваа неоконзервативна тинк-тенк организација за главна цел ја имал, како да се постави Америка во новиот век. Како непрофитабилна образовна организација има за цел да го промовира американското глобално лидерство. За претседател на проектот е избран Вилијам Кристол, додека пак, Роберт Каган, Девон Гафни, Брус П. Џексон и Џон Р. Болтонсе се наоѓаат во бордот на директори. Како извршен директор е назначен Гери Шмит.

Америка, која како победник излезе од Студената војна всушност повеќе и непостоеше реална закана од воена сила. Токму оваа предност од воена сила и воени средства кои ѝ останаа на располагање на Америка ќе го предводи Западот во нови можности и предизвици. Оваа позиција ќе ја искористат идеолозите кои членуваат во групата за креирање на политиката на Америка во

новиот век за воспоставување на новиот светски поредок, и тоа преку хегемонизација и корпоративна приватизација над остатокот на светот. Ќе се изгради една цврста визија како Америка ќе ја обликува својата надворешна политика и ќе ги воспоставува своите принципи и интереси.

„За сето тоа да се реализира е потребно да се изгради една цврста и силна армија која ќе биде подготвена да се соочи со сегашните и идните предизвици, ќе отвори можности смело да се промовира надворешната политика. Се разбира, САД мора да биде претпазлива како ќе ја остварува својата политика". Америка како водечка сила не смее да ја избегнува одговорноста за глобалното раководење. Таа има важна улога во одржување на мирот и стабилноста во регионот на Азија, Европа и на Блискиот Исток. Новите предизвици ќе претставуваат фундаментални вредности со кои ќе се занимава Америка. „Историјата нѐ научила дека треба да се реагира на одредени закани пред тие да прераснат во кризи".[41]

Излегувањето на оваа тинк-тенк организација, всушност се должи на загриженоста која произлезе од излагањето на два Конгреси за одбрана кои ги објавија своите студии. Тоа се Квартален одбранбен преглед на Пентагон (мај 1997 год.) и извештајот од Панелот за Народна Одбрана (декември 1997 год.) во кои се наведува дека буџетот за одбрана на САД во периодот што следува ќе се намалува, а со тоа ќе се доведе до одредени ограничувања во пресрет на идните потреби за безбедност, со што се поттценувааат одговорностите на САД кон остатокот на светот. Иако Америка не се соочува со глобален ривал, таа сепак има цел да ја зачува својата доминантна позиција колку што е можно подолго. Не смее да се потцени и моќта на одредени држави кои не се задоволни од тековната состојба и кои ќе се обидуваат да ја сменат а тоа може да отиде во насока на загрозување на релативно мирната состојба во светот. „Кратење на средства во воениот буџет може сериозно да ја измести Америка од позиција на доминација и да се загуби нејзината супериорност во годините што доаѓаат".

Со сето ова на ум се започна проект во пролетта 1998 година кој ќе има за цел да ја преиспита политиката на САД во сферата на безбедоста и ресурсите со кои располага овој сектор од витално значење. Сметајќи дека САД треба да располага со капацитети доволни за да ја реализира оваа национална

---

[41] Strategy, forces and resources for a New Centry – Rebulding American's Defences – A Report for the New American Century 2000 .

стратегија, која ќе биде посветена за градење на одлична можност за светска доминација.

Може да се каже дека ова е дополнување на стратегијата на Оделот за одбрана предводен од Дик Чејни, која е започната во 1992 година, речиси пред заминување на администрацијата на Буш во која се предвидуваше елиминирање на секаков глобален ривал на САД и обликување на меѓународната безбедност во согласност со американските принципи и интереси.

Во својата агенда главниот фокус го имаат претежно на четири точки:

- Зголемување на воениот буџет за сметка на останати развојни социјални програми;
- Соборување на режими кои ќе се покажат отпорни на нивните корпоративни интереси;
- Принудна демократија во регионите кои немаат демократска историја;
- Изменување на улогата на ОН во зачувување на меѓународниот поредок.

Во кратки црти можеме да наведеме неколку имиња кои се членови на групацијата за градење на проектот за Ново Американско Столетие, а биле или ќе бидат видни имиња во администрацијата на Буш, односно блиски до оваа администрација.

Дик Чејни, министер за одбрана на САД во мандатот на Буш-Постариот и носител на функцијата заменик-претседател во времето на Буш-Помладиот, директен потписник на принципите и барањата на оваа организација.

Доналд Рамсфелд, државен секретар за одбрана и директен потписник на барањата на оваа организација упатени до претседателот Клинтон, 1997 година.

Паул Волфвитц (Paul Wolfwits) заменик-секретар за одбрана, потписник на барањата и принципите кои треба да се втемелат во политиката на САД во новиот милениум.

Џон Болтон, кандидат на Буш-Помладиот за амбасадор на САД во ОН кој беше потсекретар на САД за контрола на вооружување и за глобални безбедносни прашања. Има потпишано неколку свои трудови во форма на писма упатени до претседатели и конгресмени во кои ја промовира надворешната агресија на САД во остварување на политиката на доминација.

Франсис Фукујама, претседател на Советот за Биоетика и член на Панелот за Клонирање.

Пола Добријански, државен потсекретар за глобални прашања.

Залмај Калилзад во 2002 година беше назначен за „специјален претставник-емисар за слободни Ирачани". Според соопштението на Белата куќа, Калилзад би служела како централна точка за координација меѓу слободните Ирачани и владата на САД за градење на постсадамовски Ирак. Таа активно се залагаше за соборување на Садам Хусеин од власта, уште од 1980 година, а својата умешност ја покажува со брзо и успешно воспоставување на владата на Хамид Карзаев во Авганистан откако беше назначен за специјален американски претставник во Авганистан во декември 2001 година.

Џон Ф. Лиман, член на националната комисија задолжен да ги испита пропустите на безбедносните служби по терористичките напади на 11-ти септември 2001 година.

Луис Скутер Либи, началник на Генералштабот и помошник на заменик-претседателот Дик Чејни по прашања од Националната безбедност.

Ричард Перле, претседател на Управниот Одбор за Одбранбена политика на САД кој одржува редовни средби со Доналд Рамсфелд. Овој одбор имаше дозволен пристап до строго класифицирани информации од разузнавачките служби на САД. Во 2003 година си поднесува оставка од функцијата претседател на овој Одбор по скандалот дека тргувал со овие значајни и високо класифицирани информации.

Оваа група главно е финансирана од многу моќни енергетски или нафтени компании како и компании од воената индустрија.

Тука можеме да ги споменеме Халибартон кој долго време беше предводен од заманик-претседателот Дик Чејни, Бехтел, на нејзиното чело долго време стоеше Доналд Рамсфелд, Трирема, компанија од сферата на одбрана која е основана неопосредно пред инвазијата во Ирак, и тоа од Ричард Перли.

## 3.10. Општо за нафтените компании

По самото влегување на Буш–Чејни во Белата куќа, Чејни ги собира високите претставници во индустријата за нафта и гас ветувајќи им дека листата на нивните потреби ќе ја претвори во национална стратегија на САД.

Благодарејќи им за несебичната поддршка во претседателската кампања за која се проценува дека енергетскиот сектор има инвестирано приближно 2 милиони долари.

Како прв нивен јавен чин со кој преку писмо му се обраќаат и бараат од Претседателот Бил Клинтон во 1998 година е да ја смени политиката кон Ирак и да се применат воени средства за симнување на Садам Хусеин од власт.

Всушност Чејни, Рамсфелд и другите членови на организацијата за креирање на Проектот Америка во новиот милениум сакаа што е можно побрзо да се стават што повеќе од нафтените резерви на Ирак под контрола на САД. Може да се каже дека нивната цел и не беше да се користи ирачката нафта, туку да се стави под контрола нејзиното користење од страна на другите земји.

Пред инвазијата на САД врз Ирак во 2003 година, Садам Хусеин потпишува договор за истражување на ирачките нафтени полиња со руски, кинески и француски нафтени компании, што претставува доста интересен податок кој никогаш не е спомнат во американските или британските медиуми пред да започне војната. Американските и британските компании беа оставени на цедило, Садам Хусеин ги исфрли од игра за натпревар во придобивање на вторите резерви на нафта во светот. Инвазијата на САД и сојузниците беше да ги надмудри овие земји до достапноста до овој ресурс.

Во 2000 година пред претседателските избори на САД, Дик Чејни ја објавува програмата на ПНАВ, односно воено-стратешкиот план за новиот американски претседател. Името на документот гласеше „Повторна изградба на американската одбрана“. Тој документ беше нацрт-план за прогласување на трајна воена состојба против секој потенцијален непријател.

Во известувањето на ПНАВ концизно е нагласено дека присуството на американските сили во Персискиот Залив всушност треба да претставува долгорочна стратегија на САД и на нејзините главни сојузници, и овој регион се назначува како регион од клучно значење. Токму тоа со декада наназад се обидуваат да го направат, со присуството на сè поголем број сили во Персисикиот Залив под изговор за одржување на регионалната безбедност.

Во документот се вели, дека дури и да се подобрат односите меѓу Иран и САД во иднина, истурените позиции на воените сили во овој регион ќе претставуваат клучен фактор во безбедносната стратегија на САД, со оглед на

долгорочните интереси во овој регион. Тие „долгорочни интереси“ ќе претставуваат контрола на нафтата на Блискиот Исток.

Потпишувачите на овој документ како Доналд Рамсфелд, Дик Чејни и Паул Волфитц ќе станат клучни луѓе во администрацијата на Буш кои ќе ја спроведуваат оваа препорака за агресивна надворешна политика, која меѓу другото ќе обезбеди трајни американски воени бази на Блискиот Исток. Сите високо позиционирани членови во тимот за воена и надворешна политика на САД во администрацијата на Буш–Чејни, всушност се тесно поврзани со тинк-тенк организацијата за креирање на политика на САД во новиот милениум.

За реализација на оваа стратегија ќе биде потребен нов „Перл Харбур“ а за тоа ќе го искористат терористичкиот напад на 11 септември 2001 година над Светскиот трговски центар преку кој ќе промовираат унилатерално водење на долгорочни војни под изговор за водење на глобална војна против тероризмот. Тоа најпрвин ќе го изведат против Авганистан, а подоцна и против режимот на Садам во Ирак. За војната во Ирак постојат и одредени докази кои укажуваат на фалсификувани разузнавачки документи со кои лажно се прикажува постоење на програми за развој на нуклеарно оружје или оружје за масовно уништување, како што милуваше Пентагон да каже во своите излагања пред американската и меѓународната јавност. Оваа војна ќе наиде на осуда од страна на најугледни и реномирани стручњаци по меѓународно право кои ќе тврдат дека САД ја кршат повелбата на Обединетите нации како и меѓународното право. Но Буш и Чејни и покрај гласните критики ќе останат глуви кога е во прашање меѓународното право, и тоа само по цена на нафтата.

### 3.11. Поврзаност на енергетскиот план на Буш со воениот план

Растечките потреби на САД од увоз на нафта ги доведува во позиција на натрапник кај земјите богати со овој ресурс, честопати изложувајќи се на ризик од учество во регионални и локални конфликтни ситуации. Оваа реалност има влијание во односите на САД со поголемите производители на нафта и сè посигурно е дека во иднина ќе има поголеми влијанија. За жал, ова никогаш нема да биде признаено од официјалната американска администрација.

Планот на Чејни е да се фокусира на економски и дипломатски димензии на енергетската политика на САД. Креаторите на политиките на Буш и на Чејни, кои повикуваа на сè поголемо присуство во Персискиот Залив кој е

подолг период во една таканаречена хронична криза, нема да можат да ги остварат само со дипломатски и економски напори. Ќе биде невозможно присуството до нафтените ресурси без употреба на воена сила.

Архитектите на политиката на Буш и на Чејни ги имаат нагласено паралелите на администрацијата на Буш, меѓу енергетската политика и нејзината воена стратегија. Во поглед на воената политика на оваа администрација е развојот на софистицирана опрема и балистички ракетни системи во националниот систем на одбрана. Тука се вбројуваат и лесно вооружени единици кои многу лесно и брзо можат да се покренат од воените бази на САД и на Европа до местата каде што треба да се дејствува. Така што, САД ќе успеат да направат една моќна проекција на копнени и воздушни воени сили кои ќе можат да пенетрираат многу брзо и енергично со континуирана поддршка од воздух и вода за нивен брз напредок. Оваа моќна проекција вклучува и носачи на авиони и подморници кои имаат долг дострел да гаѓаат цели на копно од вода и воздух. Токму на вакви сили е ставен приоритет на воените планови во администрацијата на Буш. Уште во првата кандидатура на Буш, во својот говор за воената политика изјавува „нашите сили во следниот период мора да бидат лесни, ефикасни и ефективни со минимум логистичка поддршка.

Нашите копнени сили мора да бидат полесни и повеќе смртоносни, нашите поморски сили мора да бидат оспособени да уништуваат цели на поголеми растојанија а нашите воздушни сили да можат да дејствуваат во секој дел од светот со голема точност“.

Токму ваква формација Буш по инаугурацијата во 2001 година, ќе се обиде да оспособи (а како што видовме и токму на таков вид на оружје Министерството за Одбрана, ќе се потпира во март/април 2003 ) во инвазијата врз Ирак.

Политиката на САД кон остатокот на светот е детерминирана токму од овие два стратегиски елементи. Всушност, едниот дел е насочен кон обезбедување нафта од остатокот на светот, а другата во насока на обезбедување капацитети на САД кои може да дејствуваат токму во овие места.

Енергетската и безбедносна политика на САД споени во еден интегриран дизајн ќе ја предводи американската доминација во светот во XXI

век. Оттука, всушност, ќе произлегуваат стратегии кои ќе го регулираат однесувањето на Америка во децениите коишто доаѓаат.

### 3.12. Персиски Залив

САД добиваат околу 18% од својата нафта токму од Персискиот Залив. За Вашингтон од стратегиско значење е стабилноста, доставувањето и производството на нафта од овој регион. Сојузниците на САД како што се, Западна Европа и Јапонија, исто така зависат од увозот на нафта од овој регион. Поради растот на домашното производство САД уште повеќе ќе станат зависни од увоз на нафта. Сето ова ќе го посочи Персискиот Ззалив како место од стратегиски интерес на повеќе центри на моќ.

Надворешната политика на САД е недвосмислена кога станува збор за Персискиот Залив, загрозување на снабдувањето со енергија од овој регион или каква и да е друга закана, САД ќе ги искористат сите свои механизми кои ѝ стојат на располагање, вклучувајќи ја и воената сила сè со цел да се обезбеди непрекинато снабдување со овој енергетски ресурс.

Овој принцип за првпат беше воспоставен од страна на Џими Картер, во јануари 1980 година, по Советската инвазија на Авганистан и по падот на Шахот во Иран. Во согласност со овој принцип е воспоставена таканаречена Картерова доктрина со која САД прибегнува кон употреба на сила и тоа во неколку наврати 1987-1988, за да ги заштити кувајтските танкери од проектилите на Иран и во 1991 година за да се повлечат ирачките сили од Кувајт.

За да се објасни воената интервенција на САД во Персискиот Залив (1990-1991) пред меѓународната јавност американските претставници постојано ја истиснуваа важноста на персиската нафта за одржување на американската стабилност и просперитет. Тогашниот министер за одбрана Дик Чејни во своето излагање пред Сенатот во 1990 година пет недели по инвазијата врз Кувајт од страна на Садам Хусаин изјави: „САД има стратешки интереси во регионот на Персискиот Залив. Енергијата е во прашање. Ирак веќе поседува 10% од светските резерви на нафта, сега по окупацијата на Кувајт во поседство има уште 10%, а воедно ако погледнеме ќе видиме дека ирачките сили се распоредени на само неколку стотина километри од 25% на светските резерви кои се наоѓаат во источната провинција на Саудиска Арабија“.

Откако Садам Хусеин распореди војска по целиот Кувајт, контролирајќи 20% од вкупните светски резерви на нафта станува сè посеризен играч кој може да ја диктира енергетската политка, која би имало сериозни последици врз економијата на САД како и на економиите на другите земји во светот.

„Токму поради оваа причина САД нема друг начин освен да распореди воени сили за одбрана на С.Арабија и другите пријателски сили".

Откако ирачките сили беа протерани од Кувајт, САД ќе ја усвојат политиката на „задржување" во овој регион, ќе воведе економски санкции и спроведување на зона за забранети летови на северниот и јужниот дел од Ирак, со цел да се ослабне режимот на Садам Хусеин и да се спречат идни агресии врз Кувајт и С. Арабија. Со оваа политика Вашингтон значително го прошири своето присуство во Персискиот Залив, со што ќе се олеснат идните операции на САД во овој регион.

Министерството за одбрана позиционира и големо количество на оружје и муниција во Катар и во Кувајт, така што американските војници можат да се испратат во борбена мисија во овој регион без да чекаат денови и месеци на испорака на техника и опрема од САД.

–До почетокот на 2002 година, американската администрација предводена од Буш Помладиот, заклучи дека присуството на американската војска не е доволно да се елиминира заканата за американските интереси во Персискиот Залив од страна на Садам Хусеин и неговото оружје за масовно уништување. Ова ОМУ всушност ќе биде причина за преземање на поцврста и поодлучна акција. Ако ја напоменеме и изјавата на Дик Чејни со која се дава важност на енергетската безбедност на 26 август 2002 година, „ако амбициите на Садам Хусеин се изреализираат да се стекне со оружје за масовно уништување тоа ќе предизвика сериозни импликации во регионот на Блискиот Исток, а воопшто и за САД и за светот во глобални рамки". Дик Чејни ова го изјави на годишната конвенција на воените ветерани. Тој уште нагласува дека „вооружани со ваков арсенал и поседување на 10% од светските резерви на нафта може со сигурност да се смета дека ќе ја преземе доминацијата над целиот регион на Блискиот Исток, а со тоа да ја преземе и контролата на голем дел од снабдување со енергија во светот, со што би се загрозиле и интересите и на пријателските земји во овој регион".

Се разбира дека на јавноста ѝ беше кажано дека нафтата нема никакво влијание во спроведување на воената интервенција во март 2003 година и дека единствен интерес на САД во регионот е воспоставување на демократски режим кој ќе ги застапува човековите права и слободи, а не способноста на Ирак да генерира нафта.

За жал погледите на администрацијата за воено планирање покажува нешто сосема друго. Во јануари 2003 година протекуваат информации во кои се гледа дека постои план со кој во интервенцијата над Ирак, еден тим предводен од генералот Томи Френкс има задача да ги заштити нафтените полиња што е можно побрзо и со што помалку оштетувања.

Како што е наведено од висок претставник (веројатно од заменик државен-секретар Пол Волфовиц) администрацијата на Буш ќе се обиде да ги освои нафтените полиња неразорани со цел брзо да почне со производство и извоз на нафта со што ќе се стекне со профит од кој ќе ја финансира окупацијата и реконструкцијата на Ирак.

Но ова е само почеток на спроведување на американските интереси преку ирачката нафта.

Според Министерството за Енергија на САД, Ирак располага со докажани 112,5 милјарди барели на нафта во наоѓалиштата додека се претпоставувува дека во неистражените предели има уште 200 милјарди барели. Ако ова се докаже како точно, Ирак би станала една од водечките земји извознички на нафта, поголема дури и од Саудиска Арабија, што ќе одигра големо влијание врз САД и другите земји зависници од увоз на овој ресурс со децении во иднината.

Со успешната инвазија на САД врз Ирак се воспоставувува цврста контрола над областа во Персискиот Залив и неговите резерви на нафта. Реална оценка за стабилноста на овој регион во иднина е невозможна. Креаторите на американската политика во овој регион ќе се соочат со два клучни предизвици.

1.Да се осигура дека Саудиска Арабија и другите производители на нафта во регионот на Персискиот Залив ќе го зголемат производството и ќе може да се задоволат растечките потреби од нафта на САД и на меѓународната заедница.

2. Да се заштити Саудискиот режим од внатрешни немири и бунтови.

Проблемот со потребите од зголемувањето на нафта во саудиското производство е доста акутен. С.Арабија поседува повеќе од ¼ од светските резерви на нафта кои изнесуваат околу 262 милјарди барели и е единстената земја во светот (покрај Ирак) чиишто капацитети може да ги задоволат растечките потреби од побарувачката на нафта на САД и на меѓународната заедница.

Според Оделот за Енергетика на САД, производството на С.Арабија мора да се зголеми за 133 % во текот на следните 25 години. Од 10,2 милиони барели на ден на 23 милиони барели до 2025 година со цел да ги задоволи светските потреби. Најдобар начин да се постигне сето ова, американските аналитичари сметаат е да се убеди С.Арабија да го отвори својот нафтен сектор за инвестиции од американските приватни нафтени компании. Токму на тоа и повикуваше извештајот на Чејни. Секој обид на Вашингтон да изврши притисок врз Ријад да овозможи пристап на американските нафтени компании до нафтените ресурси на Саудиското кралство, сосемо очекувано наиде на значителен отпор од страна на кралското семејство, кое свесно знае дека ќе подлегне на огромен притисок од Саудијците кои и онака сметаат дека се премногу потчинети на американското наддавање.

Соработката на полето на безбедност меѓу американската администрација и саудиското кралство ќе наиде на отпор од страна на младите Саудијци и ќе стане извор на тензии во оваа земја. Тоа пред сè ќе се должи на блискиот однос на Вашингтон со Израел, но и со антиисламскиот став кој го промовира оваа администрација. Овие антиамерикански фракции беа предводени од Осама бин Ладен кој успеа во доцните 90-ти да регрутира и придобие доста следбеници и финансиери на ова движење.

По нападите на 11 септември 2001 година, саудиската влада презеде сериозни чекори во борба против оваа опозициска фракција за да се продолжи со успешната воена и економска соработка со Вашингтон.

За да се најде начин да се искорени оваа опција а воедно и да се убеди Ријад да ги зголеми испораките на нафта за да се задоволат потребите на САД, ќе биде еден од најтешките предизвици со кој ќе се соочат креаторите на американската политика во наредните години.

## 3.13. По Втората заливска војна

САД исто така се соочува и со континуирана напнатост и со Иран. И покрај тоа што иранските лидери изразија сочувство за терористичките напади што го погодија САД и обезбедија скромна помош за американските сили во кампањата против Авганистан, сепак односите меѓу двете земји останаа напнати. Иран ќе биде вброен во еден од трите члена кои ќе ја сочинуваат „оската на злото", на што многумина од Иранската елита укажуваа дека по инвазијата врз Ирак, следна цел на Америка ќе биде Иран. Ваквите стравувања ќе се зголемат со обвинувањата од страна на САД дека Иран продолжува да ја збогатува својата програма за развој на нуклеарното оружје. Иако до директен судир меѓу Иран и САД, нема да дојде, сепак тензиите меѓу овие две земји во наредниот период ќе дојдат до едно повисоко ниво.

Дик Чејни кој ја предводеше американската армија во Првата заливска војна, со заминување на Буш од Белата куќа, ја добива позицијата на извршен директор во компанијата Халибартон, најголемата корпорација во светот за нафтена инфраструктура. За него се врзува една многу значајна изјава во 1999 година во која вели „нафтата и понатаму останува прашање на владата на САД, а Блискиот Исток е место за кое се проценува дека поседува 2/3 од светските резерви на нафта и експлоатацијата е по најниска цена, таму всушност се наоѓа главната награда". Иако многу компании посакуваат да имаат подобар пристап до овие резерви, напредокот е доста спор. Тој и неговиот долгогодишен пријател Дон Рамсвелд, ќе го основаат „Проектот за новиот век на Америка" (Project for the new American century), PNAC. Членовите на овој проект ќе се залагаат ирачката нафта или барем поголем дел од нејзе да биде под американска контрола, како подобра опција да се користи ирачката нафта отколку да се води грижа за тоа кој ја користи.

Уште од самото доаѓање на власт на Буш Помладиот, неговата администрација покренува кампања со која јасно става до знаење дека промената на режимот во Ирак зазема централно место во американската политика кон Ирак.

Пред да се нападне Ирак, во 2003 година под обвинување за поседување на оружје за масовно уништување, (и прогласен од мандатот на Буш Помладиот, како „осовина на злото", која го поддржува тероризмот а кога Дик

Чејни станува заменик-претседател) не треба да остане незабележително дека Садам Хусеин потпишува договор за истражување на ирачките полиња со руски, кинески и француски нафтени компании, додека водечките американски и британски компании остануваат на цедило. За да не ги загуби овие значајни резерви на нафта, САД се одлучува да го нападне Ирак.

Оваа интервенција всушност и нема да е поради контрола на нафта како ресурс, туку поради контрола на моќта. Контролата над Персискиот Залив ќе претставува „продолжена рака" за контрола над Европа, Кина и Јапонија. Всушност, американска рака да го контролира вентилот за нафтениот ресурс.

## 3.14.Нова стратегија на САД

По терористчките напади на Светскиот трговски центар и Пентагон на 11-ти септември 2001 година, на светот му стана јасно дека и единствената суперсила не е неранлива. Овој настан ќе доведе до сериозни промени во пристапот кон националната безбедност на САД. Тероризмот ќе се идентификува како најсериозна закана за националните интереси на САД, а тоа ќе доведе до создавање на нова стратегија на Национална Безбедност, пристапот на новата воена доктрина го воведува превентивното делување. Тоа предвидува дека предизвиците ќе бидат анулирани секаде каде што владеат САД, или каде што имаат интереси. За прв пат во Стратегијата на САД ќе биде опфатено превентивното делување со цел одвраќање на државите или терористичките групации од употреба на оружје за масовно уништување против САД или нивните сојузници.

Овој менталитет кој го промовираше Буш Помладиот, со предзнаци на империјализам наиде на осуда кај западните сојузници, бидејќи тој без двоумење нагласуваше употреба на воена сила за борба против „осовината на злото", а тоа опфаќаше и воени средства за симнување на Садам Хусеин од власта. Непоколебливо ја убедуваше јавноста дека најдобра одбрана е да се преземе војната од непријателот, всушност најдобрата одбрана е силната офанзива.

Во оваа Втора заливска војна САД имаше 3 значајни оправдувања:

- Одбивање на Садам Хусеин на спроведување на резолуциите поставени од ОН;
- Смена на диктаторскиот режим како хуманитарен аргумент;

- превентивен аргумент, да се оневозможат проблематичните држави и терористичките организации да се стекнат со оружје за масовно уништување.

Светското мислење кон ваквата политика не беше баш наклонето. Ова беше порака дека носителите на одлуки кои влијаат во креирање на јавното мислење исто така треба да бидат подготвени да се справат кога ќе се најдат под такво влијание. Пред самиот почеток на војната во Ирак, 2003 година, односно во февруари кога определбите беа сè поцврсти на моќната американска пропаганда за употреба на воена сила за соборување на Садам Хусеин од власт, се одржаа најголемите протести во историјата. На протестите во кои учество земаа неколку милиони луѓе ширум светот, кои недвосмислено го искажаа својот револт против воената интервенција и тоа најизразено во земјите од Западна Европа, од кои САД очекуваа поддршка. Во Рим излегоа приближно 3 милиони луѓе, во Лондон излегоа 1,5 милион а голема беше бројката и во Мадрид[42].

Влогот не беше само Ирак, туку целиот свет. Империјализмот, насилството и колонијализмот, кои беа причина за првите две светски војни повторно избија на површина во светската политика. Контролата над ресурсите доведе до повторно враќање на геополитиката. На овие противвоени движења се спротивставуваше пропагандната машинерија на најмоќната држава во светот, испреплетена во лаги и фалсификувани документи, сомнителни тврдења и хипокризија, а тоа доведе до двојни стандарди, но и потрага по вистинските мотиви за водење на оваа војна. Широко прифатен заклучок за водење на оваа војна беше обидот на САД да дојдат до контрола на нафтениот ресурс кој изобилуваше во овој регион. Во овој регион лежат 1/3 од светските резерви на нафта, Саудиска Арабија со 259 милјарди барели и Ирак со 112 милјарди барели. За Ирак се претпоставува дека вкупните резерви може да бидат и до 432 милјарди барели поради дел од територијата која сè уште не е истражен.

Уште пред нападите на 11 септември 2001 година, важните играчи во американската политика јасно ставија до знаење дека контролата над блискоисточната нафта може да се оствари само со напад на Ирак.

[42] Билјана Ванковска – Меѓународна безбедност: критички пристап – Филозофски факултет – Скопје, 2011

Во април 2001 година администрацијата на Буш го добива извештајот за „енергетска безбедност" од Институтот за јавна политика „James A.Beker". Бекер беше државен секретар во администрацијата на Буш Постариот. Овој извештај беше авторизиран од Дик Чејни.

Тој гласеше „Ирак останува дестабилизирачки фактор во регионот на Блискиот Исток, тоа сериозно влијае врз безбедноста во регионот, но и за глобалната безбедност, како и за протокот на нафта до меѓународниот пазар. САД ќе треба да спроведат револаризација на политиката кон Ирак, вклучувајќи воени, политички, енергетски и дипломатски методи".

Нуклеарното оружје што го поседува Ирак и врските што ги има со терористичката група Ал Каеда, како што рече Дик Чејни дека има непобитни докази, претставува една од најголемите лаги во историјата на човештвото, претставено од политичка елита. Фактот дека може и да се изманипулира една организација како што е ООН само кажува колку е моќна оваа политичка елита и можноста да се позиционирани едноставно каде што ќе посакаат насекаде во светот. Ова ќе биде промовирано како нов „Перл Харбур".

Проектот (PNAC) во кој во другата половина на 90-тите ќе седат мудрите глави на крајната десница, подоцна ќе станат и носители на високи позиции во американската администрација на претседателот Буш. Со операцијата за соборување на Садам Хусеин од власт дефинитивно се позиционирани силите на САД во овој регион.

Во 2001 година Советот за Енергија, предводен од Дик Чејни на состанокот за енергетска безбедност утврдил дека енергетската безбедност земјата ќе ја остварува преку нафтените полиња, инфраструктурата и рафинериите на Ирак.

Чејновите енергетичари ги имаат разработено и мапите на нафтените полиња и на Ирак 11%, С.Арабија 25% и ОАЕ со 8 %, како и список на нафтени компании коишто учествуваат во експлоатација на овој ресурс[43]. На списокот за Ирак, јасно се потцртани компании како францускиот Тотал, рускиот Лукоил и кинеската Националана нафтена компанија. Всушност и од овие земји доаѓа најголемиот отпор во Советот за Безбедност во ООН, кои се спротиставуваат на воената интервенција во Ирак.

[43] A U.S. Strategy for sustainable develop security – By David Korany www.atlanticcouncil.org.

На состанокот со Чејниевата група им се поматува умот од „црното злато", во групата членуваат високи претставници на Ексон (Exxon), Мобил (Mobil), Шел (Shell), БП (BP), Шеврон (Chevron) и др. Колку за потсетување, состанокот на оваа група се одржал во 2001 година, пред нападот на Светскиот трговски центар.

Како што минуваше времето сè појасен глас доаѓаше од инспекторите на ОН во Ирак кои сè погласно изјавуваа дека Ирак нема оружје за масовно уништување.

Да се причекаше уште малку ќе се донесеше заклучок дека Ирак нема оружје за масовно уништување, а тоа ќе значи дека треба да се преиспита одлуката за санкции и би се зголемило искористувањето на нафтените ресурси од страна на европски, руски и кинески нафтени корпорации.

Еден настан кој можеби беше пресуден за американската интервенција во Ирак, беше и изјавата на Садам Хусеин која помина не толку забележително од страна на медиумите а која гласеше дека „ирачката нафта која се продаваше под програмата на ОН 'нафта за храна' ќе почне да се продава во евра, а не во долари како и целиот нормален свет". А најголем купувач на ирачката нафта е токму САД и тоа со 2/3 од вкупното производство. По окупацијата на Ирак во 2003 година повторно е вратена трговијата на ирачката нафта во долари. Потоа ќе следува и поделбата на нафтените полиња меѓу најзаслужните нафтени компании со што ќе започне американизација на целокупното општество.

## IV Глава Нов развој во енергетската безбедност и политика на САД

### 4.1. Основни карактеристики

Конгресот веќе почнува сериозно да размислува да ја укине забраната за извоз на сурова нафта, овозможувајќи им на нафтените компании целосен пристап до светските пазари надвор од Северна Америка. Ова може да доведе до зголемување на економскиот раст во Америка. Зголеменото производство ќе доведе до отворање на нови работни места. Се поставува прашањето дали укинувањето на забраната за извоз би можело да доведе до зголемување на заканите по енергетска безбедност или други економски влијанија.

Забраната за извоз на сурова нафта од САД, стапува на сила уште во 1973 година, по воведувањето на ембарго од страна на ОПЕК кон САД, што доведе до

огромни потреси во американската економија поради недостиг од нафта. Во 1975 година американската влада го донесе законот за „Енергетска политика и конзервација“ со кој се забранува извоз на сурова нафта од САД, со цел да се создадат стратегиски резерви и да се утврдат нови прописи за да се намали потрошувачката на нафта во САД.

До нафтеното ембарго 1973-1974 кое траеше 9 месеци, САД во овој период се потпираше на само 6% од увозот на овој енергенс од земјите производители, но сепак успеа да влезе во рецесија. За таа цел се презедоа мерки да се намали зависноста на САД од земјите во Персискиот Залив.

Степенот на ризик од увоз на нафта од Персискит Залив се зголемува во периодот на 90-тите.

Еден од најзначајните чекори кои ги имаат преземено федералната влада на САД за да ги ублажи ризиците по енергетската безбедност е издигањето на нафтените резерви на 635 милиони барели, бројка која може да претставува сигурност на САД за да може да биде без увоз од Заливот на период од една година. Почнува да се засилува увозот на сурова нафта од Мексиканскиот Залив и брзата достава на сурова нафта од Канада. Со ова многу лесно може да се дојде до фактот дека Европа и Источна Азија сè повеќе се зависни од нафтата во Персискиот Залив.

Поврзаноста на администрацијата на Буш со нафта и гас се многу длабоки. Неговото семејство е во нафтениот бизнис уште од 50-тите години на XX век. Дик Чејни во втората половина на 90-тите се наоѓа како извршен директор на Халибартон, најголемата и најмоќната компанија во светот за нафтена инфраструктура. Националниот советник за безбедност на САД, Кондолиза Рајс е на едно од водечките столчиња на Шеврон, кои пак и еден танкер за нафта го имаат назначено токму по нејзиното име. Државниот секретар за трговија, Доналд Еванс беше извршен директор на Том Браун Корпорација, компанија за природен гас со полиња во Тексас, Вирџинија и Колорадо.

За оваа елита, често во академските и новинарските кругови се зборува дека оваа администрација на Буш всушност претставува администрација за нафта. Не може да се зборува за Буш, без разлика дали станува збор за таткото или синот а при тоа да не се спомне нафтата.

Но како овие врски влијаат во креирањето на надворешната и внатрешната политика на САД и колку всушност нафтата влијае во креирање на овие политики е прашање за елаборирање.

Дедото на Буш, Прескот Буш пред да биде избран за Сенатор во 1952 година му помага на неговиот син Буш со 350 000 долари да застане на чело на Запета петролеум. Така што, Буш од неговата позиција во Вашингтон многу јасно ги гледа интересите на нафтената индустрија. Тој цврсто се спротиставува на иницијативата за федерализација на нафтените дупчења на крајбрежјето. Набрзо по отфрлање на легислативата, Запата петролеум пристапува кон крајбрежното дупчење што ќе претставува еден профитабилен потфат.

Џорџ Буш, заработил милиони во текот на 50/60-тите години, во време на периодот што ги зафатил тексашките производители на нафта. Тогаш Буш стекнал многу пријатели, а еден од нив е и Џејмс Бекер, кој ќе стане и адвокат на неговата нафтена корпорација Запета петролеум, која подоцна ќе се спои со Пен и ќе стане Пен-Зоил.

Тие негови пријатели стекнати преку нафтениот бизнис ќе го доведат Буш во Вашингтон, најпрвин како претставник во Белата куќа, потоа како претседател на Републиканскиот национален комитет, а подоцна потпреседател и претседател на САД.

Неговиот прв јавен чин или постапка, поврзана со нафта се поврзува уште во 1981 година како потпретседател на САД во времето на Реган, кога заминува во официјална посета на С.Арабија и реагира што е можно побрзо да запре падот на цената на нафтата. Овој потег ќе го оправда со штитење на американските безбедносни интереси. Додека пак, американската нафтена индустрија на која со падот на цената на нафтата едноставно се наруши профитот, а увозот од Персискиот Залив стана повеќе профитабилен. Сопирањето на паѓање на цените ќе има големо значење во домашната нафтена индустрија, што подоцна ќе му помогнат за успешна претседателска кампања во 1998 година.

Дик Чејни главно профитирал од уништувањето на Ирак, каде што операцијата за уништување ја надгледувал од позиција на секретар за одбрана, за време на Првата заливска војна. Се зборува дека пред да стане потпретседател на САД во 1998-1999 година има инкасирано 36 милиони долари. Тоа го постигнува преку резолуцијата на ОН од 1998 година, со која се

дозволува на Ирак да ја обнови својата нафтена инфраструктура. За да не се доведат во прашање американско-ирачките односи, тој на Халибартон му овозможува преку свои подружници од Европа да врши испорака на опрема и материјал за реконструкција на нафтената инфраструктура.

Додека Чејни тврди дека профитот на Халибартон нема врска со администацијата на САД, Лос Анџелес Тајмс објавува документи во коишто јасно се гледа дека американската влада ги помага проектите на Халибартон во Азија и Африка.

Државниот секретар Џорџ Шулц Реган седна во одборот на Шеврон пред доаѓањето на Кондолиза Рајс. Рајс се приклучува во бордот на директори во Шеврон во 1991 година по едногодишно служење во администрацијата на Буш, како советник за национална безбедност, претежно била ангажирана во Југоисточна Европа за експертиза во бившите советски држави.

Таа работеше во Шеврон уште пред да почнат да паѓаат бомбите врз Авганистан. Во Шеврон своето време претежно го поминувала во склопување значајни зделки и тоа во Каспискиот регион. Шеврон (со Мобил) преработуваат 70% од нафтата која излегува од нафтеното поле на Тингиз-Казахстан.

Не постојат чисти и јасни докази како нафтата влијае во креирањето на надворешната политика на САД.

Саудиска Арабија со својот удел донекаде можеше да влијае на политиката на САД врз Израел и да се стави крај на конфликтот со Палестина, но по 11.9 тоа е речиси невозмжно поради поврзаноста на терористите со Саудиска Арабија.

Според некои показатели, нафтената индустрија полека ја губи власта. Се прават радикални чекори за намалување на зависноста од овој енергенс.

Сето оваа превирање, војни, страдања и голготи е предводено од САД во знак на градење на еден нов светски поредок. Зар историјата не треба да не учи какви сѐ последици имало во таквите подвизи на некои светски лидери во минатото. И Адолф Хитлер го користел терминот за градење на нов светски поредок за да го покрене германскиот народ во остварување на оваа негова идеја, Втората светска војна заврши трагично и за Германија но и за милион други народи.

Болшевиците исто така граделе нов светски поредок, под слоганот „Пролетери низ целиот свет обединете се". Подеднакво била користена и од

Наполеон, Џингис Кан, Атила и др. Сите тие империи градејќи нов светски поредок, имале тенденција да се распаднат.

Оваа реторика во барање на нов светски поредок датира уште многу одамна, кога се појавуваат првите амбиции на човекот да завладее со другиот човек.

Сега сме во фаза на реформирање на едно општество како што е Ирак кое било под диктаторски режим повеќе од 30 години. Но дали е можно нешто да се реформира ако претходно се деформира?

## 4.2. Профит на американските нафтените компании по Првата и Втората заливска војна

Како што на Владата на САД и на Обединетото кралство, нафтените компании требаат да им обезбедат гориво за нивната глобална војна, така на нафтените компании им е потребна воената моќ да обезбедат контрола над нафтените ресурси во светски рамки и нивните транспортни рути.

Многу студии покажале дека профитабилните компании и владите се во тесна врска преку мито и корупција. Владите ги промовираат политиките во интерес на моќните компании, не изостанува ни употребата на насилство а дури и војна со цел да се онеспособат ривалските компании. Ексон и ПБ се водечки компании кои најцврсто ја застапуваат воената интервенција во Ирак. Сообразно на тоа постојат и класифицирани информации во нивните разузнавачки служби. Овие компании, како и некои нивни помали сестрински фирми претставуваат ударна тупаница за воспоставување контрола над нафтата во овој регион. Ексон мобил ја има пол-позицијата во трка на соборување на режимот на Садам Хусеин. Во 2000 година американските нафтени гиганти трошат многу пари да го доведат Џорџ Буш и Дик Чејни на претседателските столчиња на САД.[44] Само една недела по изборот на Буш во неговиот прв мандат оваа инвестиција ќе се исплати. Дик Чејни ќе ја формира групата за развој на национална енергетска политика со која ќе претседава самиот тој. Во групата седат врвниот менаџмент на американските нафтени компании и ја креираат колективната енергетска иднина. Работничката група за нафта и енергија на Стејт Департментот ќе се согласат дека Ирак треба да ги

[44] http://www.observer.co.uk

отвори вратите за меѓународните нафтени компании што е можно побрзо. Листата на членови на групата не беше објавена. Но Ибрахим Бахар Ал Улоум беше назначен за министер за нафта на Ирак во септември 2003 година по окупирање на Ирак, а беше член на оваа група. Поставувањето на Ибрахим Бахар Ал Улоум беше со цел, реализирање на целите на групата. Во истовреме претставниците на Ексон мобил, Шеврон, Конко и Филипс меѓу другите се сретнуваат со персоналот на Чејни во јануари 2003 и го договараат планот за поствоената индустрија на Ирак. За следната декада бившите и тековните извршни директори на американските нафтени компании најпрво ќе влезат како администација во Министерството за нафта во Ирак, а потоа и како советници на ирачката Влада.

Пред инвазијата во Ирак на американските нафтени компании две работи им стоеја на патот на својот план. Садам Хусеин и правниот систем на Ирак. Новоизбраната влада по окупација на Ирак требаше да се произнесе со нови закони за нафта и енергетика на земјата (закон за промовирање инвестиции, национално единство и помирување). Во прва рака законот за јаглеводороди на централната ирачка влада не помина поради отпор на опозицијата со изговор дека ќе се даде премногу овластувања на глобалните компании и ќе ја уништат иднината на земјата.[45]

Не е во прашање само нивниот профит туку и нивниот долгорочен опстанок како најголеми приватни светски компании. Тие наедно влечат корени како најстари нафтени компании во светот. Нивното потекло датира од крајот на 1800 и почетокот на 1900 година.[46]

Ако Првата заливска војна беше за слобода на Кувајќанците и Ирачаните, само со еден поглед на сметката на добивки и загуби од војната предводена од Џорџ Буш Постариот може да се извлече и поинаков заклучок. Може да се претпостави колкава е добивката од Втората заливска војна.

Колкава е цената за водење на Првата заливска војна и кој ја финансираше? Јавноста смета дека САД ги плати овие трошоци за војната. САД троши околу 10 милјарди или околу 25%. Останатите ги плаќаат Арапските земји како Кувајт и Саудиска Арабија.

[45] Edition.cnn.com/2013/03/19/opinion/Iraq-war-oil-juhas2/
[46] www.ConsumersForPeace. Org./index2ba8html

Ако се запрашаме како е финансирана Првата заливска војна, треба само да ја согледаме цената на нафтата пред почеток на војната и по започнување на воената интервенција.

Пред Заливската војна цената на нафтата за барел изнесува 15 долари, а по завршувањето се искачува на 42 долари по барел. Така добиваат екстра профит од 60 милјарди долари.

Според законот за експлоатација на овој ресурс во Арапските земји кој гласи 50% : 50%, 50% отпаѓаат на владите на овие земји, а 50% одат на сметка на мултинационални нафтени компании кои ги контролираат овие нафтени полиња.

Кој е сопственикот на овие компании?

Истражувањето на резерви и трговијата со нафта на овие простори е доделена на Ексон Мобил, Шел, Шеврон, БП, Есо, Тексако.

Повеќето од овие компании се американски, па така добивката од 30 милјарди на овие компании приближно 21 милјарда припаѓаат на американската влада, а останите 9 на приватниот сектор. Америка доби 20 милјарди само од продажба на нафта, а остатокот до 40 милјарди околу 20 милјарди долари од продажба на оружје. Америка има тотална контрола на целата воена индустрија.

Сега полесно може да се разберат две клучни прашања.

1. Прво војната во Авганистан и
2. Војната во Ирак 2003 година.

Првата цел беше да се инсталира марионетска влада во Авганистан, а потоа да се овозможи непречено инсталирање на нафтоводна линија долга приближно 2500 км која ја испумпува нафтата од богатите централноазиски земји (Узбекистан и сл.) до Арапскиот Залив. Ако оваа линија го заобиколеше Авганистан требаше да биде долга околу 5500 км, и да поминува низ повеќе земји со што ќе беше многу потешко да се контролира и да се одржува континуирана испорака.[47]

За да се пресмета профитот на нафтените компании може да направиме анализа со која ќе земеме неколку варијабили. Секоја варијабила е независна една од друга.

---

47 Who pay for Kuwait/Irak invasion US made 20 bilion dollars profit https:/ muslim nation. Worldpress.com 2006/10/12

1. Може да се земат резерви на нафта кои изнесуваат околу 400 милјарда барели. Проценката на нафтените резерви се земени од индустриски експерти кои ги има објавено Министерството за енергетика на САД. Цената на нафтата која изнесува 1 долар по барел во Ирак (нафтата се наоѓа блиску до површината на земјината кора со што се намалуваат трошоците за нејзина експлоатација како и нејзиниот висок квалитет од која може да се добиваат најразлични нафтени деривати) и цената која е застапена на меѓународниот пазар. Ќе ја земеме цената на нафтата од 2004 како најниска проценка од 21 долар за барел и највисока проценка од 41 долар за барел во услови на зголемување на недостигот со што ќе се влијае и на зголемување на цената на нафтата. Цената на нафтата е земена како просек за наредните 50 години во реални услови земајќи ги предвид инфлациските приспособувања. За да се разбере профитот на нафтените компании во Ирак ќе направиме споредба со профитот на 5-те најголеми нафтени компании во 2002 година која изнесува 35 милјарди долари.[48]. Со нашата проценка во Ирак за една година тоа би изнесувало приближно 95 милјарди или трипати повеќе. Вкупната добивка на нафтените компании влезени во Ирак ќе биде енормно голема сума во наредните 50 години, движејќи се од ниско ниво од 600 милјарди до горно високо ниво до 9 трилиони долари.

Сето ова укажува дека нафтените компании и понатаму ќе останат водечки профитабилни компании. Не е тајна дека англо-американските компании Шел (Shell), БП (BP), Ексон (Ekson), Шеврон (Shevron) имаат огромни желби да завладеат со нафтените компании во Ирак. Планот меѓу Буш и Блер за воената интервенција во Ирак е договорен само 9 дена по нападите на 11 септември 2001 година на приватна вечера во Белата куќа. Во 2002 година се потврдени договорите за воена интервенција и се чуваат во тајност за да се придобијат Владите и меѓународната јавност за злоупотреба на сила.[49] За тесната поврзаност на Буш и нафтените компании зборува и податокот од 2003 година, кога Буш издава извршна наредба број 13303 со која се дава имунитет на нафтените компании за сите активности во Ирак и договори во врска со ирачката нафта.

[48] Globalpolicy Forum-The Iraq Oil Bonanza estimate future profits By Jemas A. Pau
[49] Oil company in Iraq https://www.globalpolicy.org

На истиот ден Советот за безбедност на ОН ја усвојува резолуцијата 1483 со која се креваат поранешните санкции кон Ирак и им се дозволува на окупаторските сили да тргуваат со ирачката нафта, а профитот да се префрла на сметка која ќе биде контролирана.[50]

Во табела 1 се претставени вкупните годишни профити на петте најголеми нафтени компании во светот, за секоја година поединечно во период од 2001 до првата четвртина на 2010 година.




Табела 1.

Табелата 1 е креирена врз основа на годишните финансиски извештаи на петте најголеми нафтени компании во светот.

Од горенаведената табела и претставување на профитот на петте најголеми нафтени компании во светот, за волја на вистината може многу лесно да дојдеме до заклучок дека сите пет доаѓаат од земјите предводнички на воената интервенција во Ирак. Ваквите огромни профити ќе се реинвестираат во нови истражувачки проекти или во некаков вид на заеми во земји со кои ќе

50 www.consumersforpeace.org/index 2ba.html

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Shell** | $10 | $10 | $12 | $19 | $27 | $26 | $32 | $26 | $13 | $5.481 | $181 |
| **ChevronTexaco** | $3 | $1 | $7 | $13 | $14 | $17 | $19 | $24 | $10 | $4.552 | $114 |
| **ConocoPhillips** | $3 | $0 | $5 | $8 | $14 | $16 | $12 | $-17 | $5 | $2.098 | $47 |
| **Combined** | **$39** | **$29** | **$58** | **$84** | **$112** | **$121** | **$124** | **$100** | **$64** | **$25** | **$755** |

Табела 3

| | **Компанија** | **Профит во УСА $ билиони** | **Седиште на компанијата** |
|---|---|---|---|
| 1 | Exxson Mobil | 39,5 | САД |
| 2 | Royal Dutch/Shell | 25,4 | Холандија /Велика Британија |
| 3 | BP | 22,3 | Велика Британија |
| 8 | Chevron | 17,1 | САД |
| 10 | PetroChina | 16,5 | Кина |
| 11 | Conoco Phillips | 15,6 | САД |
| 12 | Total | 15,5 | Франција |
| 17 | Petrobras | 12,1 | Бразил |
| 16 | ENI | 12,2 | Италија |
| 24 | Gazprom | 10,8 | Русија |

Во табела 3, опфатен е годишниот профит на светските нафтени гиганти за 2006 година, преку која се отсликува профитот на американските нафтени компании во споредба со преостанатите светски нафтени гиганти. Профитот на американските компании е драстично поголем, а тоа значително ќе влијае во креирањето на понатамошната надворешна политика на САД.

Шеврон

Според годишниот извештај за 2011 година, остварува приход од 200 милјарди долари исклучиво од нафта и гас. Најголем фактор кој влијае во остварување е цената на суровата нафта, како се движи цената на нафтата таква е и судбината на Шеврон. Во 2009 година врз основа на приходите во 2008, Шеврон од една од најмоќните нафтени компании ја плаќа цената на рецесијата и паѓа на шестото место во 2010 година. По (Ројал Дач Шел, Ексон

се зацврсти позицијата на САД, а наедно и ќе се осигура енергетската безбедност.

Во Табела 2 е опфатен период од 1991 до 1999 каде се земени пет поголеми нафтени компании, повеќето од американско потекло каде што е евидентиран нивниот годишен профит и профитот кој е остварен во периодот од 1991-1999 год.

| Компании | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ExxonMobil | 5 | 5,6 | 4,7 | 5,3 | 5,1 | 6,5 | 7,5 | 8,4 | 6,3 | 54,3 |
| Texaco | 0,92 | 0,72 | 1,06 | 0,71 | 1,6 | 3,5 | 5,9 | 4 | 3,8 | 22,21 |
| Shell | 1,3 | 0,253 | -0,19 | 0,78 | 1,1 | 1,13 | 1,3 | 1,7 | 1,2 | 8,57 |
| Chevron | 2,1 | 1,3 | 1,56 | 1,3 | 1,7 | 0,93 | 2,7 | 3,3 | 2 | 16,89 |
| ConocoPhillips | 0,80 | 0,26 | 0,18 | 0,25 | 0,48 | 0,47 | 1,3 | 0,97 | 0,72 | 5,43 |
| Вкупно | 9,2 | 6,93 | 7,31 | 8,34 | 9,98 | 12,53 | 18,7 | 18,37 | 12,83 | 107,44 |

Табела 2

Во Табела 2, податоците се земени од Форбс и годишните профити на 500 најголеми компании во светот. Табелата е направена поради воочување на разликата од интервенцијата во Ирак од страна на колициските сили во 1991 година, каде всушност Садам Хусаин сè уште останува на власт и достапноста на американските нафтени компании сè уште не е во целост овозможена.

Во табелата 3, направен е преглед на годишните профити на американските нафтените гиганти во период од 2000-2010 (прв квартал). Во третата табела нафтената компанија Тексако е заменета со Бритиш Петролеум бидејќи Тексако е купена од страна на поголемиот американски нафтен гигант Шеврон.

Бритиш Петролеум има интересни сфери на Блискиот Исток и е една од компаниите во западните капиталистички земји која ќе се залага за употреба на воена сила и соборување на Садам Хусеин од власт, што ќе ѝ обезбеди пристап до значајни нафтени ресурси во овој регион.

| Company | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 First Quarter | Total 2001-2010*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ExxonMobil | $15 | $11 | $22 | $25 | $36 | $40 | $41 | $45 | $19 | $6.3 | **$261** |
| BP** | $11 | $7 | $13 | $18 | $22 | $22 | $21 | $21 | $17 | $6.079 | **$153** |

Мобил, БП, Синопек (Sinopec) кинеска национална нафтена компанија ПетроКина).

Во 2010 година профитот на Шеврон се зголемува на 19 милјарди долари за разлика од 2009 година каде што изнесува 10 милјарди. Поголем дел од приходите беа пренаменети кон нови истражувања на алтернативни горива поради високата цена на нафтата преку 100 долари по барел. Достигнувајќи до 200 милјарди долари, Шеврон станува 45 глобална економија во светот со БДП поголем од 183 земји во светот. Нафтените компании ќе ја завршат 2010 година како најпрофитабилни компании.

Ексон Мобил уште пред да го објави профитот во 2007, Си-Ен-Ен (CNN) објавува анализа со која известува дека за секој поскапен долар за барел во цената на нафтата, Ексон прави 125 милиони долари повеќе профит за еден квартал. Од Ексон се очекува дека за 2007 година ќе оствари профит од 39,2 милјарди долари, што може да се каже дека е срамежливо за разлика од 2006 година кога профитот изнесуваше 39,5 милјарди долари. Ако се подели овој профит може да се заклучи дека остварува добивка приближно 75000 долари на минута.

Ексон објавува профит за 2007 година од 40,6 милјарди долари, а по исплатените такси остварува чист профит од 21,5 милјарди долари, оваа сума претставува буџет поголем од буџетот на петте најголеми автомобилски индустрии заедно (Џенерал Моторс, Крајслер, Форд, Тојота и Фолксваген) каде што заедничкиот буџет изнесува 15 милјарди долари.[51]

## 4.3 Трендови во Енергетска безбедност на САД

Според Меѓународната Агенција за Енергетика (IEA), енергетската безбедност ја дефинира како непрекината достапност на извори за енергија по прифатлива цена, предвидува и долгорочни и краткорочни димензии во креирање на енергетската безбедност. Како долгорочна димензија во креирање на енергетската безбедност може да се каже дека главно се темели на навремени инвестиции во изнаоѓање на извори на енергија кои ќе ги задоволат потребите на економскиот развој во одржливи еколошки рамки. Краткорочната димензија во енергетската безбедност е сведена на способноста

[51] https/ the – spark.net

на енергетскиот систем да реагира навремено на ненадајни промени во балансот на понудата и побарувачката.

Недостапноста од енергетска безбедност е тесно поврзана со негативни економски и социјални влијанија. Тоа не е изразено само преку физичка достапност до овој ресурс, туку и преку конкурентни цени и цени кои се премногу променливи. Ако ја отфрлиме стабилноста на цената, која реално и не е најважен фактор, Америка како најголем потрошувач на нафта во текот на последните четири децении преку својата надворешна политика ќе обезбеди далеку значајна позиција во стабилност и снабдување со овој ресурс. За остварување на оваа цел САД воопшто нема да штеди ресурси, луѓе, ниту пак, светски поредок.

Политиката за енергетска безбедност во САД ефективно ќе почне да се реализира по енергетската криза од 1973 година кога на САД ѝ беа воведени санкции од земјите-членки на ОПЕК производители на нафтениот ресурс, поради поддршка на Израел во војната со Египет и Сирија или таканаречената Јомкипурска војна. Оттогаш стратегијата на Министерството за Енергетика на САД секогаш е предводена од идеја за достапноста до овој ресурс во секое време па дури и по секоја цена, а тоа можевме да го уочиме и преку воените интервенции на САД во Блискиот Исток, регион докажан по изобилие на овој ресурс, кој ќе претставува крвоток на индустријата во XX век.

Регионот на Персискиот Залив претставувува природен резервоар со способност да ја задоволи глобалната побарувачка на нафта. За разлика од други региони богати со овој ресурс, потрошувачката во тие региони е доста висока па резервоарите служат претежно да ги задоволат своите потреби, а во регионот на Персискиот Залив потрошувачката на овој ресурс е помала, а еден добар дел е наменет и за извоз во земјите со поголема потрошувачка.

Достапноста на САД до најголемите природни резерви на нафта ќе ѝ овозможи да ја постигне енергетската безбедност, а конзервацијата на овој ресурс како и неговото кординирано користење ќе престане да се применува. Може да се напомене дека од енергетската криза која ја зафати САД во 1973 и воведување на „конзервација“ на нафтата, односно државните енергетски резерви се употребени само во два наврати, и тоа во 1991 година за време на

Првата заливска војна и во 2005 по пустошот што го остави зад себе ураганот „Катрина“[52] .

Огромните профити кои ќе ги остварат американските нафтени компании од евтина експлоатација на овој ресурс во регионот ќе се реинвестираат во истражување на нови наоѓалишта, како и во пронаоѓање на алтернативни извори на енергија што ќе овозможат да ја намалат зависноста на САД од увоз на нафта. Целта ќе биде постигната, САД од најголем увозник на нафта во XXI век ќе помине во земја-извозник и тоа благодарение на револуционерното откритие за добивање на нафта и течен гас преку експлотација на шкрилци.

[52] Daniel Yergin – Ensuring Energy Security
Foreign Affairs –mart/april 2006 vo I85

**Заклучок**

Што може да заклучиме од претходно изведеното? Неколку клучни поенти. Најпрвин, постои предметен интерес на светот за сите аспекти и случувања со регионот на Персискиот Залив. Не само од мировни аспекти, туку и од сопствен, одржлив интерес, но и од оној најважниот – комерцијален интерес. Оној комерцијалниот е беспредметен за посебна научна дискусија, доколку не вродува со сериозни геополитички случувања низ времето. Кога станува збор за овој регион и самото оцртување на геополитичката карта е во соодност со интересите и потребите, па дури и самиот економски развој и општествено диференцирање е директна ситуација на моментите со „црното злато“. Најдиректната геополитичка ситуација е рефлектирана преку интересите на САД за регионот и нафтено-демократскиот серијал во две епизоди наречен „заливски војни“. Двете војни, кои се често дискутирани, се директен резултат на демократската нестабилност на регионот, но и на богатството со нафта. САД, како единствен светски играч во последните три декади, ја имаше улогата на единствен креатор на политиките во и надвор од регионот, па оттука и нивната вклученост во решавање на сите прашања од политичка и економска природа.

Меѓутоа, покрај нивната геополитичка надмоќност, импозантна е и нивната комерцијална потреба од „црното злато“. Соединетите Американски Држави се најсуштински претставник на економскиот систем на капитализмот, кој во последните неколку децении еволуираше во корпорционализам, нешто што добива прагматична геополитичка боја. Во таква насока, импонирачката геополитичка сила се става во функција на економскиот раст и профитот на мултимилијардерските компании, меѓу кои се наоѓаат и редовите на нафтени магнати со американска платформа. Токму заради тоа, во изведеното во магистерскиот труд, неколкупати е поставена очигледноста на интересот на профитот на милијардерските компании, и преку превезот на борбата за демократија и ефектуизирањето на политиката на Соединетите Американски Држави, односно заемниот државнички и корпорациски интерес за приграбување на богатите ресурси во нестабилни подрачја во југозападна Азија.

Како основа за развој и економска моќ на големите сили претставувала достапноста до природни ресурси. Во време на глобализација мултинационалните компании претставуваат важен субјект во креирање на меѓународните односи, а во трудот како цел на елаборирање беше претставен линкот меѓу нафтените компании и надворешната политика на САД. Денес може да кажеме дека американските нафтени компании контролираат значаен дел од нафтената индустрија ширум светот. Природните ограничени ресурси имаат и значајна улога во избувнување на конфликти, односно во зголемување на политичка и воена моќ на многу држави во светот, а посебно на големите сили. Во своето дело *Војна на цивилизации*, Самјуел Хантигон укажува дека ресурсите претставуваат основа за избувнување на конфликти меѓу држави и групи од различни цивилизации. С.Хантигон смета дека „Заливската војна е прва постстудена војна која претставувува судир меѓу цивилизации и која се однесува на ресурси. Дотогаш се поставуваше прашањето дали најголемите светски резерви на нафта ќе бидат контролирани од саудиската влада и владата на Емиратите со воена помош на САД , но по интервенцијата Персискиот Залив стана американско езеро".

Од досега презентираното во трудот може многу лесно да се забележат интересите на американските нафтени компании во Персисикиот Залив, како и нивното влијание во остварување на енергетската безбедност на САД, што всушност претставуваше главна хипотеза на овој истржувачки труд.

Преку Првата и Втората заливска војна се укажува на една од посебните хипотези поставени како основа за елаборирање во овој труд а тоа е стратешкото водење на овие војни од страна на САД, со цел, остварување на контрола врз нафтените ресурси. Преку контрола на овој значаен ресурс го остваруваат и стратешкиот концепт на енергетска безбедност.

Краток осврт во трудот се дава и на другите поставени посебни хипотези за елаборација, а тоа е тесната врска меѓу нафтените компании и американската администрација како и влијанието на нафтените корпорации во креирање на надворешната политика на САД.

Фактот дека нафтата и по завршување на Втората заливска војна и понатаму ќе остане приоритет во креирање на американската надворешна политика, а со тоа и интересите на западните нафтени магнати укажува и истражувањето на Ентони Кордсман од Центарот за стратегија и меѓународни

односи (CSIS). Тој во својот извештај Енергенси – важни трендови 2000-2020, укажува дека во Алжир и во Либија ќе избијат граѓански војни и ќе подлегнат на санкции од меѓународната заедница.  Десет години подоцна, избиваат немири и граѓанска војна, како резултат на откриени нови нафтени резерви и резерви на гас на овие простори. Овој новитет ќе биде предизвик за САД во креирање на нивната надворешната политика.

Во табела 1 се претставени држави-региони во светот кои поседуваат одредени резерви на енергенси :




| | North A | US | Mexico | Canada | Latin A | Venezu | | Europe | | FSU | Russia | Caspian/ | | Middle | Algeria | Iran | Iraq | Kuwait | Libya | Qatar | Saudi Ar | UAE | | Sub Af | Angola | Nigeria | | Asia-Pa | China | India | Indonesi | Malaysia |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Coal | 26 | 25 | 0.1 | 0.9 | 2.2 | | | 12 | | 23 | 16 | 4 | | 0.1 | | | | | | | | | | 6.2 | | | | 30 | 12 | 7.6 | 0.5 | |
| Gas | 4.9 | 3.2 | 0.6 | | 4.6 | 2.8 | | 3.5 | | 38 | 32 | 5.7 | | 35 | 3 | 15 | 2.1 | 1 | 0.9 | 7.4 | 4 | 4 | | 2.8 | | 2.3 | | 6.8 | 0.9 | 0.4 | 1.4 | 1.5 |
| Oil | 6.1 | 2.8 | 2.7 | | 9 | 7.3 | | 1.9 | | 6.4 | 4.6 | 1.8 | | 69 | 0.9 | 8.6 | 11 | 9.2 | 2.8 | 1.3 | 25 | 9.3 | | 3.1 | 0.5 | 2.2 | | 4.2 | 2.3 | 0.4 | 0.5 | 0.4 |

Табела 1.

(Податоците се извадени од американскиот Инсититут за меѓународни и стретешки студии – Клучни трендови 2000-2020)

Од Табелата 1 може да се види дека покрај Блискиот Исток, постојат потенцијали и на Африканскиот континет богати со енергенси како нафта, гас и јаглен. Дали капацитетите кои се распоредени на Африканскиот континент ќе претставуваат причини за револуциите, конфликтите и немирите кои ќе го зафатат овој регион?

Во Либија се откриени резерви на нафта кои се проценуваат на 46,4 милјарди барели, кои претставуваат приближно 3,3% од светските резерви на овој ресурс. Во 2011 во Либија се произведува 1,6 милони барели нафта дневно а извозот на нафта и извозот на природен гас ќе претставува основен двигател на либиската економија. Нафтата главно се извезуваше во Италија, Франција и Германија. Освен Либија, Алжир е уште една африканска земја која има слични проблеми изразени преку политичка нестабилност и судир меѓу одредени групи. Во 2011 Алжир произведува приближно 1,27 милиони барели нафта дневно и најголем дел од приходот го остварува преку извоз во САД.

Со контролирање на САД над овој северноафрички регион всушност ја намалува можноста на земјите-членки на ОПЕК да влијаат во одредување на цената на нафтата, а американската индустрија ќе биде заштитена од недостиг од овој ресурс.

Алжир има и големи резерви на природен гас, во тек е изградба на Југоисточен гасовод кој го поврзува Алжир со Италија и Шпанија каде се извезува приближно 65% од алжирскиот природен гас.

Како научна цел на овој магистерски труд е да се доловат импликациите кои произлегуваат од потребите на овој ресурс. Ако во изминатиов период главна стратешка цел на САД претставуваше да обезбеди пристап до поголемиот дел на светските резерви на нафта, притоа не бирајќи средства дали пристапот ќе биде обезбеден со употреба на воена или економска сила, може да кажеме дека геополитиката водена од САД е успешно реализирана. Успехот во доминацијата го потврдува фактот кој укажува дека САД контролираат речиси 2/3 од светските наоѓалишта на нафта, а американските компании контролираат значаен дел од светската нафтена индустрија и тоа од:

истражување и експлоатација до преработка и формирање на готов производ за потребите на светските пазари. Ваквата доминантна позиција всушност овозможува американската берза да ја одредува цената на нафтата на светскиот пазар.

Дали ваквата позиција на САД ќе биде и во текот на XXI век или на повидок е сила која ќе може да ја преземе водечката улога. Врз основа на спроведените истржувања, алтернативните извори на енергија како: биогорива, енергијата на ветерот на сонцето и слично, сѐ уште не можат да се користат на индустриско ниво, може да кажеме дека природниот гас станува главен ресурс на новиот век.

Во табела 2 е пресликано зголемување на потребите од енергенси во светот во период од 1970-2020 година.




| | 1970 | 1990 | 1998 | 1999 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Oil | 97.8 | 134.9 | 149.8 | 152.2 | 157.7 | 173.4 | 195.4 | 219 | 241.8 |
| Natural Ga | 36.1 | 74.5 | 84.5 | 86.9 | 90.1 | 105.2 | 123.4 | 145.8 | 168.6 |
| Coal | 59.7 | 90 | 89.9 | 84.8 | 97.7 | 95.6 | 104.7 | 112.8 | 122.3 |
| Nuclear | 0.9 | 20.4 | 24.4 | 25.3 | 24.5 | 26.9 | 27.5 | 27.7 | 28 |
| Other | 12.2 | 26.3 | 32 | 32.7 | 32.7 | 37.6 | 41.6 | 46.4 | 50.7 |

Табела 2.

Табелата е преземена од Центарот за Стратегија и Меѓународните Односи Кордесман Ентони „Геополитика и Енергија“.

Од табелата може да се забележи дека во период од 1970–2020 значително се зголемуваат потребите од енергенси и дека во дадениот период приматот ѝ припаѓа на нафтата, но веднаш потоа доаѓа природниот гас што укажува дека има потенцијал во наредното столетие да биде најпотребниот ресурс околу кој ќе се кршат копјата на големите геополитички играчи.

Предноста која ја има САД од позиција на сила како водечка воена сила за контрола на природниот гас многу тешко можат да ја користат. Природниот

гас е распореден во земјата на повеќе локации распространети ширум светот. За да се обезбеди контрола над овој ресурс потребни се поголеми напори, покренување на поголема воена машинерија а тоа значи и големи финансиски трошоци. Еден од важните елементи на гасот е тоа што за неговата испорака во големи количини потребни се фиксирани мрежи а тоа се големи финансиски инвестиции и од земјите кои го испорачуваат и од земјите кориснички на енергенсот. Ваквите големи проекти на инвестирање претставуваат основа за градење на цврсти билатерални и мултилатерални врски. Денес за да се изгради гасовод потребни се повеќе заложби на повеќе земји да ги усогласат условите.

Формирање на светскиот пазар за трговија со природен гас формиран е без значајно влијание на САД. Тоа укажува дека лидерската позиција кога се работи за гасот како енергенс полека ја презема Русија.

САД нема да се откажат лесно од лидерската позиција за контрола на енергенсите, односно контролирање на берзата на енергетскиот капитал. Лесно може да се заклучи дека американската надворешна политика како и нивната стратегија нема да се менува, единствена промена е можна во надворешно политички средства. На американските експерти им останува да пронајдат начин како да ја повратат лидерската позиција на САД во трговија со природниот гас и да се најде начин да се произведе гас од неприродни извори.

Дали позиционирање на рактетниот штит на НАТО на самата граница со Русија значи дека е на повидок нова студена војна, или можеби првите чекори до реална војна меѓу овие две светски сили, а со цел задржување на водечката лидерска позиција. Трката за ресурси е изразена насекаде на Земјината топка, а како најнов пример може да го наведеме војувањето во Сирија каде што како основа за избувнување на граѓанската војна се зема гасоводот кој води од Катар и Емирати преку Сирија до Јужна Европа. Турција ќе се откаже од инвестирање во Јужниот тек а со тоа ќе се истисне влијанието на Русија во земјите од Балканот. Токму тоа е и можната причина за рушење на режимот на Ал Асад кој всушност претставуваше единствен сојузник на Русија за излез на Медитеранското море. За реализирање на овој проект САД на своја страна ја имаат слободната сириjска војска која е поддржана од Турција и Саудиска Арабија во борба со режимот на Ал Асад, додека Ал Асад ја има поддршката на Иран и на Русија.

Од сето ова горенаведено во магистерскиот труд, може да се заклучи дека трката за ресурси во блиска иднина нема да престане, посебно околу надмудрувањето на геополитичката табела меѓу двата главни актери, САД и Русија.

Енергетската безбедност на САД во новиот милениум ќе се темели на диверзификација, ќе се изнаоѓаат алтернативни извори на енергија.

Добивањето на енергија преку нуклеарни централи по настаните што се случија во Фукушима е сè помалку прифателива на меѓународната сцена. Загадувањата на животната средина во поголем дел доаѓаат од согорување на фосилните горива. Идејата за намалување на емисија на јаглерод диоксид е сè поприсутна (418 градови како и некои држави го имаат усвоено Кјото-протоколот иако сојузната влада го нема потпишано). Обновливите извори на енергија како што се ветерот, сонцето, биомасата и сл. не се доволно застапени и не можат да ја покренат американската индустрија. Приближно 24% од енергетската потрошувачка на САД припаѓа на природниот гас. Тој процент постојано расте а полека може и да го преземе приматот на најпотребен енергенс на кој ќе се потпира американската економија. Нафтените магнати одвојуваат милјарди долари од своите огромни профити во истражување на нови извори на енергија. Доказ дека истражувањата не беа залудни покажа и револуционерното откритие на производство на нафта и течен гас преку експлоатација на шкрилци. За првпат во историјата, САД од најголем увозник на нафта премина во земја-извозник. На европските пристаништа пристигнуваат и првите танкери со течен гас произведен од шкрилци, но дали течниот гас може да се транспортира во доволни количини преку танкери на еден пазар како што е европскиот, или тоа е само обид да се намали руското влијание на ова подрачје, кое веќе има воспотавени свои гасоводни мрежи и испораката се одвива речиси непречено. Капацитетите на рускиот гас се огромни и руското присуство преку енергенси на европско тло ќе биде присутно, но и повеќе од тоа, тие своето влијание го насочуваат кон Кина и Пацификот како пазар од неколку милјарди потрошувачи. Дали рускиот гас ќе ја претставувува новата современа „црвена армија“ на Русија и полека ќе ја истиснува Америка како водечка светска сила останува да видиме.

Во новиот милениум трката за нови извори на енергија е започната. Тежиштето на игрите ќе биде свртено кон истражување на Арктикот кој

покажува сè поголемо геополитичко значење поради неистражените лежишта на гас, нафта и на руда. Изборот на новиот претседател на САД, Доналд Трамп, а со него и поставувањето на Рекс Тилерсон, (извршниот директор на Ексон Мобил за нов државен секретар кој ќе го замени Џон Кери) уште еднаш ја потврдува тесната врска на нафтените компании и американската администрација, како и нивното значење во креирање на надворешната, безбедносна и енергетска политика на САД.

БИБЛИОГРАФИЈА


1. *A. Adib-Moghaddam(2006),- The International politics of the Persian Gulf. A cultural genealogy, Routledge 2006, p. 82.*
2. *Abbas Alnasraw-The Economy of Iraq-Oil, wars, Destraction of Development and Prospect 1950-2010*
3. *Aliboni R., Iran and Iraq: Sanctions and Dual Containment. A View from the European Union, Rome: Istituto Affari Internazionali, 2000, http://www.ciaonet.org/wps/air07.pdf, p. 1–4. d problem" Schenkman publishing co*
4. *B. Rubin, The Persian Gulf After The Cold Was: Old Pattern, New Era, „Middle East Re-view of International Affairs (MERIA)", Vol. 3, No. 2 – June 1999, http://meria.idc.ac.il/jour-nal/1999/issue2/jv3n2a6.html 1999, p. 2.*
5. *Benjamin Shmadran(2001) –Middle east oil issues an B. Assadi, Iran and the Persian Gulf Security, Discourse, „An Iranian Quarterly", Vol. 3, No. 1, Summer 2001, p. 119.*
6. *Blood and Oil :The Dengers and Consequences of American's Growing Dependency of Imported Petroleum(American Empire Project)*
7. *Daniel Yergin(2006)-Ensuring Energy security"Foreign Affairs -Mart-April-2006vol 85*
8. *Dr.Bottiger Verlags-GmbH-„Anglo-American Oil Politics and the New World Order"*
9. *Edition.cnn.com/2013/03/19/opinion/Iraq-war-oil-juhas2/*
10. *F.William Engdahl(1999) –„Stolece rata", Novembar1999-Zagreb;*
11. *F.William Engdahl(2012)- Mitovi,lazi I ratovi za naftu-2012-Zagreb;*
12. *Giacomo Luciani(2011) – „Armed Conflict and Security of Oil and Gas Supplies"- June 2011*
13. *-Giacomo Luciani(2011) „Armed Conflict and Security of Oil and Gas Supplies"- June 2011*
14. *H. Hassan-Yari, Iranian Foreign Policy in the Postwar Era, in: Iranian Perspectives on the Iran – Iraq War, F. Rajaee (ed.), Gainesville, University Press of Florida, 1997, p. 143.*
15. *Hantigon Samjiel (2000) „Sukob civiloizacije I preoblikuvanje na svetskok poretk"-Romanov Banj Luka- 2000,*

16. *http://aei.pitt.edu/32068/1/WD_352__SECURE__Luciani_on_Armed_Conflicts*
17. *http://www.eia.gov/pub/oil_gas/petroleum/analysis_publications/chronology/petroleumchronology2000m Schenkman publishing co.*
18. *http://www.observer.co.uk*
19. *http://www.statista.com/statistics/272711/top-global-oil-and-gas-companies-based-on-net-income/*
20. *http://www.worldenergyoutlook.org/media/weowebsite/2012/iraqenergyoutlook/fullrepo*
21. *https://www.iea.org/media/freepublications/security/EnergySupplySecurity2014*
22. *https://www.iea.org/media/omrreports/fullissues/1993-10-06*
23. *International Energy Agency -www..iea.org*
24. *International Energy Agency-Energy supply security-The emergency response of IEA counties 2005*
25. *International Energy Agency-Monthly Oil Market Report 2005*
26. *Iran seeking up to $10 billion in foreign investment this year, „Tehran Time", 15.05.2012, http://www.tehrantimes.com/economy-and-business/97858-up-to-10-billion-of-foreign-investment-planned-this-year*
27. *James Rosen(2015)-Cheny one on one: A candid conversation with America's most controverical ststesman ;November 2 , 2015*
28. *Jelena Radoman(2007)-„Sekjuritizacija energiju kao uvod u energetsku bezbednosnu dilemu"-broj 4, januari-mart*
29. *Jon Meachem(2015) - Destiny and Power:The American Odyssey of George H. W. Bush*
30. *K. Katzman, Iran Sanctions, Congressional Research Service, RS20871, July 16 2012, http://www.fas.org/sgp/crs/mideast/RS20871.pdf, p. 40.*
31. *Kenedi POL, „Uspon I pad velikih sila-eknomska promena i ratovanje od 1500-2000godine" CID-Podgorica,Sluzbeni list SCG –Beograd,2003.*
32. *Klaus Dodds(2007)-Geopolitics;*
33. *-Klaus Dodds-Geopolitics*
34. *M.E Ahravi., Iran in the Post-Cold War Persian Gulf Order, in: The Persian Gulf After the Cold War, M.E. Ahravi, J.H. Noyes (ed.), Westport, Praeger, 1993, p. 82–83.*
35. *M.J. O'Reilly, op. cit., p. 118.*

36. *Michel Klarke(2001)-Resource Wars –The new Landscape of global conflict- 17May 2001;*
37. *Michel Klarke(2005)-Blood and Oil :The Dengers and Consequences of American's Growing Dependency of Imported Petroleum(American Empire Project)- August 2005;*
38. *Mika Purhonen -Dimension of energy security*
39. *-Patrick Tyler and Richard W. Stevenson(2002) profound effect on US Economy seens in the War in Iraq-The New York Times, July 30*
40. *Patrick Tyler and Richard W. Stevenson(2002)-Profound effect on US Economy seens in the War in Iraq-The New York Times, July 30 2002,*
41. *Paul A arts and Michael Remmer-„Oil and the Gulf War"*
42. *Petar Radicevic(1995)-„Mineralne surovine u ratu I miru"-Beograd,*
43. *Robert Baer(2003)-Sleeping with Devil-Crown publishers, New York*
44. *S. Chubin, Iran's National Security Policy: Intentions, Capabilities & Impact, Washington D.C., A Carnegie Endowment Book, 1994, p. 9.*
45. *S. Ilias, Iran's Economic Conditions: U.S. Policy Issues, Congressional Research Service, RL34525, April 22, 2010, http://www.fas.org/sgp/crs/mideast/RL34525.pdf,*
46. *S. Wright, The United States and the Persian Gulf Security. The Foundations of the War on Terror, Ithaca Press 2007, p. 184.*
47. *Stanislav Stankovic(1997)-„Bezbednosni rizici globalizacije"-Belgrad ,1997*
48. *Strategija na nacionalna bezbednost na SAD(2006)-Informativen bilten ,2006*
49. *T. Arango, C. Krauss, Oil Output Soars as Iraq Retools, Easing Shaky Markets, „The New York Times", June 2 2012, http://www.nytimes.com/2012/06/03/world/middleeast/crude-oil-output-is-soaring-in-iraq-easing-markets.html?_r=1.*
50. *The James A. Baker lll-Institute for public police of Rice University-United States and middle east Policies and Dilemma*
51. *The James A. Baker lll-Institute for public police of Rice University-United States and middle east Policies and Dialogs*
52. *The statistical Portal*
53. *The Wall Street Journal-July 2003,*
54. *The Wall Street Journal-July 2003,-*

55. U.S. Department of energy - www.energy.gov

56. White House -www.whitehouse.gov.infocus/energy

57. www.atlanticcouncil.org.

58. -www.statista.com

59. www.statista.com-The statistical Portal

60. Zbignjev Bzezinski( 2001)-„Velika sahovska tabla"-2001, Beograd

61. A U.S. Strategy for sustainable develop security – By David Korany

62. Апостоловска Тошевска, Б. (2011): Индустриска географија, ПМФ, Скопје

63. Биљана Апостоловска-Ташковска(2011)-„Индустриска Географија" - Скопје 2011

64. Ванковска Б.(2011) –Меѓународна безбедност:Критички пристап – Филозофски факултет - Скопје.

65. Виолета Панзевска(2005) – „Прирачник за изработка на студенски трудови"-Филозофски факултет – Скопје,

66. Китевски, Г. (2012): Географски аспекти на геополитичките проблеми и процеси на XX и XXI век, Магистерски труд, Институт за географија, ПМФ – Скопје (ракопис)

67. Мијалов, Р. Китевски, Г. (2015): Современи социо-политички проблеми на Европа, Зборник на трудови, Институт за меѓународна политика, Белград

68. Мијалов, Р., Китевски, Г. (2015): Меѓународно стопанство, ПМФ – Скопје

69. Милевски Т.(2014) –„Енергетска Безбедност"- Скопје: Филозофски факултет

70. Милевски Т. (2010)-„Концепти на светски геополитички поредоци"- Скопје Филозофски факултет;

71. Милевски Т.(2010) –„Политичка географија и геополитика" Скопје – Филозофски факултет;

72. Милевски, Т. (2010) –Безбедносни предизвици на новата американска администрација, Филозофски факултет, Скопје

73. Милевски, Т. (2010): Концепти на нови геополитички поредоци

74. Панзова, В. (2005): Прирачник за изработка на студентски трудови, Филозофски факултет, Скопје

75. Панов, Н. (2002): САД, Селектор, Скопје